Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Филозофски Факултет

# Првата Британска Империја

(магистерски труд)

Ментор:

**Проф. д-р. Никола Минов**

Кандидат:

**Кристијан Ризов**

**Скопје, 2020**

# Предговор

Историјата претставува една комлексна сложувалка, а нашата задача како историчари е да го дадеме својот придонес кон нејзиното решавање. Темите за истражување се многубројни, скоро и неограничени. Проучување на социјални појави и проблеми, создавање на државни творби, нивно издигање и распаѓање, појава на различни политички струења, развитокот на човековиот ум и неговото влијание врз историските процеси, развој на воена технологија, развој на дипломатијата, индустријата, но најважно од сé, користејќи ги овие теми, а и многу други, како предмет на проучување, стануваме покомпетенти да ја оформиме целосната слика, односно да ја завршиме таа голема сложувалка.

Станува очигледно дека е невозможно да ја ограничиме историјата на географски план. Развојот на македонската историографија е импресивен, меѓутоа забележителен е недостигот од стручна литература, трудови и детални истражувања за светската историја на македонски јазик. Светската историја не е „туѓа“. Таа не припаѓа на еден народ, една област, или една држава, туку е дел од човековото минато, исто како што е и македонската историја. Потребата од проучување на светската историја се раѓа со цел да можеме да го разбереме контекстот на геополитичките случувања низ земјината топка, а со тоа полесно би можеле да ја разбереме локалната ситуација, но и да дадеме заклучоци за одредени случувања во нашата држава низ минатото и во сегашноста.

Од овие причини, придонесот со кој би сакал да го збогатам опусот на македонската историографија е проучувањето на историјата на една од најголемите и најмоќните држави кои некогаш постоеле, а тоа е Британската Империја. Позната како „империјата во која што сонцето никогаш не заоѓа“, поради нејзиниот обем и колонијални поседи, влијанието кое што оваа држава го има врз светот и развојот на човештвото е од непроценливо значење. Доколку не посветиме време и енергија на неа, не само што ќе ни недостасува едно големо парче од сложувалката, туку ќе ни биде проблем да се поврземе и со останатите делчиња. Тешко би било да се разбере подемот на големите сили, развојот на дипломатијата, глобалните судири кои доаѓаат до израз во двете светски војни,

како и денешницата во која живееме. Не би можеле да го разбереме ни подемот на индустријата, капиталистичкото општество, технолошките напредоци кои денес на човештвото му овозможуваат поголема блискост од било кога во минатото, како и глобализацијата. За крај, не би можеле да ги разбереме ни филозофските појави, идеологии, либерализмот, конзервативизмот, капитализмот и комунизмот, и ниту ниедно струење кое произлегува од различните движења низ денешните демократски општества.

Развојот на Велика Британија ќе ја доведе државата и до ситуација во која таа ќе игра клучна улога на голема сила во „источното прашање“ од крајот на осумнаесеттиот до почетокот на дваесеттиот век, во кое директно е инволвиран и македонскиот народ. Така можеме да забележиме уште една потреба од проучувањето на оваа држава, да го разоткриеме нејзиното минато, нејзините карактеристики, и најважно од сѐ да ги осознаеме нејзините политички цели во овој период. Наместо да ја гледаме како една мистериозна и непозната страна обвиена со магла и прашалници, ќе успееме да ги разјасниме нејзините одлуки и нејзината позиција во овој конфликт кој за нас се чини дека е регионален, меѓутоа во контекст на останатите држави претставува еден глобален судир на интереси.

Потребата од проучување на оваа тематика ме инспирираше да го понудам мојот магистерски труд, со цел тој да служи како една алатка која би била од помош за нашата историографија, нешто што идни истражувачи и студенти ќе можат да го користат како појдовна точка, референца, или барем како помагало за да ги продлабочат сопствените истражувања на слични или поврзани теми. Со цел да се разбере постанокот на државата и дефинирањето на нејзините карактеристики, но и да се оддели од патот кој ќе го следи во подоцнежниот период, историјата на Велика Британија ја делиме на „прва“ (1707-1783) и „втора“ (1783-1931) британска империја. Ова е дело за првата британска империја, односно зачетоците и подемот на таа држава, која постојано ќе биде во центарот на сите големи случувања на политички, економски и општествен план.

# Вовед

Големите географски откритија од крајот на 15 и почетокот на 16 век засекогаш ја промениле геополитиката во Европа и Светот. Со тоа што општеството влегло во нова ера на поморска трговија, дошло до промена и во приоритетите на државите кои претендирале кон светска хегемонија. Главна цел на потенцијалните хегемони станало контролирањето на стратешките трговски пунктови, како и освојувањето на големи колонијални пространства во „Новиот свет“, од каде би црпеле ресурси и суровини кои потоа би биле искористени во домашното производство. На тој начин дошло до напуштање на старите феудални традиции и нивна замена со политика на меркантилизам, при што целта била да се стави акцент на производството во внатрешноста на државата, како и оттргнување од зависноста од надворешни снабдувачи, со што државата би ја засилила својата моќ на пазарот. Ваквите политики доведувале до поголема централизација на моќта во државата, која резултирала со создавање на апсолутистички монархии, што, пак, било нужна фаза кон носењето на Устав и поделбата на власта.

Од друга страна, на општествен план дошло до појава на Реформацијата, односно алтернативно толкување на христијанството наречено „протестантство“. Реформацијата претставувала масовно движење при кое црковни припадници се стремеле да извршат промена во начинот на кој што функционирала католичката црква. Всушност, зад сите овие религиозни толкувања се криеле идеи кои извршиле влијание врз либерализацијата на тогашното општество и довеле до ослободување од стегите и моќта на Рим и католичките свештеници.

Сите овие настани оделе во прилог на кралството Англија – едно од двете кралства на најголемиот од британските острови.[1] Со оглед на својата географска положба, а имајќи ја предвид зголемената важност на поморската трговија за сметка на континенталната, Англија имала можност да се истакне како поморска сила. Оваа поволна позиција била најсоодветно искористена за време на владеењето на Елизабета I (1558-1603), кога биле направени првите сериозни

[1] Второто кралство, северно од Англија, било кралството Шкотска.

инвестиции во бродоградежништвото и поморството. Од друга страна, Реформацијата била искористена за англиските монарси да ја зацврстат својата моќ. Со прифаќањето на англиканството како форма на протестантизам, Англија се оттргнала од римокатоличкото влијание, што, пак, овозможувало економска и политичка слобода. Црквата во Англија била под врховно управителство на Елизабета I, а одделувањето од католицизмот и фактичката независност на Англија биле потврдени во 1588 година, кога англиската морнарица ја поразила големата шпанска армада на католикот Филип II од Шпанија.

По смртта на Елизабета, која не оставила директен наследник, на престолот на Англија седнал Џејмс VI од Шкотска, кој како англиски монарх станал Џејмс I од Англија (1603-1625). И покрај прифаќањето на двете круни, сепак Англија и Шкотска продолжиле да егзистираат одделно, со посебни парламенти и две различни цркви. Сепак, поставувањето на шкотскиот крал на англискиот трон претставувало прв чекор кон идното обединување. За време на владеењето на синот на Џејмс, Чарлс I (1625-1649) дошло до судир помеѓу кралот и англискиот парламент. Оваа битка за внатрешна превласт резултирала со граѓанска војна во Англија, во која Чарлс го изгубил животот, а парламентот триумфирал. Во периодот што следувал, дошло до создавање на т.н. Англиски Комонвелт, предводен од Оливер Кромвел, при што Англија, Шкотска, Велс и Ирска биле формално под републиканска власт, а де факто под воена диктатура. Иако ваквата власт била неефективна и се потпирала единствено врз популарноста и воената моќ на Кромвел, сепак била јасна насоката по која ќе се движат политичките односи на британските острови. Во 1660 година, само една година по смртта на Кромвел, Парламентот го повикал синот на Чарлс I, неговиот истоименик Чарлс, да се врати од егзил и да прифати да владее со државата. Чарлс прифатил, монархијата била реставрирана, но веќе било јасно дека во иднина кралот веќе нема да има апсолутна власт и дека главен збор во државните работи ќе има Парламентот.

Последната голема турбуленција на внатрешен план во Англија се случила кога по смртта на Чарлс II на престолот се искачил неговиот брат Џејмс II и VII (1685-1688), кој се обидел да го врати католицизмот на голема врата во Англија,

поради што бил протеран, а на негово место дошла ќерка му Мери II, која владеела заедно со нејзиниот сопруг Вилијам III Орански – дотогашен штадхолдер на Обединтетите нидерландски провинции. Со цел да се спречат идни обиди за религиски наметнувања и загрозувања на англиската независност, во 1701 г. бил донесен „Актот за спогодба“ со кој за идни наследници на тронот биле назначени протестантските наследници на Софија од Хановер, внука на Џејмс VI и I. Дополнително било наведено дека секој кој што ќе ја прифател римокатоличката вероисповест или ќе се венчал за католик, станувал невалиден за наследувањето на англискиот трон.

Како заклучок на овој краток историски вовед кон историјата на Велика Британија во 18 век, можеме да резимираме дека во 17 век биле исцртани контурите на општественото уредување во Англија и насоките кон кои ќе се движи британската надворешна политика. Релативната островска изолираност природно ја наметнала задачата да стане поморска сила, додека протестанството овозможило да се оттргне моќното католично влијание. Од друга страна, граѓанските војни во Англија го дефинирале општественото уредување и ја наметнале превласта на Парламентот над монархот, со што моќта на владетелот била регулирана и контролирана. Единствен преостанат чекор на внатрешен план било формалното обединување на англиското и шкотското кралство во една компактна држава.

## Обединувањето на Британија

Судбините на кралството Англија и кралството Шкотска долго време биле испреплетени, а политичките дејствија на едните речиси секогаш имале директно влијание врз политичките потези на другите. Врската помеѓу двете кралства била истакната на 24 март 1603 г., кога по смртта на Елизабета I крал на Англија станал токму кралот на Шкотска - Џејмс VI.[2] Поседувањето на две круни од страна на еден крал не била невообичаена практика во овој период. Оттука и поставувањето на иста личност на двата престола не значело и формално обединување на државите, бидејќи и во минатото слични унии не резултирале со обединување. Така, на пример, шпанскиот крал Филип II, од 1581 г. ги поседувал круните на Шпанија и Португалија,[3] а познат е и случајот со Полско-Литванскиот Комонвелт кој најпрво бил унија, а дури потоа прераснал во обединета држава.[4] Меѓутоа, и покрај тоа што симболичната унија помеѓу Англија и Шкотска не значела целосно обединување, во пракса претставувала прв чекор кон таквата цел. На почетокот на 17 век, Англија и Шкотска сè уште имале посебни парламенти и управната власт била во рацете на локалните елити. Но по „Обединувањето на Круните“ (Union of Crowns), двете кралства станале поприврзани од било кога дотогаш и започнале да преземаат и заеднички политички дејствија. Пример за ова е вложувањето во колонизацијата на Улстер,[5] каде што во раниот 17 век со заеднички англиски и шкотски сили биле создадени плантажни колонии.[6] Ирска во тој период номинално претставувала кралство, меѓутоа островот често бил користен за економските интереси на англиската круна. Со колонизацијата на Улстер биле отстранети локалните ирски католички земјосопственици, кои биле заменети со илјадници семејства од Англија и Шкотска.[7] Интересно е да се напомене дека токму оваа

---

[2] Kenneth O. Morgan, *The Oxford History of Britain* (Oxford: Oxford University Press Revised Edition, 2010), 325.

[3] Will & Ariel Durrant, *The Story of Civilization, Vol. VII - The Age of Reason Begins (*New York: Simon and Schuster, 1961), 278-285.

[4] Исто, 506-508.

[5] Област на островот Ирска која географски кореспондира со денешната држава Северна Ирска.

[6] P. J. Marshall, *Oxford History of the British Empire, Vol. II. The Eighteenth Century* (Oxford: Oxford University Press, 1998), 9.

[7] K. O. Morgan, *The Oxford History of Britain*, 353.

колонизација денес ја претставува главната причина поради која Северна Ирска одбива да стане дел од Република Ирска и тамошниот народ се чувствува како британски, поради што е решен да остане во Обединетото Кралство. Во секој случај, настапот во северниот дел на Ирска го означува првото обединето делување на политички план на двете држави, Шкотланѓани и Англичани се населиле на исто место, па така почнало да станува јасно кон каков епилог ќе доведат акциите на двете здружени сили.

Седумнесеттиот век бил еден од најтурбулентните на британските острови, но кон крајот на истиот состојбата почнала да се стабилизира. Погледот на претприемчивите Англичани и Шкотланѓани се пренасочил кон запад, а внатрешно-политичките борби биле заменети со борбата за колонизација на „Новиот свет“. Колонизацијата нудела можности за полнење на државната каса, економска стимулација, територијална експанзија и престиж. Од географски аспект, британските острови ја имале можеби најповолната положба за избивање во колонизаторските води. Изолирани од копнена Европа, народите во Британија тешко можеле да бидат воено загрозени. Единствениот начин за да бидат целосно поразени бил доколку непријателските воени единици се пренесат преку морето со бродови, стапнат на британското копно, и војските се судрат на тврда почва. Англичаните биле свесни за ова и токму оттука се родила идејата за осигурување на британското копно од надворешна инвазија. Клуч, пак, за ваквото осигурување била контролата над Шкотска. Стратешкото значење на Шкотска било големо. Стрмните планини и ридови на западот претставувале цврста подлога за инвазиони сили, кои би можеле скришум да се истоварат на островот, а нивната потенцијална соработка со Шкотланѓаните би го олеснила истоварот на војските и каналите на движење кон Англија. Впрочем, традиционално, а особено во 17 и на почетокот на 18 век, во Шкотска се наоѓале и најголемите политички противници на Англичаните.[8] Било јасно дека само преку целосна контрола на Шкотска, Англија би се обезбедила од копнена наезда од непријателска сила.

Клучен момент за конечното обединување на двете држави била токму

[8] J. S. Bromley, *The New Cambridge Modern History, Vol. VI: The Rise of Great Britain and Russia: 1688-1715/25* (Cambridge: Cambridge University Press, Cambridge Histories Online, 2008), 256-257.

колонизацијата. Шкотланѓаните и самите сакале „парче од колачот“ и решиле да се вклучат во обидите за колонизација на Новиот Свет. За таквите цели во 1695 г. била создадена *Компанијата за Шкотска Трговија до Африка и Индите* (Company of Scotland Trading to Africa and the Indies), која иако на почетокот била создадена за да ги заобиколи регулативите на *Англиската Источно-Индиска Компанија* (English East India Company), во 1696 г. станала основен дел од шкотските колонизаторски планови и алатка на шкотското кралство.[9] Компанијата го презела потфатот наречен „Дариеновата шема“, која предвидувала создавање на колонија наречена *Каледонија* на Дариеновиот Залив во Панама. Овој обид завршил катастрофално за Шкотска. Имено, во јули 1698 г. испловиле пет шкотски бродови со 1200 луѓе кои во ноември пристигнале и го создале градот Њу Единбург (New Edinburgh). Проблемот бил што оваа територија била во контролната зона на Шпанската Империја, а англискиот/шкотскиот крал Вилијам III не сакал да ги наруши односите со Шпанија, поради што во јануари 1699 г. им наредил на останатите англиски колонии да не соработуваат со шкотската.

Шпанците, кои сега имале одврзани рацете за дејствување, почнале да подготвуваат експедиција против Шкотите, но неповолните прилики во самата колонија како гладта, болестите, нарушената трговија и паниката од шпанска инвазија предизвикале напуштање на колонијата од страна на голем дел од доселениците, при што останале само 400 лица. Шкотското кралство се обидело да прати сили за помош, но овие само делумно ја одложиле пропаста на колонијата. Во март 1700 г. Шпанците извршиле блокада врз колонијата, а на 11 април истата година Шкотите конечно капитулирале.[10] На тој начин, обидите на кралството Шкотска да стане колонијална сила завршиле неславно..

Неуспехот на колонијата ја втурнало Шкотска во сериозни економски проблеми. Обидот за колонизација бил инвестиција која требало да донесе долгорочен профит, но потрошила огромен дел од државниот буџет. Проектот се распаднал од старт, носејќи ја Шкотска на раб од банкрот. Токму во оваа пригода Англичаните ја виделе својата можност за остварување на долгорочните цели. Во

[9] Nicholas Canny, *The Oxford History of the British Empire, Vol. I. The Origins of Empire. British Overseas Enterprise to the close of the Seventeenth Century* (Oxford: Oxford University Press, 1998), 258.
[10] *The New Cambridge Modern History*, Vol. VI, 360.

овој период на тронот на Англија седела кралицата Ана (1702-1714), сестра на Мери II.[11] Токму на Ана и нејзините министри им се препишува извонредниот успех во конечното обединување на двете држави. Преговорите за обединување започнале во 1705 г. во Лондон, каде биле утврдени основните точки: Двете држави ќе бидат обединети во кралството Велика Британија, а Шкотланѓаните ќе го поддржат „Актот за спогодба“, кој гарантирал дека следниот крал на државата ќе биде припадник на династијата Хановер, на што Шкотланѓаните се согласиле бидејќи тоа значело дека наследник на кралицата Ана ќе биде Софија од Хановер, внука на Џејмс VI и I (кој оригинално бил Шкот). Биле утврдени и финансиските детали од обединувањето, при што на Шкотска ѝ биле исплатени 398.000 фунти кои го покриле губитокот од колонијалната „авантура“.[12] Ова било и своевидна инвестиција од страна на Англија, бидејќи со унијата била отворена слободна трговија со Шкотска, при што на англиското производство му биле отворени нови пазари, што секако влијаело врз обогатување на англиските трговци.[13] Двата парламента се споиле во еден (сега наречен британски) парламент, во кој Англичаните ги задржале своите дотогашни места, додека 45 Шкоти влегле во долниот дом, а 16 во горниот дом. Биле утврдени и гаранции за шкотската презвитеријанска црква која дотогаш често била јадро на несогласување помеѓу двата народа.[14] Договорот бил прифатен од страна на шкотскиот парламент на 16 јануари 1707 година, со што бил потпишан првиот „Акт за унија“, а вториот акт бил потврден со ратификувањето на договорот од страна на кралицата Ана на 6 март истата година. Двете кралства се обединиле во Кралството Велика Британија, под еден парламент и со целосно слободна трговија. Крстовите на знамињата, англиското на Свети Георги и шкотското на Свети Андреа, биле споени во едно знаме, знамето на Унијата.[15]

Главната директна последица од ваквата унија била тоа што сега на островот Велика Британија постоела само една држава која претставувала

---

[11] Will & Ariel Durrant, *The Story of Civilization, Vol. VIII - The Age of Louis XIV* (New York: Simon and Schuster, 1963), 305.
[12] *The New Cambridge Modern History, Vol. VI*, 277.
[13] Roy Porter, *English Society in the 18th Century* (London: Penguin Books; Revised Edition, 1990), 202.
[14] *The New Cambridge Modern History, Vol. VI*, 276.
[15] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. VIII*, 308.

обединет фронт. Пред тоа, сè додека двете држави егзистирале, Шкотска постојано била гледана како држава која може да се искористи против Англија кога некоја друга надворешна сила сака да ги загрози англиските интереси. На оваа карта најчесто играла Франција, вечниот конкурент на Англичаните, која ја користела Шкотска како алатка, поттикнувајќи ги шкотските благородници на воени дејствија. Ваквите тенденции за провоцирање на шкотски отпори продолжиле и непосредно по обединувањето (особено во време на Војната за шпанското наследство која ќе биде разгледана во наредното поглавје), меѓутоа со драстично намален ентузијазам. Унијата предизвикала обострано препознавање на фактот дека двата народа, Англичаните и Шкотланѓаните, си се потребни едни на други. На Шкотланѓаните им биле отворени вратите за стимулација на едукацијата, потврдено од фактот што за помалку од еден век многу Шкоти се нашле на угледни позиции во државата. И покрај тоа што тие не потекнувале од некакво благородничко семејство со „педигре“, својата положба во општеството ја добиле благодарение на солидното образование.[16] Дополнително, поради тоа што за шкотските сточари се „отвориле“ нови пасишта во Англија, огромен подем доживеало и шкотското сточарство. Ленот за производство на постелнини добил многу повеќе на значење, земјоделството и инудстријата се модернизирале, а бил забележан и напредок во рударството и трговијата со метали.[17] Сето ова несомнено предизвикало компактност во новото кралство Велика Британија.

---

[16] *The New Cambridge Modern History, Vol. VI*, 279.
[17] R. Porter, *English Society in the 18$^{th}$ Century*, 35.

# Учеството во Војната за шпанското наследство

Паралелно со настаните во Британија и процесот на обединување, се случувал еден друг значаен настан за историјата на Европа. Се подготвувала подлогата за почеток на воениот конфликт кој денес го нарекуваме *Војната за шпанското наследство*. Бидејќи војната започнува во 1702 година, на учеството на Британците сè до 1707 г. кога се создава кралството Велика Британија, ќе се обраќаме како на учество на Англичаните.

## *Причини за војната, улогата на Англичаните, и нејзиниот почеток*

Иднината на Шпанската империја претставувала своевиден проблем на секоја држава која била засегната од политичките работи во Европа, па поради тоа речиси цела Европа земала учество во овој конфликт. Шпанците територијално поседувале огромна империја која се простирала од Филипините, преку Италија и Сицилија, до Америка. Владетелот на Шпанија, Карло II, немал наследник. Поради ова, францускиот крал Луј XIV инсистирал дека наследник на престолот треба да биде припадник на француската кралска династија – Бурбони, бидејќи неговата покојна жена, Марија Тереза, била сестра на Карло II. Главната сила која се спротивставила на ова тврдење била Хабсбуршката Монархија, чиј владетел Леополд I имал слична причина за наследување на тронот.[18] На тој начин, прашањето за наследникот на шпанскиот престол, всушност било борба помеѓу бурбонските и хабсбуршките династички интереси. Бидејќи во овој период на престолот на Англија седел Вилијам III, кој воедно управувал и со Обединетите Провинции на Холандија, Англичаните и Холанѓаните имале цврст сојуз и стравувале од потенцијалот шпанскиот престол да биде наследен од Бурбон или Хабсбург и од обединување на Шпанија со Франција или со Хабсбуршката Империја, што би било кобно за интересите на Англичаните и интегритетот на

[18] Леополд се надевал дека на шпанскиот престол ќе успее да го смести неговиот син, надвојводата Карл, додека за негов личен наследник го сметал својот најстар син Јозеф. Со тоа би било задржано хабсбуршкото влијание во Шпанија, бидејќи и самиот Карло II бил со хабсбуршко потекло.

Холанѓаните.[19]

Вилијам III се обидел да биде медијатор помеѓу Франција и Хабсбурзите со цел на дипломатски начин да се реши конфликтот пред тој да ескалира во војна. Ваквите обиди не вродиле плод. Во ноември 1700 година, Карло II починал, а во својот тестамент навел дека за наследник на својата држава го назначува Филип од Анжуј, кој бил внук на Луј XIV, надевајќи се дека ова нема да биде проблем бидејќи Филип не бил директен наследник на францускиот трон. Неуспехот на дипломатијата, тестаментот на Карло II и писмото кое шпанското регентство го испратило до Луј XIV, изјавувајќи дека се подготвени да го пречекаат Филип од Анжуј како свој нов крал, биле клучни во одлуката на Луј да го испрати Филип во Шпанија, иако самиот бил свесен дека ја втурнува неговата држава во војна.[20]

Искачувањето на Филип од Анжуј (сега познат како Филип V) на шпанскиот трон фактички значело обединување на француската и шпанската држава. Англичаните сфатиле дека нивните интереси се драстично загрозени. Сега приоритетот на Англија бил да се спречи експанзионистичката политика на Луј XIV кој и пред тоа претендирал на освојување на Холандија, што би била голема стратешка победа поради поволната географска положба на оваа територија која била полна со пристаништа и во одлична позиција за пловење кон Новиот Свет. Од тука се родил агресивниот став на Англичаните и нивната желба да се спротивстават на француските трговски интереси, а воедно и да ја искористат ситуацијата за да ги наметнат своите. Дополнително, Англичаните се чувствувале загрозени поради тоа што Луј XIV дал поддршка на Џејмс Стјуарт, син на протераниот Џејмс II, за враќање на англискиот и шкотскиот трон.[21] Поради ова, англискиот парламент му дозволил на Вилијам огромни суми за да создаде сојузи кои ќе го ограничат француското влијание, а и самиот тој во јули 1701 г. преминал во Холандија со цел симболично да застане против францускиот експанзионизам. На 7 септември 1701 г. во Хаг бил потпишан договор за сојуз помеѓу Англија, Обединетите Провинции и Хабсбуршката Монархија, кои се обврзале за целта да биде задоволување на Императорот (Леополд I) во своите интереси за шпанското

---

[19] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. VIII*, 699-701.
[20] Исто, 700-702.
[21] K. O. Morgan, *The Oxford History of Britain*, 402-403.

наследство и обезбедување на власта и поморската трговија на Англичаните и Холанѓаните. Со овој договор конечно била поставена подлогата за војна. Во март 1702 г. Вилијам починал, а на 15 мај трите сили ѝ објавиле војна на Франција[22].

## *Воените придобивки и зацврстување на моќта*

Можноста на Англија да создаде моќен сојуз и да финансира сопствена воена сила се должи на значителниот трговски суфицит кој го стекнала во овој период. Благодарение на поволната економска положба, Англија била во можност да ги мотивира државите сојузнички – со субвенции и со исплаќање на трошоци – да продолжат да војуваат и да се одржи обединетиот фронт. На Англичаните им било јасно дека успехот во војната и потенцијалните придобивки ќе имаат далеку позначителни позитивни последици врз нивната економија, и дека ќе ги засенат субвенциите и воените трошоци. Внимателно испланираната политика на внатрешен и на надворешен план се главната причина зошто тие преземаат толкав товар низ текот на војната, со оглед на тоа што ризикот и инвестицијата би резултирале со можност за огромна награда.[23]

На сојузниците им се придружиле и Данска, Прусија, Хановер и некои од помалите германски државички, а подоцна и Савоја и Португалија, додека на страната на Франција застанале само Баварија и Келн.[24] Меѓутоа, тука нема да се задржиме на војната во целост, туку само на англиското т.е британското учество во истата. Смртта на Вилијам не променила ништо во размислувањето на Англичаните во врска со војната, бидејќи новата кралица Ана ја продолжила истата политика. Меѓутоа, доаѓањето на Ана на престолот придонело за појавувањето на една личност на воената сцена, човекот кој ќе ја предводи војската и кој ќе бележи сериозни успеси во разни битки, а тоа е Џон Черчил – војвода од Марлборо. Марлборо[25] станал капетан-генерал на експедиционите

---

[22] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. VIII*, 703-705.
[23] Jeremy Black, *A System of Ambition? British Foreign Policy 1660 - 1793* (Phoenix Mill – Stroud – Gloucestershire: Sutton Publishing Limited; 2nd edition, 2000), 168-169.
[24] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. VIII*, 706.
[25] Англичаните на војводите им се обраќале според областа со која што тие управувале, која била суштинскиот дел од нивната титула, па поради тоа Џон Черчил и ние ќе го нарекуваме

сили и се наметнал како главен лидер на копнената армија, а под негова контрола често биле и холандските сили. И покрај брилијантноста на овој командант, на англиските политичари не им се допаѓало тоа што иницијативата за борба се одвивала по копно, претпочитајќи нивните активности да останат по море. Сепак Марлборо продолжил да навлегува низ рајнската област и да се бори со француските сили онаму каде што ќе ги сретне.[26]

Морнарицата, од друга страна, имала задача да го блокира Пиринејскиот Полоустров и да успее да изнуди пробивање до Медитеранот, задача која не успеала да ја оствари така лесно. И покрај почетните неуспеси, сепак во октомври 1702 г. англиската флота успеала да потопи неколку шпански бродови кои носеле залихи. Резултатот од ова било потврдување на поморската доминација и принудувањето на Португалија да се приклучи на сојузот. Всушност се работи за договор од два дела (првиот дел бил воен, а вториот економски), при што првиот бил потпишан во мај, а вториот во декември 1703 година. Овој договор бил клучен за идниот успех на Англичаните, како што ќе видиме, не само директно во војната туку и пошироко. Со тоа што Португалците ги отвориле своите пристаништа на англиската флота, флотата можела лесно да ги загрози француските и шпанските позиции на Медитеранот. Договорот бил значаен и доколку ја занемариме војната, а се фокусираме на економскиот аспект. Португалците ги отвориле бразилските пазари за текстил каде Англичаните ќе можат да ги пласираат своите производи, додека англиските пазари биле отворени за португалските вина.[27] Всушност, ваквата соработка била само продожение на долготрајното англиско-португалско пријателство кое денес се смета за најдолготрајниот сојуз во светот помеѓу две држави, а потекнува уште од 1386 г. кога бил потпишан договорот во Винзор.[28] [29]

---

Марлборо.

[26] *The New Cambridge Modern History, Vol. VI*, 415-417.

[27] Исто, 419.

[28] A. R. Disney, *A History of Portugal and the Portuguese Empire, Vol. I*. (Camridge: Cambridge University Press, 2009), 120.

[29] Овој договор за сојуз бил клучен во периодот кога Португалија се зацврстувала како држава. Дипломатите на португалскиот крал Жоао I успеале да стигнат до англискиот крал Ричард II во мај 1386, при што претставниците на двете држави склучиле сојуз со кој секој крал се согласувал да испрати војска и морнарица до другиот кога постои опасност по суверенитетот на државата, а биле склучени и реципрочни трговски права за граѓаните на едната држава на територијата на другата. Ричард се согласил и да се бори против секој што ќе се обиде да го

Меѓутоа интересно е што ваквиот поволен договор за Англичаните всушност се одразил негативно врз војната. Со вклучувањето на Португалија како држава сојузничка, сега и Пиринејскиот полуостров станал воен фронт кој не бил замислен во плановите на првичните три сојузници. Меѓутоа сето ова било резултат на надмоќта која Англичаните ја покажале во текот на војната, нивното издигнување како најмоќниот сојузник, а преку тоа ја стекнале позицијата да ги диктираат условите онака како што им одговара.[30] Доколку гиземеме овие факти во предвид, станува јасно дека Англија уште на самиот почеток од војната успева да ги оствари своите лични цели. Идејата за искористување на поволна ситуација за задоволување на државни планови е вообичаена практика која ја забележуваме кај многу држави низ историјата. Таа не се родила токму тука и токму кај Англичаните, но сигурно е дека ваквиот воено-дипломатски успех извршил извесна мотивација врз државата за идните вакви походи кои ќе бидат секојдневие во политиката на британската империја.

Во меѓувреме Марлборо успеал со војска од 40.000 да се пробие дури до Баварија, каде на 13 август 1704 г. кај селото Блиндхајм близу реката Дунав бил забележан еден од најзначајните судири во кој сојузниците биле триумфални. По оваа победа Баварија била окупирана од страна на Хабсбурзите до крајот на војната, а Французите загубиле значаен сојузник.[31] Токму по оваа битка на сите им станала јасна улогата која војводата ја имал во војната, и оттогаш тој уживал огромен престиж и слобода во организирањето на движењата на војските - несомнено, победа на Англичаните на уште едно поле.

Сепак, подвигот на Марлборо не бил најголемиот успех кој Англичаните го забележале во август 1704 година. На 3 август било освоено најзначајното стратешко упориште кое ќе се покаже клучно во подемот на британската империја, местото кое до денес е тесно поврзано со Обединетото Кралство на Велика Британија и Северена Ирска, областа од која тие одбиваат да се откажат поради нејзината огромна важност – Гибралтар. Доволно е да погледнеме географска

детронира Жоао, додека Жоао на Ричард му испратил дел од својата флота. Благодарение на ваквата меѓусебна помош во овие клучни моменти од историјата на Португалија, двете држави и денес се сметаат за традиционални пријатели на политички план.

[30] *The New Cambridge Modern History, Vol. VI*, 419-420.

[31] Исто, 422.

карта за да ни стане јасно што претставува Гибралтар. Тоа е точката низ која секој брод мора да помине доколку сака да влезе на Медитеранот, или да излезе од него. Преку Гибралтар може по морски пат најбрзо да се влезе во внатрешноста од Европа и да се контролира трговијата и продуктите кои циркулираат помеѓу Стариот и Новиот свет. Бидејќи на местото сѐ уште не биле изградени утврдувања, сојузниците лесно успеале да го освојат. Истата година, два француски напади биле неуспешно извршени врз Гибралтар, меѓутоа поставениот гарнизон херојски се одбранил од опсадата и останал под сојузничка контрола.[32]

### *Завршна фаза*

Набрзо ќе се покаже дека овие две победи всушност го поставиле епилогот на војната, која сепак ќе продолжи уште девет години. Француската позиција никогаш нема да се подобри и покрај нивните очајни обиди, а никакво влијание врз војната нема да има ни смртта на императорот Леополд I и доаѓањето на престолот на Јозеф I, кој ја продолжил дотогашната хабсбуршка политика. Марлборо навлегол во Франција, каде иако забележал извесни воени успеси, сепак во интерес на војната бил принуден да се повлече кон Холандија од каде што лансирал повремени напади против француската војска.[33] Кон крајот на 1706 г. биле исполнети главните точки од замислата на првичните сојузници. Се чинело дека војната е завршена, меѓутоа преостанал шпанскиот проблем и идејата да се стави цела Шпанија под контрола на Хабсбурзите, со што тотално би се елиминирало француското влијание, а на Франција би ѝ бил зададен одлучувачки удар. [34] Поради ваквите замисли војната продолжила, меѓутоа Англичаните поседувале доволно слобода за да можат да ги регулираат внатрешните работи, па токму затоа во овој период било извршено обединувањето со Шкотска и постанокот на кралството Велика Британија.

Сега кога фокусот на војната бил ставен врз Медитеранот, Британците успеале да забележат уште неколку значајни успеси низ текот на 1708 година.

---

[32] Исто, 423.
[33] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. VIII*, 708-711.
[34] *The New Cambridge Modern History, Vol. VI*, 430.

Британската флота ја освоила Сардинија и им ја препуштила на управување на Хабсбурзите, додека за себе го задржале островот Минорка (еден од Балеарските острови). Овој остров бил користен за бродовите да презимат низ текот на своите патувања, односно тој станал уште една точка од контролата врз Медитеранот, додека Британците ја зацврстувале својата позиција како господари врз ова море.[35] Во март истата година се случил и обидот на синот на Џејмс II, наречен Џејмс Стјуарт – Стариот Претендент, со помош на шкотските благородници и Јакобитите[36] да биде поставен на престолот, меѓутоа овој обид завршил патетично кога бродовите со кои тој исловил не успеале ни да се приближат до британското копно.[37] Се чини дека унијата на Англија и Шкотска се покажала како квалитетен потег.

Кон крајот на 1709 г. веќе сè било завршено, освен конечниот мир. Неуспехот за таа конечна разврска од конфликтот се должи на несогласувањето меѓу Велика Британија, Хабсбуршката Монархија и Обединетите Провинции, кои не можеле да се помират со неуспехот на Пиринејскиот полуостров. Филип V таму бил веќе зацврстен на престолот, па идејата дека на тронот би можел да се наметне хабсбуршкиот претендент Карл исчезнувала. Бесцелно, војната продолжила уште неколку години, меѓутоа се случиле две работи кои донеле крај: Во октомври 1711 г. претендентот Карл, иронично, станал хабсбуршки император кога неговиот брат Јозеф I починал – со ова се изгубила смислата за војна во Шпанија. Дополнително, во Британија дошло до промена на политичките струи (внатрешната политичка ситуација во Британија ќе ја разгледаме подетално во наредното поглавје), а новите власти инсистирале на помирување. Копнените војски биле повлечени назад, а од учеството на Британија во војната останале само некои поморски судири со Французите во Америка. Мировните преговори конечно започнале.[38]

---

[35] Исто, 433.

[36] Политички приврзаници на протераниот Џејмс II кои имале за цел повторно да ја воспостават неговата линија од династијата.

[37] *The New Cambridge Modern History, Vol. VI*, 435.

[38] Исто, 436-443.

## *Мировните договори и нивното значење за Велика Британија*

Преговорите кои започнале во јануари 1712 г. во Утрехт биле финализирани со низа на договори кои биле потпишани во март и април наредната година. Примарна цел на Велика Британија била да ги обезбеди своите колонијални и трговски интереси, при што ќе изврши одреден притисок врз останатите европски сили во обид да ја балансира состојбата во Европа. Во договорите успеале да го ограничат влијанието кое Холанѓаните го имале на море, бидејќи дотогаш Обединетите Провинции претставувале доминантна трговска сила. Во „Договорот за бариера“ Британија се согласила да им набави тврдини кои ќе бидат поставени на јужната граница на Обединетите Провинции, со што фокусот на Холанѓаните бил пренасочен врз копнена заштита од идна експанзија на Франција или Хабсбурзите. Всушност, ова бил голем дипломатски успех за Британците, бидејќи со тоа тие си ја обезбедиле задницата и единственото место од каде што лесно би можеле да бидат загрозени, а ги претвориле Холанѓаните во еден вид потчинети сојузници кои преку овие бариери ќе ја гарантираат нивната безбедност.[39]

Преку договорот со Франција биле потврдени главните британски воени интереси. Франција ја признала кралицата Ана како легитимен владетел на Британија (што значело дека официјално се става крај на француските поттикнувања на Јакобитски востанија), а најзначајно за војната било што Филип V бил оставен да владее со Шпанија, но бил исклучен од династичката линија на Бурбоните, со што се осигурале дека шпанскиот трон нема да потпадне под влијание на Французите.[40] Значителни биле и колонијалните придобивки во Америка. Французите се согласиле на отстапување на Њуфаундленд (Newfoundland), Нова Шкотска (Nova Scotia), островот Свети Кристофер (St. Kitts) и Хадсоновиот Залив (Hudson Bay).[41] Сите четири области претставувале значителни упоришта преку кои Британците постепено почнале да навлегуваат во Америка и да бидат појдовната точка за создавањето на големата британска империја.

---

[39] Исто, 455 и 476-478.
[40] Исто, 470
[41] P. J. Marshall, *Oxford History of the British Empire, Vol. II*, 156.

Шпанците не биле директно вклучени во преговорите во Утрехт, бидејќи Британците сметале дека можат да извлечат повеќе придобивки доколку склучат сепаратен мир. Така, преговорите биле извршени директно во Мадрид. Главно стратешко барање на Британците било отстапување на Гибралтар и Минорка, што било веднаш прифатено од шпанскиот крал.[42] Ваквото лесно отстапување на овие две значајни области се должело на стравот од можноста Британците да бараат независност за Каталонија.[43] Сепак, Британците одлучиле дека вмешување во внатрешните работи на Пиринејскиот Полуостров во овој момент не им е приоритет, препуштајќи ги Каталонците на својата судбина[44] и задоволувајќи се со овие навидум минимални придобивки кои во текот на 18 век ќе се покажат како централни точки од британската доминација. Но, Британија успеала да извлече уште една голема придобивка, а тоа е договорот за таканареченото Асиенто (Asiento) – дозвола од шпанската круна за трговија со робови. Сега Британците го добиле ова право со кое пренесувале Африканци во Америка, кои требало да работат на плантажи, палати, рудници и фарми.[45]

Со финализирањето на договорот била поставена нова сцена на политичката карта на Европа. Територијалните придобивки на Велика Британија на оваа карта не се толку впечатливи. Нивните вистински придобивки се оние трговски дозволи и права кои се запишани во договорите до кои мора да се придржуваат сите европски сили, како и стратешките точки кои биле основата за спроведување на крајната амбиција на Британија – воспоставувањето на најголемата империја во историјата на човекот. Задоволни од исходот на војната и нивните придобивки, по неа Британците се втурнале во регулирање на економските проблеми во сопствената држава, меѓутоа при олеснителни околности благодарение на политичката „заработка“ од Војната за шпанското наследство.

---

[42] *The New Cambridge Modern History, Vol. VI*, 475.

[43] Каталонија во текот на војната се свртела против шпанската власт и Филип V, борејќи се на страната на сојузниците, притоа носејќи голем дел од товарот на пиринејскиот фронт. Контролата во областа ќе биде воспоставена по војната со француска интервенција.

[44] Xavier Rubio, *God Save Catalonia! England's intervention in Catalonia during the War of the Spanish Succession* (Llibres de Matrícula, Digital Edition, 2011), 29-31

[45] Hugh Thomas, *The Slave Trade: The Story of the Atlantic Slave Trade, 1440 – 1870* (New York: Simon & Schuster), 1999, 231.

# Почеток на Грегоријанската ера, економска реорганизација и Роберт Волпол

Пред да навлеземе во суштината на внатрешно-политичките околности во кралството Велика Британија непосредно по завршувањето на војната за шпанското наследство, треба да посветиме време на двете главни политички фракции во британскиот парламент:

## *Ториевци (Tories) и Виговци (Whigs)*

Политичките последици од „Сјајната револуција“ од 1688 година - во која Џејмс II беше симнат од тронот, а на негово место седна Вилијам III Орански[46] - донеле суштински промени во британскиот парламент, како и во мислењето на британските политичари и нивната поделеност во поглед на своите интереси. Со обединувањето на англиската и шкотската круна и создавањето на кралството Велика Британија било истакнато значењето на парламентот, кралството официјално станало уставна монархија, а преку сите уставни акти кралот бил сведен на еден вид институција која била само дел од организираниот систем на владеење. Токму во поглед на тоа кој какво право и учество треба да има во владеењето со државата, дошло до главната поделба на британските политичари. Виговците ја претставувале попрогресивната и полибералната страна од парламентот, сметајќи дека за државата суштински да напредува треба да се поддржи парламентот во неговиот суверенитет, при што министрите на кралот требало да бидат потврдувани токму од парламентот и да делуваат потчинето на нивните интереси. Ториевците, од друга страна, се спротивставувале на овие идеи. Тие ја застапувале поконзервативната страна која верувала во божественото право на кралот да владее како апсолутен монарх, сметале дека министрите требало да му бидат потчинети нему, а парламентот да биде само една институција со ограничени права и обврски. Причините за сето ова, се разбира, биле финансиски. Земјишниот данок кој бил наметнат од парламентот

[46] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. VIII*, 294-305.

најтешко удирал по ситните земјосопственици и ниското свештенство, кои најчесто биле Ториевци, додека ваквиот данок ги оставал трговците и граѓанството речиси недопрени. Поради ова, Ториевците се залагале против чести воени дејствија на копно (бидејќи тогаш данокот би извршил дополнителен удар), инсистирајќи дека Британија треба да се задржи до поморски операциии и да ја зацврсти својата моќ на водите, без притоа да учествува во големи војни. Виговците почесто инсистирале на воени дејствија и отворени конфликти.[47]

По крајот на Војната за шпанското наследство се случила уште една фундаментална промена во Британија. Во 1714 г. починала кралицата Ана, која со Актот за спогодба требало да биде наследена од Софија од Хановер (внуката на Џејмс VI и I). Но, Софија починала два месеци пред Ана, поради што британскиот трон му припаднал на синот на Софија, Џорџ. На 18 септември 1714 година, 54-годишниот Џорџ пристигнал во државата и бил прогласен за владетел на кралстото Велика Британија, со што започнала Грегоријанската ера (Georgian era) во Британија, која ќе биде окарактеризирана со владеењето на четири истоимени кралеви од 1714 до 1830 година.[48] Како човек кој бил роден и израснат во Хановер, Џорџ I немал преголем интерес за британските работи, поради што бил перфектна личност за соработка со Виговците и дел од причината зошто тие доминирале во парламентот во овој период. Епизодата која на најинтересен и најочигледен начин ја прикажува состојбата во Британија е онаа кога во 1721 г. шпанскиот крал Филип V испратил молба до Џорџ I за враќањето на Гибралтар. Џорџ дал интересен дипломатски одговор: „Ќе размислам за предавањето на Гибралтар кога мојот парламент ќе даде одобрение за тоа... во првата можна прилика“. Во превод – никогаш.[49]

---

[47] *The New Cambridge Modern History, Vol. VI*, 273-275.

[48] Will & Ariel Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IX – The Age of Voltaire* (New York: Simon and Schuster, 1965), 89-90.

[49] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century 1713-1783* (London: Longman Group UK Limited, Third Edition, 1987), 171, 174 и 314.

## *Јужноморската компанија*

Војната за шпанското наследство извршила тектонски промени во економијата на Велика Британија. Промената на административната машинерија со подемот на парламентот имала големо влијание врз новите финансиски регулативи. Била создадена *Англиската Банка*, која била во рацете на Виговците. Државниот долг експлодирал, а странските кредитори не сакале ни да чујат за заем. При ваквата ситуација се случила една од најконтроверзните случки во економската историја, создавањето на *Јужноморската Компанија* (South Sea Company) и нејзината улога во економската криза која ќе има значителни политички последици.

Јужноморската Компанија била создадена во 1711 г. со цел да ги предизвика Англиската Банка и Источно-Индиската Компанија во олеснување на државниот долг. Се сеќаваме на она „Асиенто" - правото на Британија да превезува африкански робови во Јужна Америка. Владата на Велика Британија ѝ го предала ова ексклузивно право токму на Јужноморската Компанија. Создавањето на Јужноморската Компанија всушност бил ториевски потфат кој требал да се спротивстави на виговската Англиска Банка.[50] Ториевците се искачиле на власт како резултат од тежината на данокот кој бил наметнуван за постигнување на воени успеси. Всушност, благодарение на Ториевците, на војната ѝ бил ставен крај. Целта била компанијата да направи финасиски профит, што директно ќе влијае врз намалување на долгот. Меѓутоа, имало еден проблем. Во Јужна Америка постоеле бројни шпански пристаништа, додека британските се броеле на прсти, поради што фактичката моќ на Британија да ја спречи шпанската трговија и да го имплементира својот монопол била непостоечка. Шпанците тргувале слободно, а дополнително, како дел од мировниот договор по војната, Шпанците дозволиле само еден британски брод да може да биде испратен на секое шпанско пристаниште годишно од страна на компанијата, и тоа тој да може да тргува единствено со робови, а данокот од трговијата и 10% од профитот на компанијата требало да замине во шпанската каса. Едноставно кажано, компанијата не била во

---

[50] H. Thomas, *The Slave Trade*, 235.

можност да направи профит. Но, ова не ги спречило сопствениците на компанијата да се впуштат во поинакви и посомнителни „води“.

Треба да напоменеме дека во овој период економските регулативи биле лабави и дозволувале најразлични манипулации со системот. Многу компании и рани корпорации токму на ваков начин ги стекнале првите богатства. Недоволно упатеното внимание врз економските регулативи ќе биде главната причина за комичната ситуација која следела. Директорот на компанијата, интелигентниот и снаодливи опортунист Џон Блант (John Blunt), ќе биде главниот лик во целата сага.

Блант ја промовирал следната можност: Секој Британец кому требало да му се исплати долг, сега има право да го замени тој долг со акции во компанијата. Спроведувањето на ваквата лесна можност за придобивка на граѓаните се должело на тоа што во овој период Британија немала унифициран буџет, па така секој владин оддел имал сопствен буџет каде што овие луѓе биле вработени. Идејата дека сега Британците имаат компанија која ќе тргува во оние легендарни региони на пред-колумбовските цивилизации од каде што наводно „течело“ злато била можност која се чинела дека е предобра за да се испушти. На тој начин многу британски граѓани се вклучиле во оваа шема. Меѓутоа, претходно разгледавме зошто оваа компанија нема ни од близу можност за таков профит, правејќи ја оваа шема една голема лага и игра со инвеститорите за нивните пари. Јавноста била залажувана со ветувања за големи профити, а вистината било добро скриена помеѓу управителите со компанијата и одредени членови на парламентот. Дури и Виговците, кои во меѓувреме се вратиле на власт, ги поддржале операциите на компанијата. Како капак на сè, за гувернер на компанијата бил поставен новиот престолонаследник и син на кралот - идниот Џорџ II, а и самиот крал лично инвестирал во компанијата. Со тоа станува јасно за измама од колкава пропорција станува збор. Акциите во компанијата растеле, а реален профит не бил никаде на повидок.[51]

Да сумираме: Компанијата станала финансиска институција која ги користела парите на граѓаните (кои ги давале доброволно) за да го исплати

---

[51] Caroline Thomas, “The South Sea Bubble”, *Student Economic Review*, Vol. 17 (2003), 18-23.

државниот долг, лажно ветувајќи им иден профит. Колку повеќе инвестиции имало во компанијата, толку поскапи биле акциите за да се стане дел од истата. Колку поскапо ги продавале акциите, толку побогата станувала компанијата, па толку побрзо државата се ослободувала од енормниот долг. Вистинска игра со понудувачката и побарувачката на пазарот! Блант и компанијата направиле уште еден потфат за зголемување на профитот. Во јануари 1720 г. испратиле понуда пред парламентот за преземање на државниот долг. На тој начин, сите финансиски работи буквално би преминале во рацете на компанијата, и таа самата ќе може да управува со парите кои фактички биле државни. На парламентот му било јасно дека ова е ризичен потег, меѓутоа во моментот кога предлогот бил доставен, премногу од членовите во парламентот веќе биле вклучени во целата шема, па мнозинството изгласало поддршка. Јужноморската компанија станала најбогата институција во светот.[52] Меѓутоа, авантурата морала некаде да заврши. Акциите почнале да стагнираат, многу локални бизниси во Британија биле затворени, а почнало да се зборува и дека компанијата не е толку успешна како што се чини однадвор.[53] Целиот систем почнал да се распаѓа, а сето ова во историографијата станало познато како „прснувањето на Јужноморското меурче" (the South Sea bubble burst), поради големината на компанијата која се проширила за толку брзо време и на таков лесен начин, како и нејзиното драстично распаѓање. Во летото 1720 г. била повлечена поддршката од парламентот и од кралот, а последиците биле катастрофални за населението, особено за оние кои го продавале своето земјиште за акции во компанијата. Парламентот дури донел регулативи против вакви компании во иднина, но во случајов штетата веќе била направена.

[52] J. S. Lindsay, *The New Cambridge Modern History, Vol. VII. The Old Regime: 1713-1763* (Cambridge: Cambridge University Press, Cambridge Histories Online, 2008), 250.

[53] Всушност, компанијата речиси и да не се обидела да се занимава со она за што првично била наменета.

## *Роберт Волпол*

Искуството со Јужноморската Компанија и последиците од неа извршиле огромно влијание врз интересот на државните врвови врз контрола на економијата и на корпорациите во подем. Човекот кој ќе ја спаси државата е една од најмаркантните личности во историјата на Велика Британија, Роберт Волпол. Волпол ја искористил кризата за пресметка со некои од неговите политички противници, обвинувајќи ги нив за проблемите кои настанале со долговите и компанијата.[54] За среќа, трговските договори кои Британија ги воспоставувала во последните неколку децении ја ставиле државата во цврста положба од тој аспект, со што ударот од последиците не се почувствувал толку фатално врз државната економија како што било очекувано. Тој бил амортизиран преку закочување на развојот на државниот пазар, поради што плановите за идна експанзија биле одложени. Волпол се покажал како интелигентен политичар кој своето место во државниот врв го пронашол во вистинско време. Тој бил аристократ, но и вешт бизнисмен. Иако не бил моќен оратор, неговиот успех лежел во талентот на убедување „зад сцената“.[55] Успеал да создаде мнозинство во парламентот, а воедно и да ја добие кралската поддршка, благодарение на тоа што го спасил кралското семејство од последиците од компанијата. Поради тоа, доминантната позиција на Волпол во владата не била загрозена ни кога на 11 јуни 1727 г. Џорџ I починал и бил наследен од неговиот син, сега познат како Џорџ II.[56] Волпол

---

[54] K. O. Morgan, *The Oxford History of Britain*, 413-414.

[55] Роберт Волпол бил роден во 1676 година. Неговите родители планирале тој да стане свештено лице, но поради смртта на неговите постари браќа, станал наследник на семејниот имот. Ова му отворило можност да ја избегне теологијата и да се сврти кон политиката. Во 1701 г. влегол во Долниот Дом на парламентот како член на Виговците, а во 1708 г. станал секретар за војна. Во 1712 г. по доаѓањето на власт на Ториевците, тој бил затворен под обвинение за корупција, но благодарение на економските проблеми во кои се наоѓала државата, излегол од затвор и дури успеал да стане Лорд на ризницата (една од главните министерски позиции во тој период која кореспондира со позицијата на министер за финансии, но денес во Обединетото Кралство таа позиција ја држи премиерот на државата). Дал оставка, меѓутоа бил вратен по „прснувањето на јужноморското меурче“ по што ја задржал позицијата цели 22 години, лично презел голем број на државни функции, поради што се смета за де факто првиот премиер на Велика Британија. Имал само една година универзитетско образование, отворено ја исмевал религијата и од своите современици бил сметан за корумпиран и неморален човек, меѓутоа човек кој во тој момент ѝ бил потребен на Британија. Следејќи макијавелиски стил на размислување, за него целта ги оправдувала средствата.

[56] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IX*, 93-96.

сфатил дека со цел да се стабилизира државата, Британија некое време ќе мора да не се ангажира во војна. За негова среќа, неговите претходници добро ги потковаа мировните договори од Утрехт, па Европа засега се наоѓала во период на баланс и економско закрепнување. Благодарение на него, државата успеала да добие многу на финансиско и трговско поле. Со внимателно регулирање на економската состојба, во 1727 г. успеал да исплати голем дел од постоечкиот долг, давајќи му можност на народот полесно да „дише“ и да просперира. Во владеењето на Волпол нема да забележиме славни британски освојувања во поглед на надворешната политика, или драстични промени од внатрешно-политички аспект. Напротив, целта на Волпол и неговото мото биле „да ги оставиме заспаните кучиња да лежат“, па така без премногу вознемирување да изврши влијание врз начинот на кој функционира државата. Неговите законски одредби направиле компромис помеѓу земјосопствениците и новото граѓанство. Ги намалил земјишните даноци, а воедно и ги отворил вратите за капитализмот. Поддржувал слободна трговија со минимални државни регулативи и сметал дека ова е новиот начин на кој што државата и нејзините граѓани ќе напредуваат на економски план. Иако во моментот на носењето на овие одлуки промените не биле забележителни, неговата политика ќе се покаже како исправна во наредните години, а основата на неговиот принцип на владеење ќе биде следена од оние кои ќе ја наследат неговата позиција, и кои ќе сфатат дека ова е вистинскиот пат за подем на Британија. Волпол почнал да ја губи својата власт кога се обидел да наметне закон против шверцерите на вино и тутун, кои доколку би биле фатени во посед на овие производи без дозвола за нивна продажба, државата да смее да земе дел од парите кои биле стекнати во текот на нивната продажба, а даночните агенти да имаат право да ја пребараат било која куќа во било кое време во потрага по вакви производи. Народот се кренал на протест, а протестите биле поддржани и од парламентот со цел конечно да го симнат Волпол од власт. По овој настан неговата моќ почнала да опаѓа, а дополнително ја загубил и поддршката поради спротивставувањето на провоените струења кои се појавиле во ова време. Тој веќе и онака бил стар и изморен, во 1742 г. поднел оставка, а по три години починал. Владеењето на Роберт Волпол понекогаш е сатирично наречено

„Робинократија“ или „Робинархија“. Сепак, она во што ќе се претвори Британија по него сведочи за Волполовата успешност како политичар и како значаен елемент од подемот на британската империја.[57]

## *Карактерот на владетелите – Џорџ I и Џорџ II*

И покрај постојаното опаѓање на кралската моќ, значајно е да посветиме внимание на двајцата владетели, таткото Џорџ I и синот Џорџ II. Двајцата немале преголем интерес за развивање на колонијалните афери, па сите овие работи ги препуштале на парламентот. За нив било значајно да се одржи балансот во копнена Европа со цел да просперира Хановер. Всушност, Хановер останува нивната централна точка на фокус низ целото владеење, што се покажувало како сè потежок предизвик поради постојаното зголемување на моќта на Прусија и Русија. Иако ова било еден вид Ахилова пета на Британија, сепак Хановер бил извор на многубројни трупи кои би ѝ служеле на државата во случај на војна. Џорџ I како изговор го користел напредокот на Русија кон Балтикот, претставувајќи го како загрозување на британскиот трговски интерес, но неговата поголема цел била да ја втурне Британија во еден анти-Руски сојуз. Всушност, тој сакал да ја спречи можноста Русија да напредува кон Хановер. Ваков сојуз не се склучил, меѓутоа резултирал со создавање на непријателство кај Австрија, Прусија, Русија и Саксонија, кои во 1726 г. потпишале одбранбен пакт како реакција на зголемената британска агресија.[58]

Една од главните работи за која што Џорџ I и Џорџ II имале значаен збор била војската, а тие и онака имале голем интерес за воените работи. Министрите вообичаено не биле големи воени експерти, па оваа работа била препуштена на кралевите. Можеле да промовираат команданти, што било од големо политичко значење. Често се случувало да извршат влијание во парламентот, во горниот, како и во долниот дом, со цел да се обидат да наметнат дел од своите политики. Сепак, парламентот преземал конкретни чекори за постојано да го ограничува

---

[57] Исто, 96-99.
[58] J. Black, *A System of Ambition?*, 34-36.

кралското влијание, а во тоа помогнала и незаинтересираноста на двајцата кралеви. Џорџ I бил средновечен човек во моментот кога дошол на тронот, израснат со љубов према Хановер и голем дел од времето, дури и кога бил крал на Британија, го поминувал во родното место. Џорџ II, од друга страна, бил слаба личност кон кого секогаш се гледало како на второстепен човек.[59]

Додека Џорџ I бил загрижен за Русија, Џорџ II чувствувал поголема опасност од Прусија, преземајќи слични мерки за да го одржи Хановер безбеден. Повторно се родил проблем, бидејќи парламентот во овој период се обидувал да се сојузи со Прусија, но одредени несогласувања поради хановерските интереси од монархијата ги заладувале односите. И Хановер и Прусија претендирале на областа Источна Фризија, поради што не било возможно да се најде согласност за создавање на анти-бурбонски сојуз помеѓу Британија и Прусија. На тој начин, Британија била принудена да остане во сојуз со Хабсбуршката Монархија, чија што моќ и влијание биле во постојано опаѓање, а затоплувањето на британско-пруските односи било оставено за подобри времиња.[60]

Монархијата сепак останала значајна бидејќи претставувала популарна институција и еден вид јадро околу кое се кроела целата британска политика, внатрешна и надворешна. Незаинтересираноста на Џорџ I и Џорџ II за британските афери не го променила овој факт, а британската круна до денес останува значаен елемент во тамошното општество.

---

[59] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 169-171.
[60] J. Black, *A System of Ambition?*, 37-38.

## Политички систем

Турбулентниот период кој следувал по Војната за шпанското наследство бил стабилизиран преку паметната политика на Роберт Волпол, како и поволната геополитичка положба во Европа. Зборувавме и за влијанието на парламентот во внатрешната политика, како и за незаинтересираноста на хановерската династија врз британските афери. Тогаш, кој ги диригира големите надворешно-политички процеси, и кој всушност управува со државата и ги носи најважните решенија?

### *Министерството, Државните Секретари и дипломатите*

За да разбереме кој ја има главната улога во државата, неминовно е да ги објасниме државните функции во кабинетот на власта во Британската Империја.

Зборувавме за Роберт Волпол и неговата улога како Лорд на ризницата во државата. Бидејќи оваа министерска функција се сметала за најзначајна во поглед на внатрешните работи, после него истата ќе се смета за „прва“ министерска функција, добивајќи го називот *премиер* во империјата.[61] Големината на Волпол е во тоа што успеал да го предвиди значењето на имање личност која ќе ја држи функцијата на премиер во модерните држави. На тој начин се осигурал дека ќе ги обезбеди сите потребни ингеренции за да делува како еден вид на главен комуникациски канал помеѓу кралот и пратениците во парламентот, но и со цел да го спречи кралот од можноста да се обраќа за помош на други места. Фигуративно кажано, успеал да ја врзе врвцата на имање повеќе министри со еднакви функции, а различни цели и идеи, со тоа што отсега се знаело дека во државата постои еден главен министер кој ги координира сите останати. На овој начин се родила функцијата на модерен државен премиер, чиј концепт подоцна постепено ќе биде преземен од сите останати држави. Токму овде се гледа значењето на политичкиот развој во Британија, и како истиот имал ефект врз развојот на внатрешната политика во останатите држави во Европа и светот.[62]

---

[61] P.J. Marshall, *Oxford History of the British Empire, Vol. II.*, 116.
[62] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 258.

Меѓутоа, доколку премиерот имал главен збор во внатрешните работи, тогаш кој одлучувал за надворешната политика на империјата? Одговорот лежи во две специфични функции чија работа била од суштинско значење за успехот на британската империја во нејзиниот подем, а тоа се државните секретари.

Се работи за две одделни функции кои требало да соработуваат за да придонесат кон тоа државата да води успешна надворешна политика – Северниот Секретар и Јужниот секретар. Северниот секретар бил одговорен за односите со Обединетите Провинции, Австрија, Скандинавија, Полска, Русија, Прусија и останатите германски држави. Од друга страна, Јужниот секретар бил одговорен за Франција, Шпанија, Португалија, Швајцарија, Турција и италијанските држави. Поради ваквата оранизација, било од исклучителна важност да се најдат двајца функционери кои ќе работат во тандем за да ги остварат целите на империјата. Разбирливо, ова не секогаш било можно поради фактот што честопати се случувало секретарите да имаат различни размислувања, цели и идеи за тоа по каков пат треба да се движи Британија, особено кога се работи за најчувствителните прашања. Сепак, ќе забележиме дека токму кога двајцата секретари функционирале во тандем, империјата ги забележувала најголемите дипломатски победи и правела најголеми успеси на надворешен план.

Не смее ниту да се занемари очигледната предност на имање на две вакви функции. Доколку едниот секретар доаѓал од горниот дом, а другиот од долниот дом, било многу лесно да се одбрани и оправда државната политика и контроверзните одлуки кои биле носени. Ова било особено важно за време на владеењето на Џорџ I и Џорџ II, поради веќе споменатата специфична ситуација во поглед на карактерот на овие двајца кралеви. Дополнително, кога кралот заминувал во странство, едниот секретар можел да го придружува за време на дипломатските средби, додека другиот останувал дома за да посредува со парламентот. Всушност, секогаш кога постоела причина еден секретар да патува надвор, другиот останувал во Лондон со цел да не се запостави целиот систем.

Токму затоа најчесто функцијата на Северен и Јужен секретар ја држеле искусни дипломати. Нивната работа не била лесна со оглед на тоа што секогаш требале да го земаат предвид домашниот и дипломатскиот аспект, балансирајќи ја

внатрешно-политичката состојба, надворешните односи со континентална Европа, како и состојбата во колониите. Колку и да било тешко и понекогаш неблагодарно, успехот кој секретарите го бележеле за време на нивната фунцкија резултирал со стекнување на огромна моќ и углед во британското општество.[63]

Постоеле уште неколку позначајни министерски функции кои треба да се напоменат. Лордот Врховен Адмирал се грижел за морнарицата, која имала едноставна администрација и организација. Копнената војска била малку покомплицирана во однос на нејзиното управување. Воениот секретар бил одговорен за војниците и регрутацијата, нивната дисциплина и служба. Лично кралот бил одговорен за стражарите и гарнизоните, додека Мастер Генералот за Артилерија се грижел за снабдувањето со оружје и муниција на копнената војска, но и на морнарицата. Конечно, постоел и Совет за Трговија чија обврска била регулирање на законите во колониите и нивен детален надзор. Нивните анализи и препораки биле клучни за одлуките кои биле носени во поглед на раководењето со колониите.[64]

## *Парламентот, Домовите и гласачите*

На неколку наврати го споменавме парламентот, како и горниот и долниот дом. За да ја разбереме суштината на ваквата организација, треба да се вратиме малку showназад во историјата и да влеземе во траг на неговите зачетоци.

Трагот го наоѓаме во најпознатиот документ во англиската историја – *Magna Carta Libertatum* т.е Големата повелба за правата. Во 1215 година, принуден од група на револтирани аристократи поради неговата контроверзна политика, кралот Џон (1199-1216) ставил потпис на повелба од 63 закони. За првпат се дало до знаење дека во државата никој, па дури ни кралот, не е над законот. И покрај неговата ограниченост, овој документ ја претставува основата на слободата која денес ја уживаат огромен број на луѓе во светот.[65] Меѓутоа, за нас овој документ е

[63] J. Black, *A System of Ambition?*, 74-78.
[64] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 258-259.
[65] Денес таа служи како основа за *Универзалната декларација за човекови права* на Обединетите Нации.

значаен бидејќи го овозможил создавањето на првиот парламент во историјата на Англија во 1295 година, од страна на Едвард I (1272-1307). Овој парламент претставувал еден вид преседан, поради тоа што порано кралевите свикувале советници само од витешките благороднички редови за помош со управување и одоначување, но овојпат Едвард повикал и истакнати луѓе од градовите, претежно трговци кои биле писмени и поседувале доволно големо богатство за да бидат од корист на кралот. На овој начин го пронаоѓаме зачетокот на парламентот, неговата поделба на горен и долен дом помеѓу благородниците и граѓанството, и појавата на средна класа.[66]

Со тек на време низ историјата, моќта за носење одлуки полека се преточила од рацете на кралот, до парламентот. Во осумнаесеттиот век, горниот дом (домот на лордовите) броел 220 членови, од кои 26 биле епископи, 16 биле лордови од Шкотска, а останатите биле Англичани кои ја поседувале таа функција врз база на своите семејни предци. Овој број не претрпел многу варијации, иако се случувало згаснувањето на некои семејства да даде можност за внесување на нови членови во домот. Главна обврска на горниот дом била грижата за законите и сопственииштвото со цел истите да не бидат прекршени од кралот и долниот дом. На некој начин, нивната цел била да се одржи балансот и стабилноста во државата, што било од клучно значење при појавата на нови идеали и турбулентни случувања во осумнаесеттиот век. [67]

Од друга страна, долниот дом (домот на граѓаните) бил многу похаотичен и променлив. Самиот начин на избирање на неговите членови бил конфузен. Некои биле големи земјосоптвеници од градовите од кои потекнувале, некои биле финаниски поддржувани од членови на горниот дом или веќе постоечки влијателни членови од долниот дом кои барале поддршка во парламентот, одредени биле избирани меѓусебно од граѓаните во некоја околија, а голем дел биле испраќани и поддржувани од значителни организации во регионот, со задача да го бранат нивниот интерес во бизнисот. Едноставно, ограничените идеи на размислување во осумнаесеттиот век дозволувале учество во власта да имаат само оние кои имале

---

[66] Will Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IV - The Age of Faith* (New York: Simon and Schuster, 1950), 675-679.
[67] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 260.

некаков влог во државата. Земјосопственицитe биле гледани како луѓе кои имале најголем интерес во одбраната на слободата, бидејќи природно тие се првите кои би реагирале против некакви рестрикции. Покрај нив биле застапени и трговците, членовите на универзитетите, како и новонастанатите градски професии со појавата на индустриската револуција. На овој начин се зголемило влијанието на долниот дом во управувањето, особено кога ќе го земеме предвид фактот дека Велика Британија е државата предводничка во индустриската револуција, и бројот на влијателни луѓе кои имале интерес во политиката постојано се зголемувал во текот на осумнаесеттиот век. Така, оваа група на луѓе имала главен збор во изгласувањето на претходно споменатите клучни функции во власта.[68]

Формално, право на глас имале само лица чиј имот се проценувал на минимум 40 шилинзи, т.е околу 300.000 гласачи. Во пракса, тоа значело дека право на глас имале само околу една шестина од возрасните мажи (жените немале право на глас). Гласањето не било тајно, што давало поголема можност за манипулација. Во 1716 г. бил донесен акт со кој на парламентот му бил зголемен мандатот од три, на максимум седум години. Со овој акт била стабилизирана власта, и истата добила поголема слобода да ги изврши потребните реформи без преголем притисок од чести избори.[69]

На ваков начин функционирала Велика Британија во осумнаесеттиот век. Потребата од реформи во политичкиот систем била очигледна, меѓутоа условите и турбулентната меѓународна политика не давале можност за експериментирање и драстични промени, па така тој опстојувал без коренити реформи до крајот на осумнаесеттиот век.

---

[68] Исто, 260-261.
[69] R. Porter, *English Society in the 18th Century*, 106-109.

## Тестирање на британската и француската моќ преку Војната за Австриското наследство

Скандалот со Јужноморската компанија и владеењето на „Робинократијата“ значело дека Велика Британија треба да води повнимателна надворешна политика, сè додека државата не се стабилизира на внатрешен план. Не било возможно да се прават агресивни чекори, од страв дека повторно ќе се возобнови движењето на Јакобитите и да дојде до преврат на монархијата.

### *Закана од Јакобитите и претпазлива надворешна политика*

Интересно е да се спомене дека Јакобитите биле првите луѓе во континентална Европа кои ги создале ложите на Слободните Ѕидари т.е Масоните. Уживале голема слобода и поддршка од европската аристократија поради успешното спротивставување на репресијата од црквата и од државата.[70] Дополнително, Џејмс – Стариот Претендент добил син. Чарлс, сега познат како – Младиот Претендент бил нова закана од династијата во егзил, која постојано кроела планови за враќање на власт.[71]

Од слични причини, Франција не можела да си дозволи преголема активност на надворешно-политичката сцена. Смртта на Луј XIV во 1715 година, регенството на Орлеанскиот гроф Филип во име на идниот Луј XV, и заморот од исцрпувачките војни ја довеле државата во пасивна состојба. Поради ова, но и од се поголемиот раст на Русија под водство на Петар Велики, Велика Британија и Франција се нашле во ситуација да соработуваат со цел да обезбедат мир во регионот. Во 1716 г. двете држави потпишале сојуз,[72] кој опстојал дури до 1731 година.[73] На ваков неконвенционален начин - сопријателување со својот најголем ривал, можеме да ја забележиме умешноста на дипломатската игра на Велика

---

[70] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 106.
[71] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IX*, 109.
[72] Подоцна на овој сојуз се придружуваат и Обединетите Провинции, кои очигледно имале најголем интерес за престан на непријателствата помеѓу Велика Британија и Франција, имајќи ја предвид нивната географска положба.
[73] J. Black, *A System of Ambition?*, 178-179.

Британија, и купувањето на време за државата да има можност да ужива во економските придобивки, како и да си дозволи реорганизација во своите редови.[74]

Во периодот од 1716 – 1731 година, главната преокупација на Велика Британија и Франција била одржувањето на спогодбите кои се случија во Утрехт по крајот на Војната за шпанското наследство. И покрај официјалниот сојуз, тешкотијата за соработка уште тогаш покажувала дека ова партнерство делувало сосема неприродно. Било очигледно дека растот на британското влијание во Америка директно се коси со интересите на француското кралство, а тоа добило и поголем интензитет по крајот на регентството и крунисувањето на Луј XV (1722 – 1774). Во 1731 г. анти-британското расположение во Франција добило замав и сојузот бил раскинат.[75]

## *Војната за Џенкинсовото уво – Вовед во Војната за автриското наследство*

Војната за австриското наследство (1740-1748) е еден од најзначајните настани во осумнаесеттиот век. Нејзините последици ќе имаат огромно влијание врз политичката состојба во Европа во втората половина на векот. Меѓутоа, за разлика од Војната за шпанското наследство, Велика Британија во овој конфликт влегува на сосема поинаков начин, а како повод ќе биде искористена една бизарна случка.

Антагонизмот помеѓу Велика Британија и Шпанија директно се манифестирал по договорот од Утрехт во 1713 година. Зголемената британска инволвираност во Америка, споменатото Асиенто и заземањето на Гибралтар делувале премногу горко врз шпанските предводници. Крајот на англиско-француската соработка дал можност за нови провокации на ова поле. Шпанските колонијални претставници ги обвинувале британските за пречекорување на

---

[74] Потребата од стабилизација на двете страни може дополнително да се забележи не само во согласноста на Франција да ги протера Јакобитите и „Стариот Претендент“ од државата, туку и француската активна инволвираност во спречување на завера во 1722 година од страна на Френсис Атербури, Англичанец кој се обидел да агитира во Англија, Ирска и Францја за заробување на хановерското кралско семејство. Благодарение на инволвираноста на Французите, заверата била спречена.

[75] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 328.

трговското ограничување и ингеренциите на Јужноморската компанија. Па така, честопати се случувало шпански патроли да извршат претрес на британски бродови со цел да разоткријат нелегална трговија.[76]

При еден ваков упад во 1731 година, велшкиот морнар Роберт Џенкинс го загубил своето уво, кое наводно му било исечено од шпански војник. Тој успеал да го сочува отсеченото уво, да го донесе назад пред кралот и да бара одмазда. Овој настан предизвикал омраза во круговите кои му опонирале на Волпол, и успеале да агитираат кај мнозинството од парламентот за реакција, повикувајќи се на навредената англиска чест. Чувствувајќи се супериорни на поморски план, оние кои повикувале на војна биле сметани за храбри патриоти од страна на јавноста, додека оние како Волпол кои повикувале на умереност и воздржливост биле нарекувани кукавици. Изморениот Волпол, чија популарност и онака започнала да опаѓа, бил принуден да го прифати барањето на парламентот, воден од стравот кој произлегол од лажните шпекулации дека Шпанија договарала таен сојуз со Франција. Со цел да ги заштити своите економски интереси и да се спротивстави на агресивниот шпански пристап врз британските бродови во Америка, во октомври 1739 година Велика Британија ѝ објавила војна на Шпанија.[77]

Специфично за Војната за Џенкинсовото уво е што истата не се одвивала во регионот на Европа, туку во колонијалните поседи во Америка, особено околу Панама. Еуфоријата од искористување на економската добросостојба стекната преку долготрајниот мир го занемарила фактот дека лажните шпекулации за шпанско-француски сојуз излегле на површина. Велика Британија и Франција не влегле во отворен судир дури до 1744 година.[78]

Меѓутоа, Британците не биле свесни дека конфликтот со Шпанија ќе се прошири и спои со еден уште поголем проблем кој експлодирал во континентална Европа.

[76] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IX* , 101-102.
[77] Исто, 102-103.
[78] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 518-519.

## *Британскиот аспект*

Конфликтот кој кулминира со Војната за австриското наследство е резултат на спротивставеностите во германскиот свет, односно меѓусебните односи помеѓу германските државички. Традиционално, доминантна сила во оваа сфера била Хабсбуршката монархија,[79] контролирајќи комплексна група на територии во централна и источна Европа. Проблемот се јавил кога хабсбуршкиот император Карл VI (1711-1740) немал синови, а законите во империјата налагале дека власта не смее да премине во рацете на жена. Стравувајќи дека по неговата смрт државата ќе го загуби своето влијание, Карл VI издал посебен декрет преку кој дозволил неговата ќерка Марија Терезија (1740-1780) да стане негов наследник.[80]

Ваква проблематична ситуација чекала Прусија, една од германските држави која аспирирала да го предизвика хабсбуршкото влијание. Нејзината значителна и плодна територија ѝ дала можност за зголемување на нејзината популација, а тоа умешно го искористил изборниот кнез Фридрих Вилхелм (1640-1688) за да создаде моќна армија и импресивна бирократска машинерија за успешно раководење со државните ресурси. Неговиот внук, кралот Фридрих Вилхелм I (1713-1740),[81] дополнително ја ремоделира државата. Војската постигнува импресивен развој и од многумина била сметана за најмодерна во својот период, а бирократијата најефикасна во раководењето на истата. Во суштина, овие реформи ќе ги искористи неговиот наследник Фридрих II Велики (1740-1786) за да се спротивстави на Хабсбуршката монархија. Два месеци по доаѓањето на власт, Фридрих II ја нападнал хабсбуршката провинција Шлезија и со овој чин започнала Војната за австриското наследство.[82]

Започнувањето на војната било следено од будното око на Велика

---

[79] Хабсбуршката монархија е всушност неофицијално име на државата со која управувала династијата на Хабсбурзите. Ова име се користи како еден вид чадор-термин за сите територии на кои таа се простира. Меѓутоа во историографијата понекогаш се користи и името „Австрија“ поради метонимија.

[80] Merry E. Wiesner-Hanks, *Early Modern Europe 1450 -1789* (Cambridge, Cambridge University Press, Second Edition, 2013), 349-351.

[81] Во Војната за шпанското наследство Прусија се стекнува со титулата кралство, поради што го сметаме Фридрих Вилхелм за изборен кнез, а Фридрих Вилхелм I за прв крал на Прусија од своето име. Номенклатурата е конфузна, особено кога ќе го земеме предвид фактот дека дури седум последователни предводници на Прусија го содржат името Фридрих.

[82] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 287-291.

Британија, но и на Франција, кои сè уште не преземале активни чекори за поддржување на било која страна. Клучниот момент за вклучување на Франција во војните се појавил кога како претендент за император се поставил Карл Алберт, изборниот кнез на Баварија, кој ја добил шпанската поддршка во мај 1741 година. Долготрајните анти-хабсбуршки струења во Франција, желбата за освојување на хабсбуршките поседи во Холандија и можноста за искористување на британско-шпанскиот конфликт ја втурнало Франција во сојуз на страната на Прусија, Шпанија и Баварија, со договор потпишан во јуни 1741 година.[83]

Падот на Волпол во 1742 г. обележал пресврт во политиката на Британија. Лорд Џон Картерет (John Carteret), државниот секретар на северниот оддел, се истакнал како предводник на надворешните односи во Британија. Стравувајќи дека моќна Прусија ќе го загрози Ханове, тој добил огромна поддршка од Џорџ II, па така целта на Картерет не била да се спротивстави на Франција, туку да донесе мир помеѓу Марија Терезија и Фридрих II. Ваквата политика била остро критикувана од британскит парламент, кој сметал дека Картерет премногу се вмешува во континенталните европски работи, особено на сметка на војната со Шпанија и растечката закана од Франција.[84]

Сепак, ваквата политика се покажала како успешна. Моќта на пруската армија била преголема за да се спречи нејзино навлегување во Шлезија, и за кратко време териториите биле освоени, што ја принудило Марија Терезија да започне мировни преговори во 1742 година. Верувајќи во поддршката од Картерет и Џорџ II дека загубите ќе бидат само привремени, таа ги доверила преговорите на британските дипломати, кои ставиле крај на Хасбуршко-пруската војна, со што на Фридрих II му биле потврдени освојувањата во Шлезија. Со ова, главна преокупација во војната станале обидот на Франција да ја ослаби хасбуршката власт во Германија, а Шпанија да ги врати поседите во Италија кои ги загуби во Војната за шпанското наследство.[85]

Британската дипломатија успеала да ја искористи ситуацијата во своја полза и на воен план. На овој начин, претходно започнатата војна со Шпанија се

[83] Исто, 291
[84] J. Black, *A System of Ambition?*, 195.
[85] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 422-424.

споила со Војната за австриското наследство, па британската морнарица почнала да делува поактивно во Медитеранот. Било императив да се одбранат Гибралтар, Минорка и целата британска медитеранска трговија.[86] Поставувајќи се како доминантна поморска сила, Британците успеале да го спречат движењето на трупи по море од Шпанија кон Италија, принудувајќи ги на борба во внатрешноста на Европа. Отсекувањето на нивното движење од Италија претставувало голем успех во војната и олеснување на положбата на Марија Терезија, која можела да продолжи да ги користи своите италијански војски за успешно спротивставување со своите непријатели.[87]

Причината поради која што Картерет ја загубил поддршката од парламентот била неговата преголема блискост со Џорџ II и ослонувањето на Хановер. Фокусирајќи се на морнарицата, Британија не можела да си дозволи проширување на копнената војска. Поради ова, власта била принудена да ги најми хановерските војници за битка со Франција на копно. Трошоците биле огромни, а британскиот парламент го критикувал Џорџ II за изнудување на непотребни финансии, сметајќи дека Британија не смее да плаќа за нив, бидејќи Хановер е должен да ја следи британската политика која е од нивен интерес, а не да делуваат како наемници. Џорџ II потклекнал на барањата, а Картерет бил принуден да ја напушти својата позиција како државен секретар, што ставило крај на првата етапа од британскиот аспект во Војната за австриското наследство.[88]

## *Судир со Франција*

Значајно е да не се занемари фактот дека до 1744 година, Велика Британија сè уште не била формално во војна со Франција. Впрочем, во првата фаза од Војната за австриското наследство, тие едноставно делувале како сојузници на засегнатите сили од германскиот конфликт. Двете држави се обидувале да го избегнат директното непријателство колку што може подолго, бидејќи не биле подготвени да потрошат ресурси на повеќе фронтови. Дури и во јуни 1743 година,

---

[86] J. Black, *A System of Ambition?*, 196.
[87] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 318.
[88] J. Black, *A System of Ambition?*, 197-198.

кога британската војска со своите хановерски наемници и австриски сојузници се судриле со француските војски во битката кај Детинген, Британците не се осмелиле да направат директен напад на француската територија. Дополнително, битката кај Детинген е значајна за британската историја поради фактот дека ова е последен пат кога британски крал бил присутен за време на битка на бојно поле.[89]

Два настани ќе бидат пресудни за конечно да дојде до директна пресметка помеѓу Велика Британија и Франција. Британската доминација на Медитеранот ја принудила шпанската морнарица да остане закотвена на разни пристаништа. Едно од тие пристаништа било во Тулон, Франција. Во февруари 1744 година, во обид да се омекне британската доминација, комбинираните француски и шпански бродови испловиле заедно, што било забележано од адмиралот Метјус, кој извршил напад. Метјус не успеал да триумфира, нанесувајќи им мала штета на непријателските бродови, и решил да не го следи нивното повлекување поради политичката состојба со Франција, но и од страв да не биде воведен во стапица во која ќе биде надбројан.[90]

Вториот настан бил обидот на Франција да изврши Јакобитска инвазија на британското копно во март, истата година. Знаејќи дека мнозинството од британската морнарица е на Медитеранот, француската морнарица запловила од Брест во Англискиот канал, каде воспоставила поморска доминација. Младиот претендент требало да исплови од Данкирк кон Англија, но многу од транспортните бродови биле уништени при бура, па британската морнарица добила време за да реагира и успешно да ја протера француската морнарица од Англискиот канал.[91]

Истиот месец, Франција ѝ објавила војна на Велика Британија, и Французите се подготвиле за инвазија врз хабсбуршките поседи во Холандија.[92] Паралелно со овие настани, Прусија повторно се активирала. Фридрих II, стравувајќи дека Марија Терезија се подготвува да ги врати загубените територии во Шлезија, потпишал воен сојуз со Франција и започнал со планот да ја освои

[89] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 292-293.
[90] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 430.
[91] J. Black, *A System of Ambition?*, 198.
[92] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 430-431.

Бохемија,[93] втората клучна територија со која раководеле Хабсбурзите.[94]

Новата димензија која ја добила војната ги принудила Британците да делуваат уште поактивно од претходно. Овој товар го презел јужниот секретар, Томас Пелхам Холс – војвода од Њукасл. Њукасл бил совршената личност за оваа ситуација, главно поради неговиот недостиг од интерес за континенталните работи во Европа.[95] Поради ова, тој можел лесно да се фокусира на главниот британски проблем – Франција, а да ја остави внатрешноста на Европа во позадина.

Франција започнала со постепена инвазија и навлегување во Холандија, на што британските трупи и нејзините сојузници морале да реагираат дефанзивно. Работите во континентална Европа се промениле во јануари 1745 година со смртта на Карл Алберт, главниот претендент на хабсбуршката круна, па така тежиштето на војната се пренело на холандскиот регион.[96]

Додека Британците биле во дефанзива во Холандија, бил забележан интересен успех во американските колонии. Во јуни 1745 година бил освоен францускиот град Луисбург од страна на колонијалната британска војска. Леснотијата со која бил заземен овој значаен град им дала до знаење на колонијалните борци дека нивните колонии се далеку помоќни од француските, и дека без интервенција од матичните земји нивната сила може да се мери на сосема поинаков начин. Овој момент придонел за освестување на колонистите за својата релативна моќ во поглед на американската територија.[97]

За да ги протера британските трупи од Холандија, Франција извршила нов маневар и втор обид за испраќање на Чарлс Стјуарт, кој со своја војска успешно стигнал до Шкотска и започнал да се движи јужно. Неговиот подвиг не ги загрижувал британските власти, бидејќи војската која ја поседувал била мала, и не можело да се стравува од поголема француска инвазија која ќе се спои со неа поради преголемата доминација на британската флота. Сепак, планот на Французите успеал, а британските трупи морале да се пренасочат од Холандија кон британското копно, што резултирало со пораз на Чарлс Стјуарт и негово

---

[93] Територијата на Бохемија кореспондира со денешната територија на Република Чешка.
[94] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 293.
[95] J. Black, *A System of Ambition?*, 175.
[96] Исто, 199.
[97] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 331.

протерување од Британија, но и со загуба на неколку клучни територии во Холандија и успешна француска инвазија.[98]

Во меѓувреме, Њукасл решил да направи чекор со кој ќе обезбеди поголема хабсбуршка поддршка, а истовремено ќе стави крај на воениот театар во внатрешноста на Европа. Заканувајќи ѝ се на Марија Терезија дека ќе ги укине субевенциите кои ги добивала од Британија и кои биле клучни за одржување на нејзиниот режим, доколку таа не го прекине непријателството со Фридрих II и не ги признае неговите поседи во Шлезија, таа немала избор. Шансите за враќање на загубените територии во оваа војна и онака биле мали, Франција продолжила да притиска и не сакала да чуе за одделен мир, а постоела можност Хабсбуршката монархија да загуби и повеќе територија доколку продолжи да војува на повеќе фронтови. Во декември 1745 г. бил потпишан мировен договор во Дрезден, со што се ставило крај на војната помеѓу Марија Терезија и Фридрих II и Прусија конечно ја завршила својата успешна инвазија врз Шлезија.[99]

Притисокот кој се решил да го изврши Њукасл врз Марија Терезија бил благодарение на неговите детални пресметки за дадените субвенции. Хабсбурзите не пружале речиси никаква помош на Британците на воен план, поради што била донесена оваа одлука. Со затворањето на германскиот фронт, Марија Терезија можела да ја зацврсти својата власт без претенденти, додека нејзините војски ѝ служат на потребите на Британија во борбата против Франција и Шпанија.[100]

И покрај концентрираната моќ на Британија и нејзините сојузници, француската армија била далеку понапредна и помоќна. Постепено навлегувала подлабоко во Холандија и откако била заземена целата Австриска Холандија, во 1747 година Французите започнале да навлегуваат и во Обединетите Провинции.[101] Знаејќи го значењето на Обединетите Провинции за безбедноста на британското копно, можеме да ја разбереме реакцијата на Британија, која на секој можен начин се обидувала да ја доведе војната до крај. Бил направен обид за одделен мир со Шпанија, откако тамошниот крал Филип V починал и бил наследен

---

[98] J. Black, *A System of Ambition?*, 199-201.
[99] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 293.
[100] J. Black, *A System of Ambition?*, 199.
[101] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 435.

од својот син Фердинанд VI. Дополнително, биле склучени преговори со Русија за таа да испрати дел од својата војска на помош. Сепак ова било залудно, Фердинанд VI не сакал да чуе за мир без Гибралтар, а руската војска стигнала предоцна, дури во 1748 година, кога веќе започнале мировните преговори.[102]

Причините за отпочнување на мировните преговори биле поедноставни. Франција започнала да го чувствува воениот замор, било тешко да се мотивира француската војска и покрај успесите во Холандија, но најважно од сè, било сè потешко да се дојде до финансии потребни за одржување на походите. Британската поморска доминација имала сериозно негативно влијание врз француската трговија, а отсекувањето од нејзините колонии било уште поголем проблем. Дополнително, била загубена суштината на војната и можноста Франција да ги задржи освоените поседи поради фактот што Прусија одамна го напуштила военото поле со цел да ги искористи придобивките од Шлезија. Имајќи ги предвид овие причини, дополнително фрлениот сомнеж за лојалноста на Шпанија кон сојузот, и опасноста од влијанието на руските војски, Франција се согласила на мировни преговори.[103]

## *Мировни преговори во Ахен*

Преговорите за мир на војната која започна меѓу Хабсбуршката монархија и Прусија била водени од сосема други завојувани страни, имено Велика Британија, Франција и Обединетите Провинции. Шпанја и Хабсбурзите имаат секундарна улога во преговорите и конечниот договор го потврдуваат еден месец откако првите три сили ќе се договорат за условите на истиот. Незадоволството на Марија Терезија од ваквото водење на преговори било дополнително потврдено кога Британија и Франција испраќале посебни нацрти за нејзино „одобрување“, меѓутоа додека таа со нејзините советници ги разгледувала истите, Британија и Франција веќе одлучиле за главните работи.[104]

---

[102] J. Black, *A System of Ambition?*, 202.
[103] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 435.
[104] M. S. Anderson, *The War of the Austrian Succession 1740-1748* (New York: Routledge, 2013), 141-145.

Преговорите биле водени од април до октомври, 1748 година. Главно, конечните услови не успеале да ги решат клучните проблеми околу кои се судриле големите сили, па самиот договор наликувал на едно статус кво, со територијални поседи многу слични на оние како и пред војната. Било признаено владението на Прусија во Шлезија, иако самата Прусија не била потписничка на овој договор, па ваквото признавање не гарантирало смирување на ситуацијата во регионот. Хабсбуршката монархија за цел имала да не го загуби својот статус како голема сила, па одземањето на Шлезија и неколку територии во Италија – Парма и Пјаченца на сметка на Бурбоните,[105] биле горк залак.[106]

Главните одлуки биле донесени во контекст на борбата за хегемонија помеѓу Велика Британија и Франција, па така на сите останати дотогаш завојувани страни овој договор им изгледал како меѓусебно договарање на двете најголеми сили, што во суштина и така било. Една нота од договорот спомнува дека доколку било која друга држава одложува или не се согласи на овие услови, тие сепак ќе ги спроведат на еден или друг начин. Франција се согласила да ги уништи поморските утврдувања во Данкирк, со оглед на тоа што ова пристаниште било главна опасност за Британија, од каде често испловувале француски трупи или Јакобитите во поморска инвазија. Британците се согласиле да ги отповикаат руските трупи кои марширале кон Холандија, а на сметка на тоа Французите се повлекле од освоените холандски територии. Шпанија повторно ги потврдила трговските права и асиентото на Британија.[107] Холанѓаните го вратиле своето право на управување со тврдините, што претставувало идентична дипломатска победа за Британија како по Војната за шпанското наследство.[108]

Проблемот кој произлегол за Британија од овие преговори не бил загуба на некаква територија, туку нарушување на односи со две страни. Првата страна биле американските колонисти, кои по овие мировни договори за првпат започнале да покажуваат знаци на антагонизам против круната. Причината за ова било враќањето на освоениот Луисбург на Франција, на сметка на територии во

---

[105] Овие територии биле доделени на третион син на покојниот шпански крал Филип V, истовремено внук на францускиот крал Луј XV.
[106] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 436-437.
[107] M. S. Anderson, *The War of the Austrian Succession*, 146-148.
[108] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 436

Индија кои Франција ги зазела за време на војната. Искористувањето на колонијалните трупи во борба за оваа територија, и нејзино предавање на истата, делувала како почетна искра кај американското незадоволство, што ќе доведе до поголеми последици неколку децении подоцна при борбата за американска независност.[109]

Втората страна, се разбира, биле Хабсбурзите. Откако Марија Терезија во три наврати била присилена да ја прифати загубата на Шлезија, било јасно дека Британија ја користи Хазбуршката монархија како алатка против сопствениот ривал - Франција. Чувството дека преговорите меѓу Британија и Франција делувале како заговор против нејзините територии додало уште поголема доза на гнев кај Хабсбурзите кон Британците.[110] Ваквото расположение исто така ќе има драстични последици врз развојот на дипломатските односи во наредната декада.

Конечниот договор бил потпишан на 18 октомври 1748 година во Слободниот Царски Град Ахен [111] помеѓу Велика Британија, Франција и Обединетите Провинции, а еден месец подоцна и од Шпанија и Хабсбуршката монархија. Конечниот резултат бил незадоволителен за речиси сите потписнички.

- Британија сѐ уште не ги решила колонијалните пресметки со Франција;

- Франција се чувствувала како сиот воен успех да бил залуден со оглед на тоа што не добила никакви придобивки од договорот;

- Обединетите Провинции продолжиле да го губат својот значаен статус и тонеле сѐ подлабоко во британска политичка зависност;

- Шпанија не добила никакво решение за својата трговија со колониите;

- А Хазбурзите, и покрај стабилизирањето на државата со потврдување на Марија Терезија како легитимен владетел, претрпела големи загуби за кои биле решени да го чекаат моментот кога ќе може да ги вратат.[112]

Ставање крај на немирите на овој начин само оставил простор за нови

[109] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 329-331.
[110] Исто, 294.
[111] Одредени градови како Ахен уживале посебен статус во Хабсбуршката монархија, со уникатни привилегии. За разлика од останатите градови, Слободните Царски Градови не биле потчинети на локален принц или епископ, туку биле директно под контрола на владетелот на државата. Благодарение на ваквата положба, токму во овие градови најчесто биле забележувани бројни откритија и технолошки унапредувања.
[112] M. S. Anderson, *The War of the Austrian Succession*, 148-150.

пресметки и дипломатски надигрувања. Меѓутоа за Британија, војната служела како одлично поле за тестирање на француските, но и на своите сили. Сега тие имале многу подобар увид во ситуацијата, и биле подготвени за нови планови и остварување на своите цели.

# Дипломатска тензија и предвечерие за конечна пресметка со Франција

Евидентно е дека Војната за австриското наследство сама по себе не е од особено значење за Велика Британија, барем не во поглед на нејзиниот територијален исход. Последицата која е најважна за Британците е јасната слика која се исцртува. Светскиот конфликт повеќе не е конфликт помеѓу бројни држави како големи сили, туку конфликт помеѓу досега доминантната европска сила – Франција, и силата која (свесно или не) имаше најголемо влијание врз растурање на француската хегемонија – Велика Британија. Резултатот од оваа политичка борба ќе има влијание врз развојот на новиот свет.

И додека во внатрешноста на Британија се одвиваат процеси на технолошки унапредувања и постепена промена на начинот на живот во пресрет на индустриската револуција, политичарите и државните предводници се фокусираат врз британско-француската борба за хегемонија и создавање на светска империја. Така, во ова поглавје главно ќе се фокусираме на британскиот аспект, предводен од државните секретари и нивните политики, цели и замисли за тоа како да се воспостави целосна доминација.

## *Браќата Пелхам, консолидирање на британскиот систем*

Ситуацијата по 1748 година ја оставила Велика Британија во заладени односи со сите останати сили. Спротивставеноста со Франција е и повеќе од јасна, Хабсбурзите се чувствуваат предадени, Обединетите Провинции се гледаат себеси како де факто потчинети вазали, Шпанија е непомирена со трговијата во Новиот Свет, а Прусија сè уште ги смета за непријатели од претходната војна.

Поради оваа ситуација, војводата од Њукасл, кој во меѓувреме ја презел функцијата на Северен секретар,[113] ги крои новите дипломатски планови. Главната причина зошто Њукасл имал толкава можност да ја диктира политиката е поради тоа што од 1743 до 1754 година, премиер на државата бил неговиот брат Хенри

[113] J. Black, *A System of Ambition?*, 203

Пелхам.[114] Бидејќи овие браќа држеле две од трите клучни функции во државата, било лесно да се спроведуваат одлуки во парламентот. Пелхам внимателно управувал со финансиите и внатрешната состојба, додека Њукасл ја диригирал британската надворешна политика.[115]

Пелхам навистина бил финаниски способна личност и поседувал дел од квалитетите на Волпол кои се покажаа како многу значајни за Британија. По војната, успеал да ги скрати државните трошоци, да го намали земјишниот данок и да скрати дел од енормниот долг кој државата го создала поради војната. Благодарение на него, Њукасл имал голема слобода во надворешната политика.[116]

Од друга страна, Њукасл соработувал со неколку последователни Јужни секретари, меѓутоа неговиот специфичен карактер и доминантна предиспозиција оневозможувале лесна меѓусебна соработка. Њукасл ја разбрал тешката дипломатска ситуација во која се наоѓала Британија. Како традиционалист, тој бил одлучен да ја одржи алијансата против Франција и Прусија, стравувајќи од предизвикот кој овие две земји можат да го наметнат. Поради тоа, сакал да има цврст сојуз и блиски односи со Хабсбурзите, Русија и Обединетите Провинции. Со цел да ги реставрира односите со Марија Терезија, тој работел за поддршка во германската политичка сфера на нејзиниот син, идниот Јозеф II (1765-1790), кој бил потврден за наследник на круната. Њукасл верувал дека британско-хабсбуршките несогласувања лесно можат да се заборават и надминат, што во пракса не било така лесно. Хабсбурзите не го заборавале предавството кое сметале дека им било извршено во војната, и биле огорчени од британската политика. Меѓутоа, Њукасл сметал дека немал избор, па сојузот со Хабсбурзите бил клучен поради стравувањето дека Прусија и Фридрих II ќе тргнат по Хановер на ист начин како што тргнаа по Шлезија, па не можел ни да замисли некакво зближување со Прусија.[117]

---

[114] Со цел да се разликуваат овие две личности и да се упрости посочувањето на нивните дејствија (и покрај тоа што биле браќа сепак имале индивидуални кариери и политички ставови), Томас Пелхам го нарекуваме „Њукасл“ додека Хенри Пелхам е просто наречен „Пелхам“.
[115] Исто, 5.
[116] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 254.
[117] J. Black, *A System of Ambition?*, 204-215.

## *Дипломатска револуција*

Во овој контекст можеме да пронајдеме еден од најзначајните настани во историјата на дипломатијата. Пресврт на дипломатски односи кои засекогаш ќе го сменат текот на светската политика и потрагата по остварување на државни интереси, без придржување до традиционални ставови и мислења.

Франција и Хабсбуршката монархија долго време се сметале за традиционални непријатели. Нивните интереси биле апсолутно контрадикторни. Француската желба за експанзија кон германските државички кои Хабсбурзите ги контролираат, вмешување во внатрешните работи на италијанските кнежества, и обидите за наметнување на династија во Шпанија долго време ги ставаат овие две држави во директен контраст. Вмешувањето на Велика Британија и нејзиниот подем како голема сила засекогаш ја менува оваа слика, а зајакнувањето на Прусија го прави конечниот пресврт на настаните.

Со заземањето на Шлезија од страна на Прусија, во германските територии конечно се јавува предизвик на долговековната хабсбуршка хегемонија, и преовладува ера на „дуализам" помеѓу двете држави. Така, за првпат по долго време, Британија нема да е таа која ќе го бира својот непријател и својот сојузник онака како што ѝ одговара, туку ќе биде присилена да игра со понудените карти. Дури и самиот Њукасл ќе биде принуден да го напушти системот на кој работеше за време на неговата функција како секретар.[118]

Иницијатор за дипломатската револуција бил војводата Венцел вон Кауниц-Ритберг (Wenzel von Kaunitz-Rietberg). Искусен австриски дипломат, Кауниц успеал да ја увиди дипломатската ситуација многу подобро од Њукасл, поради што од 1749 година почнал да го крои државниот план, а можноста за реализација на истиот била дополнително зголемена кога во 1753 г. станал и канцелар. Неговата идеја била да се скрши француско-прускиот сојуз, со што Фридрих II ќе биде изолиран и поразен со помош на Русија, а можеби и Франција. Реализацијата на неговиот долг план за кој поминал дури четири години во Париз, служејќи како амбасадор помеѓу 1750-1753 година, евентуално ќе вроди плод и токму Кауниц ќе

[118] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 441.

биде сметан за најзначајната личност од овој настан.[119]

Во меѓувреме, колонијалната тензија помеѓу Велика Британија и Франција продолжила да врие во време на мирот. Зголеменото присуство на колонистите во Америка и нивната поголема инволвираност во политичките работи не ја олеснила ситуацијата. Во 1749 г. започнале судири во речната долина кај Охајо, а во периодот од 1752-54 г. кога пристигнале нови француски трупи, британските трговци биле протерани од оваа област и биле изградени француски тврдини. Поради оваа офанзива, Британците директно испратиле домашни трупи со цел да се справат со проблемот. Британските трупи биле поразени во летото 1755 година, а истовремено британски морнари потопиле француски бродови кои половеле кон Канада. Овие два настани резултирале со прекин на дипломатските односи помеѓу Велика Британија и Франција.[120]

Кауниц не можел да дочека подобар момент, и веднаш ги забрзал преговорите, кои веќе станале јавна тајна. Помислата за сојуз помеѓу Франција и Хабсбурзите биле шокантни за Велика Британија и Прусија. Британија потпишала договор за издавање на субвенции кон Русија со царицата Елизабета, со цел за возврат таа да стационира сила од 55,000 војници на Балтикот кои ќе бидат спремни да и служат на Британија за одбрана на Хановер во случај на избивање на директна војна.[121] Овој договор го доближил Фридрих поблиску до Британија, и започнал да размислува за раскинување на сојузот со Франција, доколку има гаранции од Британија дека неговите германски поседи ќе бидат одбранети. Британија имала сличен интерес во поглед на безбедноста на Хановер, поради што Велика Британија и Прусија во јануари 1756 г. потпишале договор за ненапаѓање и за меѓусебна одбрана на своите територии во Германија, со цел да се одржи мирот во овие земји од било кој непријател.[122]

Реакцијата на овој договор била жестока. Марија Терезија го информирала британскиот амбасадор дека е револтирана што неговата држава потпишала договор со нејзиниот смртен непријател, а Луј XV се чувствувал измамен од

---

[119] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 295.
[120] J. Black, *A System of Ambition?*, 219-220.
[121] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 295-296.
[122] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 449.

Фридрих II, и сметал дека од овој момент не постои сојуз помеѓу Франција и Прусија. Дури и Русија, која се согласила на британски субвенции со надеж дека ќе ја искористи војната за да направи освојувања во Прусија, се повлекла од договорот со Британија. Конечно, на 1 мај 1756 година бил потпишан одбранбениот договор помеѓу Франција и Хабсбуршката монархија, со што конечно се случила дипломатската револуција. Со склучувањето на договорот, долготрајните средновековни непријатели конечно се сојузиле во одбрана на растечките закани од новите моќни сили на континентот – Велика Британија и Прусија[123].

## Вилијам Пит - Постариот

Сликата која ја добиваме од дипломатската револуција јасно ни ја отцртува политичката ситуација. Новите два блока се спремни да се судрат во конфликт кој ќе биде пресуден за тоа која држава ќе остави најголем печат и наследство врз историјата во пресрет на „епохата" која следи. Меѓутоа, пред да зборуваме за војната, не смееме да не посветиме внимание на еден од најзначајните британски ликови во осумнаесеттиот век, кој ќе биде клучен во претстоечкиот конфликт.

Вилијам Пит бил роден во 1708 г., во семејство кое се збогатило преку трговија во Индија. Студирал на Оксфорд, меѓутоа не ја завршил својата едукација поради желбата за потопла клима и прошетки, па така патувал во Франција и Италија, а по враќањето во Британија ѝ се приклучил на армијата. Иако во своите четири години како војник ниту еднаш не видел битка, сепак од неа излегол убеден дека војната е арбитер на историјата и судбина на државите. Со поддршка од богатото семејство во 1735 г. ја започнал политичката кариера во парламентот како член на Виговците. Набрзо, неговото име се прочуло поради ефективните ораторски вештини кои биле на нивото на Демостен и Кикерон, но и желбата за моќ, целта да го замени Волпол, да доминира во парламентот и кај кралот, и да ја крои судбината на Европа и светот по своја замисла.[124]

---

[123] Will & Ariel Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X – Rousseau and Revolution (*New York: Simon and Schuster, 1967), 40-42.
[124] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IX*, 113-115.

Неговите испади кога говорел против Хановер го оддалечиле од Џорџ II, но се стекнал со огромна популарност во парламентот, по што ја презел позицијата Исплатник Генерал, чија функција била да се грижи за финансирањето на војската.[125] Токму неговиот став против Хановер биле причината за падот на Лорд Картерет, кој ја загубил поддршката од парламентот поради ораторството на Пит.[126]

Неможноста да биде поткупен го натерала Пит да се чувствува како да е гласот на државата, па отворено се спротивставувал на сите владетелски режими. Зборувал и против Волпол, нарекувајќи го кукавички миротворец поради неговата нерешителност да тргне во војна со Шпанија, и несомнено го предизвикал и неговиот политички пад.[127] Сепак, кога Франција не го исполнила ветувањето за уништување на тврдините кај Данкирк, Пит се нашол во слична ситуација како Волпол, одбивајќи да води агресивна политика кон Франција, сметајќи дека државата не е подготвена за тоа, по што изјавил дека жали за изјавите кои во младоста ги дал против Волпол, бидејќи тогаш немал добро чувство за глобалната политика.[128]

Смртта на Пелхам во 1754 г. му го отворила патот за понатамошно напредување. Њукасл ја презел улогата на премиер, но без поддршката на својот брат му било тешко да го наметне влијанието кое претходно го поседувал, особено во домот на лордовите.[129] Поради ова, Њукасл ја побарал поддршката од Пит, ветувајќи му повисока функција со цел да соработуваат како најмоќни претставници во парламентот и да ја спроведат нивната политика. Пит станал Јужен секретар, целосно одговорен за воените дејствија, додека Њукасл се грижел за финансиите и обезбедувањето на поддршка од парламентот. [130]

На овој начин, во оваа кризна ситуација Велика Британија се осигурала дека на чело ќе има цврсти предводници, а ставовите на Вилијам Пит ќе бидат олицетворението на британската политика сè до Францускета Револуција.

[125] K. O. Morgan, *The Oxford History of Britain*, 449.
[126] J. Black, *A System of Ambition?*,196.
[127] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IX* , 122.
[128] J. Black, *A System of Ambition?*, 206.
[129] K, O. Morgan, *The Oxford History of Britain*, 449-450.
[130] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 255.

# Седумгодишната војна

Во ретроспектива, се чини дека сите досегашни војни и дипломатски игри беа клучни за подемот на британската империја. Сепак, кога ќе ја разгледаме Седумгодишната војна, вложувањата на завојуваните страни, и резултатите од истата, ќе разбереме дека таа претставува едно конечно финале на кое јасно ќе се одлучи кој е победник, а кој губитник во борбата за светска хегемонија.

За нас ќе биде најважно да разгледаме неколку аспекти: Воведот, ставот и позицијата на сите завојувани страни; Европскиот „домашен“ театар; Борбата во колониите; Исходот. Анализирањето на овие четири аспекти ќе ни го објасни и докаже значењето на оваа војна за понатамошниот развиток на светот, културата и наследството кое таа ќе го остави, како директен печат за сите идни случувања.

## *Завземање на страни. Цели и интереси*

Специфичните интереси на секоја од државите јасно ни покажува дека сите тие гледале на договорот од Ахен како на моментално примирје, шанса за пауза и воздишка, за евентуален конечен јуриш кон целта.

Велика Британија сакала конечна пресметка со Франција за колонијалните поседи. Франција била решена конечно да го освои Хановер со цел да го искористи како услов за размена на колонијални територии. Хабсбурзите сакале да си ги вратат загубените територии во Шлезија и да ја уништат Прусија со цел да се стави крај на претензијата за хегемонија во германските држави. Прусија сакала да ги задржи своите придобивки од претходната војна, но и да навлезе во Саксонија. Русија сакала да ѝ се спротивстави на Прусија на Балтикот и да ја наметне својата власт на овие територии, но и да навлезе подлабоко во Полска. Шпанија, исцрпена, неспремна, и на работ на паѓање во второстепена сила, нема да учествува во војната дури до последната година, а учество нема воопшто да земат ниту Обединетите Провинции.[131]

---

[131] Daniel Marston, *The Seven Years' War* (Oxford: Osprey Publishing, 2001), 13-15.

Договорите потпишани помеѓу Велика Британија и Прусија од една страна, и помеѓу Франција и Хабсбуршката монархија од друга страна, јасно ги оцртале двата блока. Имајќи ја предвид целта на Русија, царицата Елизабета се придружила на вториот блок набрзо по отпочнувањето на војната. Ваквата ситуација одела во прилог на Русија, особено кога станало јасно дека Прусија ќе ја има најтешката положба во војната, опкружена од три страни кои целат кон тоа да ја распарчат, додека истовремено таа ќе мора со Британија да го брани Ховер.[132]

## Војна за светска империја

Конфронтацијата во Охајо беше причина за почеток на немирите, но повеќе од јасно е дека првиот сериозен воен конфликт ќе се случи во Европа. Значајното приморско упориште Минорка, кое Велика Британија го доби по Војната за шпанското наследство, било местото на првиот европски судир помеѓу Британија и Франција. На 20 мај 1756 година француски бродови неуспешно го нападнале островот, меѓутоа британските бродови претрпеле толкава штета што морале да се повлечат до Гибралтар за поправка. Ваквата ситуација ја искористиле Французите, по што ја зазеле Минорка и нејзиниот беспомошен британски гарнизон, што било претставено како херојски успех за Франција. По овој настан Велика Британија ѝ објавила војна на Франција.[133]

Загубата на Минорка бил тежок почетен удар за Британците во војната, нешто што не очекувале да се случи толку рано. Фридрих II бил известен за развојот на настаните, но иако Британија ургирала да ги чека нејзините команди, Фридрих II едноставно бил личност со цврст, убеден, но и непредедвидлив карактер.[134] Тој не можел да си дозволи да чека неговите непријатели да го направат првиот потег, па наместо тоа, тргнал да го прави она што најдобро го знае – војување користејќи ја својата генијална стратегија. На негова одлука, Прусија ја нападнала областа Саксонија со еден молскавичен удар, по што

---

[132] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 468-469.
[133] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X*, 42-43.
[134] J. Black, *A System of Ambition?*, 221.

следувала и нејзина брза капитулација во октомври 1756 година. Хабсбурзите се повикале на договорот со Франција, и на овој начин двете страни, односно четирите држави, отворено влегле во војна.[135]

Мобилизацијата на Франција на континентот го активирала нивниот втор план за напад на уште една голема мета – Хановер. За одбрана на Хановер бил задолжен Вилијам, војводата од Камберленд, третиот и најмладиот син на Џорџ II. Француските мобилизирани трупи постојано притискале кон внатрешноста на Хановер, а Вилијам немал избор освен постојано стратешки да се повлекува, сѐ до целосниот пад на Хановер во јули 1757 година.[136]

Очигледниот негативен почеток ги забрзало внатрешните работи во Британија, па во ваква атмосфера бил изгласан човекот кој ќе се покаже како најголемиот воен министер во британската историјата – Вилијам Пит. Пит забележал дека првичните успеси на Франција, колку и да делувале деморализирачки, сепак се далеку од пресудни за исходот на војната. Воведувајќи трезвеност и стабилност, дал до знаење дека сега кога Франција е длабоко инволвирана во континентот ќе биде лесно за Британија да ја искористи својата поморска надмоќ, ставајќи огромен финансиски фокус врз одржувањето на морнарицата. Француската морнарица била разбиена во две битки кај Лагос и Кибероновиот залив (1759) со што бил спречен обидот за француска инвазија на британска почва.[137]

Покрај поморскиот аспект, Пит е значаен и поради неговата успешност да го оправда користењето на финансии и војска за борба во континентална Европа, нешто што дотогаш постојано било оспорувано од опонентите во парламентот.[138] За да внесе дополнителен жар и стимул, Фридрих II на британската јавност и бил прикажан како протестантски херој, воен лидер еднаков на Цезар.[139] За волја на вистината, Фридрих II го оправдал својот епитет на генијален воен командант, при што жарел и палел низ поседите на своите непријатели, а неговата неуморна

[135] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 468-469.
[136] D. Marston, *The Seven Years' War*, 35-37.
[137] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 335.
[138] Иронично, најчест опонент на оваа политика во минатото бил самиот Пит, познат по неговите многубројни жестоки, критички говори.
[139] J. Black, *A System of Ambition?*, 222-223.

армија постојано извојувала победи и во офанзива и во дефанзива. Неговите неорганизирани непријатели не поседувале генерали со еднаков ум како неговиот, постојано судирајќи се во директна пресметка со прускиот крал со цел да му нанесат решителен пораз. Успесите на Фридрих II, поткрепени со британски субвенции, купиле доволно време за Британија да нанесе дополнителни удари на своите нерпијатели.[140] Еден од овие удари бил враќањето на Хановер од страна на еден од пруските полковници – Кнез Фердинанд од Брауншвајг во март 1758 година.[141]

Напоредно со успесите во Европа, Британија бележела уште поголеми успеси во колониите. Луисбург бил повторно освоен, овојпат трајно, а Канада била целосно отсечена од останатите француски поседи во Америка, обележано со дотогаш најуспешната поморска операција, заземањето на Квебек (1759). Истата година биле освоени и неколку пристаништа во западна Африка. Успехот во овие области не се должел на некаква генијална стратегија, туку едноставно на бројната супериорност на британските бродови, која Пит ја увидел и искористил. А за разлика од квантитетот на бродови во Америка, во Индија пресуден бил финансискиот аспект. Финансискиот стимул од Источно-Индиската Компанија бил неспоредливо подоминантен од оној на француските компании, и го објаснува лесниот пад на сите француски поседи во овој регион. На сметка на сето ова, единственото нешто со кое Франција можела вистински да се пофали било освојувањето на Минорка во почетокот на војната.[142]

Експлозивниот почеток на војната не го задржал своето темпо до нејзиниот крај, па така во втората половина заморот и финансиските проблеми зеле огромен товар на сите завојувани страни. Меѓутоа, доколку досега уморот се чувствуваше во војските и нејзините генерали, сега можеме да го забележиме и кај нивните владетели. Шпанскиот крал Фердинанд VI починал и бил наследен од Карлос III (1759-1788), кој имал нерасчистени сметки со Британија, бидејќи за време на Војната за австриското наследство управувал со италијански територии.[143] Ова

[140] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X*, 46-57.
[141] D, Marston, *The Seven Years' War*, 50-51.
[142] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 335-336.
[143] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 476.

резултирало со „семејниот пакт“ помеѓу шпанскиот и францускиот бурбонски крал во 1761 година. Првично се чинело дека ова е сериозен дипломатски удар за Британија и нејзините сојузници. Меѓутоа, силите на старата славна шпанска империја одамна биле исцрпени, а освојувањето на Хавана на Карибите и Манила на Филипините во 1762 година биле доказ за тоа.[144]

Џорџ II починал во октомври 1760 година, и бил наследен од Џорџ III (1760-1820), чија незаинтересираност за Ханoвер дала поинаков контекст на војната. Новиот крал инсистирал на сепаратен мир со Франција, кој веќе бил понуден од француските претставници, со цел Фридрих II да биде оставен на цедило. Вилијам Пит, кој низ текот на војната стекнал огромна почит према Фридрих II, не сакал да чуе за такво нешто. Сè уште верувал во својот дотогашен сојуз, и сметал дека одделен мир нема да ги задоволи британските амбиции, бидејќи неговиот сон било целосното уништување на Франција. Британскиот парламент и кралот инсистирале на мир, па Пит во октомври 1761 година решил да поднесе оставка. Неговиот наследник, грофот од Бјут, го молел Фридрих II да признае пораз и да предаде дел од Шлезија на Хабсбурзите. Кога Фридрих II одбил, Британија ги скратила субвенциите, а Прусија била препуштена сама да се бори со сите непријатели на континентот. Се чинело дека само чудо можело да го спаси Фридрих II.[145]

Чудото се случило кога починал и трет владетел вмешан во овие пресметки – руската царица Елизабета. Таа била наследена од нејзиниот внук Петар III (јануари 1762 - јули 1762) кој не им верувал на Хабсбурзите, ги мразел Французите, а имал огромна почит према Фридрих II, со кого веднаш потпишал мир.[146] На овој начин, главната движечка сила за борба против Прусија била отстранета. Изнемоштената Франција повеќе не можела да се бори на копно, па Фридрих II останал само да се пресметува на еден фронт со хабсбуршките војски, нешто што за него било лесен залак.[147]

Промената на дел од владетелите во Европа, воениот замор, финансиските

---

[144] J. Black, *A System of Ambition?*, 224.
[145] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X*, 60-61.
[146] Подоцна и самиот Фридрих II велел дека го смета Петар III за лудак, поради тоа што пропуштил ваква прилика за својата држава.
[147] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 478-479.

трошоци, воената способност на Фридрих II, и се разбира британската поморска доминација, дале до знаење дека дошло време за крај на сите судири и спротивставувања кои се случиле во последните 7 години. Франција и нејзините сојузници биле подготвени да го преговараат својот пораз, а Велика Британија да ја воспостави својата светска хегемонија.

## *Жнеење на придобивките во мировните преговори*

Банкротот на Франција, целосно уништената флота на Шпанија и изморените Хабсбурзи ја довеле Велика Британија во ситуација каде ќе може буквално да ги диктира мировните услови во нејзина полза. Сепак, британските непријатели требало да бидат навистина благодарни за оставката на Пит кој сакал да ја сведе Франција на ранг на второстепена сила, па дипломатите Бјут и грофот од Бедфорд[148] кои ги преговарале условите биле поумерени од него. Меѓутоа, умереност не значи помилување.

Франција целосно ги препуштила своите поседи во Канада и Индија на Велика Британија, вратен бил островот Минорка, а добиен бил и Сенегал во Африка. На сметка на ова, на Франција и Шпанија им биле вратени дел од нивните поседи на Карибите. Дополнително, Франција се обврзала на неутралност во споровите помеѓу Прусија и Хабсбуршката Монархија, и повлекување на нејзините војски од пруската територија во западна Германија. Единственото нешто што ѝ останало на Франција биле рибарските права низ неколку острови во близина на Њуфаундленд[149] и неколку трговски станици во Индија. Шпанија била принудена да ја отстапи Флорида на Британија, но за замена на сметка на Франција ја добила Луизијана. Мирот бил потпишан во Париз на 10 февруари 1763 година.[150] [151]

---

[148] Понатаму, двајцата ќе се покажат како второстепени личности со само епизодна улога во овој краток период, поради што нема потреба да се посвети конкретна биографија на нивните животи.
[149] Пит бил револтиран од ваквата одлука, но Бедфорд го уверувал дека ги оставил овие поседи за да го намали револтот од Франција, и можноста за идна поголема одмада.
[150] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X*, 62.
[151] Иако ваквиот мир значел дека Фридрих II ќе мора самостојно да преговара со Хабсбурзите, за него тоа не било проблем поради доминантната положба во директната конфронтација, па евентуално бил договорен статус кво како од пред војната на политичката карта, меѓутоа овојпат

Седумгодишната војна ја ставила Велика Британија во убедливо доминантна позиција и како најмоќна сила во светот, кревајќи ја на ниво на вистинска светска империја, неприкосновена во нејзиниот престиж, углед и моќ. Поразите нанесени на нивните непријатели значеле дека сега Британците може полесно да се фоксуираат на развивање на индустрискиот капитализам, а воедно и на менаџирање со колониите кои несомнено само дополнително ќе вршеле стимул врз растот и развојот на британската империја.

со Шлезија цврсто во негови раце, а Хабсбуршката монархија оставена во сериозни финансиски проблеми.

## Значењето на колониите и развојот на трговијата

Откривањето на Новиот Свет и неговото постепено истражување несомено ги промениле државните цели и приоритети. Со цел да се стимулира трговијата поради тамошните ресурси, во новооткриените територии биле воспоставени колонии, што дало можност за миграција на европското население. Растот и развојот на колониите, управувањето со истите и нивното искористување станува една од главните преокупации на европските сили, меѓу кои и Велика Британија. Затоа, во пресрет на Американската Револуција против британската круна, важно е да навлеземе подлабоко во истражувањето на колониите и начинот на кој што се одвивала трговијата во осумнасеттиот век.

### *Колониите*

Во 1497 година Венецијанскиот морнар Џон Кабот [152], поддржан од англискиот крал Хенри VII (1485-1509), е првиот човек кој повел англиски бродови низ Атлантикот и ги открил северноамеричките брегови. Изворите за Кабот се скудни, самиот тој не бил писател како Колумбо, па тешко е да се утврдат точните локации кои ги открил. Дополнително, новиот крал Хенри VIII (1509-1547) не бил толку заинтересиран за финансирање на експедиции, поради што Англија на некој начин доцнела во процесот на колонизација за време на Големите географски откритија во споредба со своите соседи.[153]

Првата англиска колонија била воспоставена на територијата на Вирџинија во време на кралот Џејмс I во 1607 година, добивајќи го името Џејмстаун во негова чест. Оттука започнало разгранувањето на англиските, односно британските колонии во Америка, најчесто раководени од разни компании преку буџет доделен од круната, со цел да ги развиваат државните поседи во Новиот Свет.[154]

---

[152] Роден како Џовани Кабото, но британската историографија и сите британски документи издадени во времето на неговото живеење во Англија го наведуваат неговото англицизирано име - Џон Кабот.
[153] Edward Gaylord Bourne, *The Northmen, Columbus and Cabot, 985-1503* (New York: Charles Scribner’s Sons, 1906), 237-239.
[154] N, Canny, *The Oxford History of the British Empire, Vol. I*, 71-74.

Луѓето кои се населувале во колониите најчесто емигрирале во потрага по работа или земја, а некои заминувале со цел да се стекнат со религиозна слобода поради честите религиски прогонувања во Европа. На овој начин, тие се здобиле со еден вид политичка слобода и можност за изразување каква што немале на континентот, што е првиот показател на желбата на овој народ за создавање на сопствена идеја и концепт на управување. Сепак, и покрај овие цели и замисли, тамошните жители сѐ уште се гледале себе си како Британци.[155]

Покрај развојот на северноамеричките колонии, Велика Британија успеала да се стекне и со други поседи како Мумбај (1661), Форт Џејмс во западна Африка (1664), Бахамите (1670), Акра (1672), три упоришта во Суматра, западна Индонезија (1684-5) и Калкута (1698). Овие нови освојувања биле инкорпорирани во кралството, заедно со веќе постоечките поседи во Јамајка, Белизе, и Мискитскиот залив во Никарагва и Барбадос.[156]

Од европски поглед, во осумнаесеттиот век овие колонии едноставно биле сметани за области кои требало да служат како станици за трговија, извор на суровини кои ќе служат за продукција во матичната земја, и како пазар за други произведени добра. Сите закони и регулативи кои биле носени биле во служба на овој интерес – поддршка и придонес за растот и развојот на државата и создавање на економски унифицирана империја. Најзначаен од овие закони бил „Актот за Навигација“ (1660), кој постојано бил надополнуван како што растеле колониите, со цел да ги монополизира продуктите кои тие ги произведувале за да се стимулира државната економија. Во периодот на нејзиното создавање овој акт навистина имал смисла и не бил користен како инструмент за експлоатација, меѓутоа настаните кои досега ги разгледувавме во осумнаесеттиот век ја довеле Велика Британија во ситуација да мора да го користи актот за навигација на неконвенционален начин – директна финансиска инекција.[157]

Војните во 18 век доведоа до територијално проширување на Велика Британија. Во 1713 г. беа добиени Њуфаундленд, Нова Шкотска, Свети Кристофер

[155] Philippa Levine, *The British Empire: Sunrise to Sunset* (Harlow: Pearson Education Limited, 2007), 31-32.
[156] J. Black, *A System of Ambition?*, 96.
[157] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 357-358.

и Хадсоновиот Залив, а од 1763 г. под британска круна влегоа Сенегал, Гренада, Тобаго, Свети Винсент, Доминика, Канада и Флорида. На сметка на овие атлантски поседи не смеат да се запостават ниту придобивките во Индија, но во 18 век Велика Британија се уште нема воспоставено толкава контрола и регулација на оваа територија. Поради релативната близина со Америка, колониите на Атлантикот се сметаат за приоритет во колонијалното раководење.[158]

Фокусот на американските колонии, проширено со останатите колонии во Атлантскиот океан низ Карибите и западна Африка, се една од главните одлики на Првата Британска империја. Загубата на дел од овие територии во Американската војна за независност ќе ја предизвика промената на фокусот од запад кон исток, давајќи им поголемо значење на териториите во Индија и источна Азија. На тој начин во историографијата се прави дистинкција помеѓу Првата и Втората Британска империја, чиј фокус, државна политика, но и територија и политички услови претрпуваат драстична промена.

## *Трговијата*

Вредноста на секоја колонија се мерела според трговските можности кои таа ги нуди. Додека во средниот век главните извори на богатство биле даноците, во новиот век воспоставувањето на колонии и развивањето на поморските патишта ѝ дале примат на трговијата. Поради тоа, започнала да се јавува очигледна разлика помеѓу западните држави со колонијални поседи, и оние во внатрешноста во Германија, Италија, Скандинавија и централна Европа. На овој начин, државите-колонисти започнале да се гледаат себеси како светски држави, а не европски, што допринело до идејата за развивање на империјализам.[159]

Развојот на глобалната трговија отворал можност за паралелен развој и на приватните претпријатија, се разбира со поддршка и надзор од државата, но сепак тоа претставувало почеток на една нова економска идеја. Диверзификацијата на производи, ресурси и инвестиции извршиле влијание врз специјализацијата во

[158] J. Black, *A System of Ambition?*, 97.
[159] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 358-361.

одредена гранка, поголем влог во истражување на нови методи и практики, што несомнено било основа за индустриската револуција. Во Велика Британија благодетите од трговијата ги натерале разните трговци, морнари и финансиери да го напуштат Лондон поради скапите давачки и цена на живот, и заминале во други предели на државата каде можеле послободно да го развиваат својот бизнис.[160]

Едно од главните добра кои Британците ги увезувале од колониите во Америка бил шеќерот. Комбинирано со увозот на чај од истокот, овие две состојки извршиле диетални промени кај народот. Дополнително, Британија ставила големи даноци за потрошувачите на кафе со цел да го анулира кафето од британскиот пазар. Причината лежи во тоа што кафето било едно од главните трговски добра на француските колонии, па ова претставувало ново (овојпат мирно) бојно поле помеѓу двете држави, и е главната причина за популарноста на чајот во денешна Англија. Румот исто така бил популарен увоз, додека култивирањето на памук постоело, но се уште било во рана фаза. На Карибите покрај памук се одгледувале и тутун, индиго и ѓумбир.[161] Колониите Вирџинија и Мериленд исто така произведувале огромно количество на тутун. Од Канада се добивале крзна кои биле основа за развивање на шапкарската индустрија. Од Њуфаундленд пристигале неограничени количини на солена риба кои станале главен извоз во медитеранските католички земји. За размена со колониите биле произведувани текстил и облека, алати, оружје, опрема, хартија, стакло и други добра.[162]

Развојот на трговијата со производи придонел за развој на уште еден вид на трговија – трговијата со робови. Во почетните фази од колонијализмот за работа во колониите било користено домородното население. Но, со зголемувањето на територииите, култивизацијата на разни растенија и зголеменото производство, Британија и европските сили се свртеле кон Африка и тамошната популација, која била сметана за поефективна, а била и побројна. Дел биле купувани од трговски компании кои оперирале во западна Африка, а дел биле стекнати преку размена на добра со локални афрички држави.[163]

---

[160] P. J. Marshall, *Oxford History of the British Empire, Vol. II*, 55-63.
[161] Исто, 394-422.
[162] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 361-362.
[163] Jeremy Black, *The Atlantic Slave Trade In World History* (New York: Routledge, 2015), 50-51

Системот го добил називот „триаголна трговија“, што претставувало процес во кој се пренесувале робови од Африка во Америка, каде тие работеле на разни културни растенија, кои пак како суровини се пренесувале во Британија и од нив се создавале продукти кои Британците ќе ги пласираат на светскиот пазар (и ќе доминираат со истиот). Триаголната трговија постоела подолго време и била спроведувана и од останатите сили како Шпанија и Франција, меѓутоа Британија ќе ги однесе работите еден чекор понапред со тоа што преку триаголната трговија ќе ја контролира светската економија.[164]

За да го искористи максимумот од трговијата, Велика Британија често наметнувала економски регулативи врз своите колонии. Идеите за слободна трговија сè уште биле далеку од фаќање корен во осумнасеттиот век. Регулативите промовирале владин протекционизам, со објаснување дека уништување на трговскиот баланс ќе има негативни последици врз добросостојбата на народот и државата. За да се остварат политичките цели било значајно да се заштити домашниот пазар и во колониите да се охрабри тргувањето и увозот на готови производи од Британија. Извозот на суровини во странство бил строго забранет, но исто така била забраната и емиграцијата на занаетчиите.[165]

Конечно, треба да го истакнеме значењето на американскиот пазар кој имал приоритет во овој период. Азиските држави, особено Кина, биле самодоволни од економски поглед и сè уште биле доволно цврсти за да не потклекнат под европски притисок, а африканските биле пресиромашни за да се развие сериозен пазар. Ова е евидентно кога ќе забележиме дека кон Азија годишно испловувале само околу десетина британски бродови, додека кон запад во Америка биле испраќани стотици. Поради ова, кога властите и луѓето гледале надвор од Европа, фокусот секогаш паѓал врз Америка. Клучната трговија за економската добростојба, релативната близина и побрзата и лесната комуникација го допринеле своето, па цврстата регулација на новиот запад станал државен

[164] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 363.
[165] J. Black, *A System of Ambition?*, 102-103.

императив.[166]

Сепак, Велика Британија за кратко време ќе биде принудена да стави поголем фокус на истокот. Причината за тоа ќе биде еден од најзначајните настани во осумнаесеттиот век за современата историја.

[166] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 365-371.

## Американската независност и нејзиното влијание врз моќта на Велика Британија

Низата од британски триумфи во осумнаесеттиот век нанела голем товар врз државата, товар кој морал да биде акумулиран преку преземање на нови, драстични чекори. Дополнително, атмосферата во колониите постепено се вжештувала, а новиот британски Крал Џорџ III, со своите размислувања и политики кои драстично се разликувале од неговите претходници, бил исто така влијателен фактор врз настаните кои следувале. Бидејќи периодот кој ни следи претставува една огромна пресвртница во британската историја, анализирањето на војната за американската независност и причините за истата се од огромно значење, особено од британска гледна точка.

### *Џорџ III*

Евидентно е дека постепеното преточување на одлучувачка моќ во државата од кралот кон парламентот продолжило да постои и во осумнаесеттиот век, особено како резултат од слабиот карактер на Џорџ I и Џорџ II. Меѓутоа, Џорџ III бил поразличен. Почетниот период на неговото владеење се смета за последен обид во историјата на Велика Британија кога крал направил сериозни напори за реставрирање на кралскиот авторитет. Овој обид сепак не бил извршен преку некакви завери за соборување на парламентот или менување на уставот на државата. Напротив, за овие работи Џорџ III имал огромна почит. Па така, делувајќи во законските рамки на државата, тој се обидел ефективно да ги искористи оние моќи кои ги поседувал во теорија, но поради неумешноста на неговите претходници тие започнале да се губат во пракса, особено правото да ги избира своите министри.[167] Од самиот старт на неговото владеење било евидентно дека Џорџ III бил поинаков од она на што биле навикнати британските политичари. Прашањето кое треба да го одговориме - зошто?

Идеите на Џорџ III главно се препишуваат на влијанието кое го попримил од

[167] Исто, 171-172.

неговиот татко, Фредерик Луис, кој бил син и престолонаследник на Џорџ II пред неговата смрт во 1751 година. Фредерик имал за цел да го зајакне кралскиот авторитет преку воздигнување на кралската личност,[168] а по неговата рана смрт, идниот Џорџ III имал доволно време да ги замисли и да исцрта план за остварување на овие идеи. Дополнително, тој всушност и бил првиот крал од хановерската династија кој бил роден и израснал во Британија, а не во турбулентната Германија. Станувајќи крал на 22-годишна возраст, Џорџ III начекал совршена можност да започне со спроведување на својата политика.[169]

Уште во време на Седумгодишната војна, Џорџ III ги презел првите чекори. Се спријателил со грофот од Бјут за да го урне авторитетот на Пит, што резултираше со неговата оставка од секретарската функција.[170] Наоѓајќи се во изолирана состојба, но и поради неговата старост и изнемоштеност, истото го направил и Њукасл во 1762 година. Отстранувањето на двајцата највлијателни министри од политичката сцена и нивното заменување со послаб кадар, резултирало со моментално зајакнување на кралскиот авторитет и негова поголема инволвираност во надворешните политики.[171]

Џорџ III воопшто не бил заинтересиран за Хановер, и во текот на својот живот ниеднаш не го посетил родното место на неговите предци, што веднаш ни дава различна слика за британскиот фокус од оваа нова историска етапа. Првата декада од неговото владеење со фокусирала на пронаоѓање на лојални министри, кои сепак ќе бидат доволно моќни за да ја спроведат неговата политика.[172] По неколку неуспешни обиди, го пронашол својот човек во ликот на лордот Фредерик

---

[168] Дел од замислите вклучувале уништување на партиската поделба помеѓу Ториевци и Виговци, институционализирање на британската уметност во целосна служба на круната и државата, а покрај тоа Фредерик го финансирал и компонирањето на една од најпознатите британски патриотски песни „Rule Britannia“, сè со цел кралската персона да се стекне со стравопочит надвор од државата, а со обожување во внатрешноста.

[169] Linda Colley, *Britons: Forging the Nation 1707-1837* (New Haven and London: Yale University Press, 2005), 204-207

[170] И покрај неговото повлекување, Пит ќе биде приморан за кратко да се врати на политичката сцена во периодот помеѓу 1766-1768 година како премиер, но неговата популарност во долниот дом ќе биде уништена поради одлуката да прифати благородничка титула со цел да биде подалеку од големите дебати и одлуки, во главно поради неговото нарушено здравје и возраст. На сметка на ова, ја загубил неговата политичка ефективност и нема да има голем збор во одлуките за американските колонии.

[171] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 255-256.

[172] J. Black, *A System of Ambition?*, 40-41.

Норт (Frederick North) кој ќе ја презеде премиерската функција (1770-1782) во име на кралот. Во дадениот момент се чинело дека Џорџ III успеал да ги оствари своите цели. Меѓутоа, целиот овој напор ќе биде уништен во престојната војна со американските колонии во војната за независност, нанесувајќи силен удар врз угледот на монархијата и нејзините приврзаници поради неумешноста на Џорџ III и Норт да се справат со бунтовниците.[173]

## *Тринаесетте колонии – Соединетите Американски Држави*

Британските поседи во Америка претрпувале чести промени, понекогаш од административни причини, понекогаш поради нивната експанзија, промени на граници и поефикасно управување со истите. Терминот „Тринаесетте Колонии" не е официјален, туку бил назив користен во контекст на колониите и провинциите кои се кренале на востание:

1. Делавер;
2. Пенсилванија;
3. Њу Џерси;
4. Њујорк;
5. Џорџија;
6. Конектикат;
7. Масачусетс;
8. Мериленд;
9. Јужна Каролина;
10. Северна Каролина;
11. Њу Хемпшир;
12. Вирџинија;
13. Род Ајленд.[174]

---

[173] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 172-173.
[174] A. Goodwin, *The New Cambridge Modern History Vol, VIII. The American and French Revolutions 1763-1793* (Cambridge: Cambridge University Press, 2008), 476.

Колониите долго време уживале голема политичка слобода, далеку од стегите на строгите британски политички наметнувања. За внатрешните работи, закони и регулации биле избирани членови во собранија создадени од самите колонии, бидејќи британската влада не била многу заинтересирана за нивните внатрешни политики, освен ако немаат некакво влијание врз државниот приход. Единствениот интерес на Велика Британија било да ја контролира трговијата, а го имала и главниот збор при оданочувањето на колониите и нивната одбрана. Меѓутоа, регулациите започнале да се променуваат по 1763 година.[175]

Иако Велика Британија во мировните договори навистина „заработи“ многу во поглед на своите поседи, сепак Седумгодишната војна нанела тежок удар врз нејзините финансии. Државниот долг бил значително зголемен, на Британците им бил наметнат данок за јаболковина, што била (и сè уште е) голема и развиена индустрија, особено во западните делови од државата. Владините управници правеле сè за да ги покријат финансиските недостатоци. Набрзо станало јасно дека внатрешноста на Британија нема да успее да го покрие ова, поради што интересот бил свртен кон колониите, што довело до промена во политиката кон нив.[176]

Одржувајќи хегемонија врз Северна Америка, Велика Британија започнала да спроведува специфична финансиска политика во своите американски колонии, без да води многу сметка за како тоа ќе се рефлектира врз тамошното население. Провинцијата Квебек ќе обезбеди риба и крзно во изобилие, американските колонии, на кои ќе им се придружат колонисти од новостекнатите колонии во Канада и Флорида, ќе претставуваат еден голем, лојален пазар за британските производувачи, неисцрплив извор на суровини, а како додаток на тоа ќе бидат наметнати регулативи за зголемен приход. Дополнително, колониите на Карибите ќе бидат искористени за зголемување на трговијата со робови, а истовремено ќе нудат постојан проток на тропски добра. Претворањето на западните колонии во „рудник за приход“ и стабилизирањето на економијата на овој начин би ѝ дала можност на Британија да се фокусира врз развој и експанзија кон истокот, особено

---

[175] P. Levine, *The British Empire: Sunrise to Sunset*, 36-37.
[176] P. J. Marshall, *Oxford History of the British Empire, Vol. II*, 327.

во Индија.[177]

За да се оствари оваа замисла морале да бидат стегнати разлабавените мерки кои постоеле во Америка. Колонистите биле натерани посериозно да внимаваат на постоечките трговски закони кои не биле сериозно почитувани, на отсутните царински работници им било наредено веднаш да се стационираат на своите назначени позиции, а британската морнарица била испратена да патролира и да делува против шверцери. Дополнително, за да избегнат проблеми со домородното население, била поставена вертикална линија која се простирала долж Апалачките планини со цел да се натераат колонистите да вршат експанзија кон север во Квебек и Нова Шкотска, или кон југ во Флорида, кои биле послабо населени, наместо кон „дивиот запад". За да се спроведат овие мерки на дело биле испратени 10.000 британски војници кои ќе се осигураат дека сѐ ќе се одвива прописно.[178]

До овој момент, американските колонисти веќе имале постоечки регулации до кои се придржувале. Воглавно, колониите немале можност да развиваат индустрии кои ќе се натпреваруваат со оние во Британија, па така тие не смееле да произведуваат облека, шапки, и други производи од кожа или железо, или да градат челични печки и валавници. Буквално се велело дека ниедна шајка не смее да биде искована во Америка, без дозвола на парламентот. Дополнително, тие смееле да извезуваат продукти само преку британски бродови, и не смееле да продаваат тутун, памук, свила, кафе, шеќер и ориз на никого освен на Британците. Увозот смеел да доаѓа само од европскиот континент, откако прво добрата ќе поминат низ Британија, ќе се плати царински данок, и ќе бидат пренесени повторно на британски бродови. Постоел огромен данок за увоз на шеќер и шеќерни производи од било кој извор кој не бил британски. Британците ја оправдувале оваа политика, сметајќи дека ова се прави со цел да ги заштитат и наградат своите луѓе, дека колонистите и онака уживале големи придобивки од британските продукти поради тоа што биле исклучени од плаќање на дополнителен данок за нив, и дека Велика Британија заслужува економски

---

[177] K, O. Morgan, *The Oxford History of Britain*, 459-460.
[178] P. J. Marshall, *Oxford History of the British Empire, Vol. II*, 327.

возврат за да ги исплати трошоците за заштита на овие поседи од Французите и од домородното население. Ваквото оправдување на мерките не било радосно прифатено од колонистите, бидејќи тие и онака често пати преземале голем товар од изнемоштувачките војни кои досега ги водеше Велика Британија.[179]

Меѓутоа, за да се обезбедат финансии за војската и за административните протоколи, постоела потреба од нови даноци кои биле постепено наметнувани врз колониите. Прв бил новиот обновен и построг „Акт за шеќер“ во 1764 година, со кој делумно се регулирала трговијата, а делумно се добивал директен приход од колонистите. Следната година бил донесен „Актот за печат“, кој наметнал данок за користењето на правни документи, весници, карти за играње, и останати видови на хартија, кој недвосмислено бил донесен за директно да се соберат пари за исплата на војниците. Истата година бил донесен уште еден акт кој ги обврзувал жителите во колониите да ги снабдуваат војниците со сместување и храна доколку има потреба.[180]

Разбирливо, ваквите дополнителни мерки придонеле за развивање на сериозна фрустрација во колониите. Колонистите сметале дека новите оданочувања само го зголемуваат постоечкиот товар кој го носеле за време на војните, трошејќи ги своите војници и финансии во истите. Уште поголем проблем било зголеменото воено присуство. Колонистите имале голема омраза кон новите стационирани британски војници, чувствувајќи се понижено што мора постојано да им удоволуваат. Британија тврдела дека војниците се испратени со цел да се зголеми военото присуство за да се одвратат непријателски сили од обиди да се вмешуваат во нивните колонии, но и да бидат во близина доколку избие нов конфликт со некоја европска сила во било кој дел од Америка. Колонистите не верувале на овие мотиви, сметајќи дека нивната слобода е загрозена, и гледајќи ги војниците како симбол на авторитативно владеење, чие избегнување било императив за нивниот слободоумен карактер.[181] Сепак, за главен проблем го сметале фактот што нивните политички права биле загрозени, бидејќи државата наметнувала даноци, а колонистите немале свои претставници во парламентот,

[179] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X*, 708-709.
[180] P. J. Marshall, *Oxford History of the British Empire, Vol. II*, 327-328.
[181] P. Levine, *The British Empire: Sunrise to Sunset*, 37.

тврдејќи дека сè што досега било наметнатно е нерегуларно и непрописно со законот.[182] Овие аргументи не биле сфатени сериозно од страна на Британците кои продолжиле да ги осигуруваат колонистите во својата добронамерност и дека парламентот ги зема предвид и нивните интереси, што само го зголемувало нивниот гнев.[183] Како реакција, колонистите ја претставиле паролата „Нема оданочување без претставништво", правниците избегнувале да го користат британскиот печат, весниците отсликувале череп на местото кое требало да биде оптечатено, а британски продукти биле бојкотирани, сè со цел да се изборат против опресијата од луѓе кои никогаш не стапнале на нивната земја. Ваквиот став и размислување јасно ја потенцирал разликата која се развила помеѓу матичната земја и колониите, и сè поголемото меѓусебно дистанцирање.[184]

Конечното избувнување се случило по еден специфичен настан, засекогаш запаметен во американската традиција. Имено, провинцијата Бенгал во Индија била зафатена од глад поради недостаток на храна, што ги загрозило можностите за профит на Источно-Индиската компанија. За да се скратат државните давачки кон посредувачите, во 1773 г. парламентот го издал „Актот за чај", испраќајќи ги бродовите на компанијата директно во Америка. Пристигнувањето на овие бродови било гледано од колонистите како на симбол на омразениот британски монополистички трговски режим. Во декември истата година се случил настанот кој во историјата е познат како „Бостонската чајанка". Имено, револтирани колонисти од Бостон влегле во три од овие бродови, симболично облечени како домородци, и во знак на протест го фрлиле сиот чај во водата. Реакцијата на Велика Британија била брутална. Биле затворени сите пристаништа, ставајќи го животот на сите колонисти под ризик, и ги повлекле нивните колонијални граѓански и политички права. Избраните колонијални предводници на Масачусетс биле заменети со номинирано собрание од Британија, а бил издаден и „Акт за Квебек", каде се признала католичката религиозна слобода во обид да се искористат тамошните жители во борба и експанзија кон Масачусетс. До преземањето на овие

[182] Интересно е да се напомене дека од сите луѓе, токму Вилијам Пит бил човекот кој во парламентот истакнал дека е вистина дека државата нема легална основа за да го зголеми одданочувањето, но за ова не добил голема поддршка.
[183] P. J. Marshall, *Oxford History of the British Empire, Vol. II*, 328-329.
[184] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X*, 709-710.

мерки, дури и по „Бостонската чајанка“, побунетите колонисти биле малцинство во поглед на своите сонародници во Америка. Меѓутоа, поддршката се зголемила откако ја посведочиле британската реакција. Претставниците на тринаесетте колонии се сретнале на конгрес во април 1774 година, каде се идентификувале себеси со бунтовништвото на Масачусетс, сојузувајќи се во заедничка борба. Во 1775 г. избиле првите воени дејствија, а во 1776 г. бил свикан втор конгрес при што во јули тринаесетте колонии ја потпишале Декларацијата за Независност, создавајќи ги Соединетите Американски Држави. [185]

### *Британска воена реакција и француската одмазда*

Војната ја нашла Велика Британија во својата најлоша положба во овој век. Покрај очигледните финансиски проблеми за чие надминување побунетите колонии биле клучен елемент, државата за првпат немала вистински сојузници на континентот и се наоѓала во изолација. Имајќи ја улогата на најдоминантната европска држава, Велика Британија веќе не можела да ја искористи старата реторика, повикувајќи се на наводна опасност од француска доминација на континентот. Токму оваа изолација ја објаснува причината за нејзиниот пораз во Америка. Овојпат го немало Вилијам Пит да ја зајакне британската сила и да ги даде правите насоки. Наместо тоа, постоел раскол во внатрешноста. Трговците со политичка моќ во државата го кренале својот глас поради нарушените можности за профит, Џорџ III и Лордот Норт биле обвинувани за поддржувачи на аристократијата со цел да се направи преврат во парламентот, и ситуацијата делувала сосема неорганизирана и хаотична, исполнета со меѓусебни обвинувања и пресметки во недостаток на цврста фигура која ќе ја предводи Велика Британија во нови триумфални чекори.[186]

Франција ја забележала оваа ситуација и не чекала долго време за реакција. Во мај 1776 г. новиот крал Луј XVI (1774-1792) испратил тајна финансиска помош за бунтовниците, истовремено преземајќи чекори за воена

[185] P. Levine, *The British Empire: Sunrise to Sunset*, 39.
[186] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 342-343.

подготовка и зајакнување на морнарицата. Британците дознале за вториот чекор благодарение на развиената разузнавачка служба, по што меѓусебните државни односи продолжиле да тонат, а во 1777 г. била издадена наредба британските бродови да ги пребаруваат сите француски бродови во близина на Америка, со цел да се најде доказ за поддршка на востаниците, но и да се одложи француска интеревенција додека не се добие војната во Америка.[187]

Но, војната со колониите не одела така ласно. По еден тежок пораз во Њујорк, декември 1777 година, Франција ја дочекала својата шанса. На почетокот на 1778 г. потпишала сојуз со Соединетите Американски Држави, со што војната добила сосема нови димензии за Велика Британија. Целите биле да се одбранат останатите поседи кои не се приклучиле на тринаесетте колонии, да ја одржат поморската трговија, да го згаснат востанието и да се борат со Франција.[188]

Сфаќајќи дека воената ситуација ќе биде тешко да се разреши, Британците се обиделе да го најдат решението во дипломатијата. На бунтовниците им бил понуден мир во 1778 г. со драстични концесии, но француската поддршка била клучна за одбивање на овие услови. Бил направен обид за сојуз со Русија, кој бил одбиен поради фактот што Британија не сакала да се обврзе за воена помош во случај на избивање на Руско-Турска војна. Прусија воопшто не дала одговор на понудата, а Обединетите Провинции реагирале агресивно поради претходното искуство од постанување на фактички поданичка држава на Велика Британија, воспоставувајќи дипломатски односи со САД и давајќи им поддршка. Британија немала избор освен да ѝ објави војна, што се случило во декември 1780 година, отварајќи си за себе уште еден фронт. Паралелно, британските дипломати се обидувале да ја одржат Шпанија неутрална. Меѓутоа Шпанците повеќе биле заинтересирани за тоа што би можеле да добијат од Франција, па откако Французите им го ветиле Гибралтар доколку војната биде успешна, Шпанија се прклучила на сојузот во април 1779 година.[189]

И покрај тоа што Велика Британија никогаш порано не се нашла во понезавидна положба, резултатите сѐ уште биле позитивни, што е најголем сведок

---

[187] J. Black, *A System of Ambition?*, 247-248.
[188] P. J. Marshall, *Oxford History of the British Empire, Vol. II*, 319-320.
[189] J. Black, *A System of Ambition?*, 248-250.

за релативната разлика на моќта во споредба со останатите европски држави. Холанѓаните само повеќе го истакнале своето опаѓање како сериозна сила, француските и шпанските морнарици не можеле да соработуваат успешно, па Британците лесно воспоставиле доминација на Атлантикот, а гарнизонот во Гибралтар херојски се борел и издржал опсада цели три години, сè до крајот на војната. Сите останати поседи биле одбранети, а било јасно и дека Франција нема доволно финансиски можности да остане долго во војна. Меѓутоа, постепено почнало да се прифаќа реалноста дека „тринаесетте колонии“ биле загубени. Залихите кои Британија ги праќала од својата територија до Америка патувале предолго и биле прескапи, додека востаниците ја имале географската предност во поглед на блискоста од своите линии за снабдување. Кон крајот на 1781 година станало јасно дека на Велика Британија нема да може да ѝ биде нанесен пораз поради нејзината голема поморска доминантост, но и дека колониите нема да се вратат под британска контрола и дека создавањето на Соединетите Американски Држави е реалност со која Британците ќе мораат да живеат.[190]

## *Консолидирање на своите загуби и поглед кон нови хоризонти*

Внатрешниот раскол во Британија ескалирал со оставката на Лорд Норт во март 1782 година, кој по 12 години трпелива, верна и потчинета служба, решил дека било доста. Дури и Џорџ III потклекнал на психолошкиот притисок, напишал писмо за абдикација на тронот, меѓутоа во последен момент се решил да не го испрати. Новата влада била предводена од грофот Шелбурн, дотогашниот колонијален секретар, а мировниот договор е резултат на неговите преговори, иако и тој потклекнал под притисокот и поднел оставка пред конечниот крај на војната. Договорот со Франција и Соединетите Американски Држави бил потпишан на 3 септември 1783 година во Версај. Франција ги добила назад Тобаго и Сенегал, како и можноста да изгради нови тврдини во Данкирк. Шпанија ги добила колонијата Флорида и островот Минорка. Независноста на Соединетите Американски Држави била признаена, како и нивното право да вршат експанзија

[190] P. J. Marshall, *Oxford History of the British Empire, Vol. II*, 345-347.

западно од споменатите Апалачки планини. Последната концесија била направена со надеж дека француско-американскиот сојуз нема да ги преживее мировните преговори, и дека Британија ќе може да одржи економски врски со новата држава со цел да ги пласира своите продукти на тамошниот пазар.[191]

Катастрофалното учество на Обединетите Провинции во војната резултирал со сепаратен мир во мај 1784 година. Во обидот да избегнат поголема потчинетост кон Велика Британија, успеале да се стават во уште понезавидна положба. Во договорот бил вметнат услов при кој што морале да дозволат британските бродови слободно да пловат низ источните морињa околу Индонезија, дури и на териториите кои биле контролирани од Обединетите Провинции.[192]

Загубата на тринаесетте колонии несомнено бил тежок удар за Велика Британија. Тогашните современици сметале дека од овој момент нејзината моќ ќе забележи опаѓање. Меѓутоа, за Велика Британија ова бил крајот на една етапа и почеток на друга. Новонастанатата политичка ситуација ја принудило да започне со кроење на нова политика, со цел да ја одржи својата светска хегемонија, но и да најде начин за нова економска експанзија. Фокусот бил преместен од Америка кон Азија, особено со новото сфаќање дека Индија е богата територија која лесно може да се стави под целосна контрола, но и со опаѓањето на моќта на Кинеската империја. За да се разберат подобро овие територии, да се истражи Индискиот океан но и да се пронајде премин преку американскиот континент кон Тихиот океан од Атлантикот, бил испратен еден од најпознатите морнари-истражувачи во историјата, Џејмс Кук, чии откритија ќе бидат клучни за новите подвизи, дополнително стимулирајќи го британскиот интерес за регионот.[193]

Новата етапа во британската историја и вивнувањето на Втората Британска Империја ќе биде предводена од Вилијам Пит. Меѓутоа, не од оној истиот за кого честопати зборувавме претходно. туку неговиот син, Вилијам Пит Помладиот (1759-1806), кој во декември 1783 година со своите 24 години ќе стане најмладиот британски премиер во нејзината историја. Експерт за политичка администрација и економски менаџмент, Пит ги реорганизирал државните функции, и започнал да го

[191] J. Black, *A System of Ambition?*, 248-250.
[192] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 347.
[193] Исто, 372.

води, наместо да го слуша, својот крал.[194] Застарените функции на Северен и Јужен секретар биле заменети со министерства за внатрешни и надворешни работи[195], а Велика Британија конечно го имала првиот вистински државен премиер по Роберт Волпол во ликот на Вилијам Пит Помладиот.

[194] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X*, 718.
[195] J. Black, *A System of Ambition?*, 74.

# Велика Британија – лулка на индустриската револуција

Паралелно со политичките случувања кои го опфаќаа кралството Велика Британија низ осумнаесеттиот век, во позадина се одвивале процеси на технолошко унапредување, во голема мера благодарение на растот и развојот на државата. Ова технолошко унапредување го нарекуваме *индустриска револуција*, и таа неоспорно е една од најзначајните работи кои се случиле во човековата историја. Индустриската револуција извршила далекусежни промени врз начинот на кој живееле луѓето, поради што е од огромно значење да ги разгледаме условите во кои се развила, зошто започнала токму во Велика Британија, кои се некои од главните откритија и иноватори, и секако, последиците врз општеството.

## *Дефинирање на поимот и условите за револуцијата*

За разлика од останатите револуции кои биле подигнати од група на луѓе со цел да извршат некаква политичка промена, за индустриската револуција не можеме да одредиме точен датум за почеток и крај. Ова е особено очигледно кога ќе го земеме предвид фактот дека индустриската револуција не ни има конкретен крај. Таа подразбира индустријализација, односно развој на индустријата, и експанзија на останатите економски сектори кои граничат со неа, како земјоделството, производството, рударството, градежништвото, и слични гранки и подгранки. Дополнително, индустриската револуција подразбира и нови откритија и иновативност, нова општествена идеја која води до создавање на нови техники, без разлика дали тие се машински или не. Доколку ги сметаме овие поими за нејзина основна компонента, тогаш дали може да се каже дека таа има крај? Мислењата се разликуваат, меѓутоа факт е дека развојот на технологијата, начинот на производство, новите иновации не само што не запреле до денес, туку истите се развиваат со сè поголема брзина во сегашноста. Меѓутоа, ако не можеме да дадеме одговор за нејзиниот крај, сепак можеме да ги посочиме

нејзините почетоци, кои ги датираме околу средината на осумнаесеттиот век.[196]

Од 1760 година можеме да посведочиме турбулентна појава на најразлични иновации, алати и машини кои започнуваат да ја преплавуваат Британија. Благодарение на воспоставената трговија, британските работнички плати биле драстично повисоки во споредба со останатите држави, додека цената на многу производи била ниска. Ваквата можност за ефикасно производство ја зголемила потребата од напредни технологии кои пак ќе ја зголемат продуктивноста на работниците. Важно е да се земе предвид и психолошкиот фактор, имањето на стабилни приходи и намален социјален притисок го дале ефектот на инспирација кај многу иноватори. Материјалното и временското изобилие дало можност да се направат соодветни истражувања и прототипи, без да се загрози добросостојбата на луѓето кои ги измислувале овие работи поради лесниот пристап до потребните производи за живот. Дополнително, иноваторите можеле и да си дозволат да купат залихи потребни за спроведување на нивните идеи, без да чекаат можност за финансирање од властите.[197]

Сето ова било постигнато на грбот на политичките успеси на Велика Британија. Државата никогаш не водеше војни на нејзината територија, чувајќи ја својата почва и својот народ на безбедно, подалеку од ужасите кои ги носат војните. Добија колонии кои ги нудеа потребните суровини, а на домашната аристократија ѝ било од корист да учествува во трговијата и индустријата. Градовите доживеале популациски раст што ја зголемило работната сила во фабриките, а најважно од сè, британскиот парламент имал политичари во чиј интерес бил развојот на технологијата и бизнисот, што понудило доволно слобода за развивање на индустриската револуција.[198]

Ваквата ситуација во државата ја дала основата за започнување на низа откритија и иновации, кои треба да ги погледнеме за да го разбереме нивното влијание врз општеството.

---

[196] Charles More, *Understanding the Industrial Revolution* (New York: Routledge, 2000), 1-6.
[197] Robert C. Allen, *The British Industrial Revolution in Global Perspective* (Cambridge: Cambridge University Press, 2009), 138-142.
[198] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X*, 669-670.

## *Иновации и иноватори*

Еден од главните ресурси кој можеме условно да го наречеме „катализатор“ за отпочнување на низата откритија и иновации е јагленот. Неговата зголемена употреба била клучна за да ја постави основата врз која ќе се развиваат новите технологии. Позната ни е улогата на дрвото во домовите ширум светот. За работа во индустријата исто така било потребно дрво како гориво, но бидејќи шумите во Британија од каде дотогаш сеземало дрвје биле драстично намалени, тие морале да увезуваат дрво од странство, што било тежок товар врз британската економија. Побарувачката за евтино гориво се зголемила, поради што биле зголемени инвестициите во ископувањето на јаглен. Ископувањето на јаглен сѐ уште било примитивен процес кој течел бавно.[199] Благодарение на Томас Њукомен во 1712 г. била измислена првата парна машина која ја цедела водата од рудниците, што помогнало во ископувањето. Благодарение на ова јагленот станал подостапен, што помогнало во металургијата и зголемување на производи од железо и челик како најразлични алати, ланци, брави, шајки, и секако муниција за војската. [200]

Парната машина е изумот кој станал главен симбол за индустриската револуција. Човекот уште од античко време се потпирал на својата снага, или снагата на неговите животни како главен извор на енергија, а подоцна започнале да бидат користени водата и ветерот. Шкотскиот иноватор Џејмс Ват уште повеќе го популаризирал користењето на парната машина кога направил неколку подобрувања на креацијата на Њукомен, пуштајќи го својот производ во употреба во 1776 година. Ефектот кој оваа машина го имала бил огромен, бидејќи дотогаш фабриките морале да бидат стационирани покрај реки со цел да се искористи хидроенергија за напојување. Со овој изум, производствените фабрики можеле да бидат поставени било каде, бидејќи пареата се генерирала во сите услови, што било од огромна корист при индустрискиот развој во Британија. Покрај тоа, парната машина ќе има директно влијание врз развојот на нови локомотиви, парни бродови и најразлични машинерии и технологии, чиј ефект најдобро ќе се

---

[199] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IX*, 49-50.
[200] *The New Cambridge Modern History, Vol. VII*, 29-30.

почувствува во деветнаесеттиот век.[201]

Паралелно со развивањето на парната машина бил создаден уште еден изум кој извршил влијание врз текстилната индустрија, при што се зголемила брзината на производство на облека и нејзиниот квалитет. Се работи за направа наречена „вртечката џени“ (spinning jenny)[202], создадена од Џејмс Харгривс во 1765 година. Со помош на оваа направа еден работник можел да работи на осум вретена одеднаш, а со понатамошните унапредувања на машината бројот на вретена стигнал до осумдесет.[203]

Значителен ефект имал и процесот на создавање леано железо со помош на јаглен. Овој процес веќе бил познат, меѓутоа условите пред осумнаесеттиот век не дозволувале истиот да се наметне на пазарот. Методот бил популаризиран во 1709 г. од Абрахам Дарби I, а во 1758 г. Џон Вилкинсон создал печка за леење, со што леаното жеелзо го заменило кованото железо во секојдневните производи.[204]

Овие иновации во Велика Британија биле само дел од почетната фаза на индустриската револуција. Нивното надградување и искористување ќе биде повпечатливо во деветнаесеттиот век, особено за време на Викторијанската ера. Бидејќи во осумнаесеттиот век тие сè уште не земале преголем замав, интересно е да се види како нивното тогашно промовирање се одразило врз Британците.

### *Влијание и последици*

Кога од денешна гледна точка се навраќаме на овој период, можеме лесно да ги цениме овие иновации и технолошкиот напредок, бидејќи тоа ни овозможило да стигнеме до сегашниот животен стандард. Меѓутоа за современиците, а во преден план тогашните работници, размислувањата биле сосема спротивни. Стравувајќи со право дека новостите во индустриите ќе го загрозат нивниот начин

[201] R. C. Allen, *The British Industrial Revolution*, 164-181.
[202] Не е утврдено зошто било дадено името „Џени“. Постои мит дека додека Џејмс работел на своите изуми, една од неговите ќерки по грешка го бутнала вретеното на страна, и кога направата продолжила да работи нормално, Џејмс добил идеја за тоа како да го подобри изумот. Меѓутоа, податоците не наведуваат ниедна личност со име Џени во животот на Џејмс, па најверојатно името е скратена верзија од терминот „engine“ (мотор).
[203] *The New Cambridge Modern History Vol, VIII*, 139.
[204] R. C. Allen, *The British Industrial Revolution*, 217-218.

на живот и работа, работниците често пати реагирале бурно, особено оние кои работеле во големата текстилна индустрија.

За пример можеме да гоземеме иноваторот Џон Кај, кој во 1733 г. ја измислил таканаречената „летечка совалка“, која го поедноставувала процесот на ткаење. Кога пробал да го објави овој изум, локалните работници го нападнале, стравувајќи дека оваа машина ќе ја намали потребата од работници и дека поради него ќе ја загубат можноста за заработувачка. Поради ова, Кај бил принуден да емигрира во Франција, каде што го промовирал својот изум наместо во Велика Британија. [205] Од истите причини бил нападнат и Џејмс Харгривс кога ја промовирал вртечката џени. Неговата куќа и машина биле уништени од сограѓаните, сметајќи дека заменувањето на луѓето со машини ќе доведе до глад во регионот.[206]

Овој период ни сведочи и за создавањето на бројни компании во чие работење бил вклучен голем дел од населението. Појавата на првите машини довело до тоа многу претприемници да се решат да создадат фабрики во згради кои ќе бидат поставени близу извори со вода со цел да се добие лесен пристап до енергија и транспорт, а подоцнежните биле поставувани и во урбани средини, благодарение на парната машина на Ват. Овие згради всушност ги претставувале првите модерни фабрики, каде домашното производство било заменето со масовно фабричко производство. Една од првите вакви фабрики била создадена уште во 1717 г. како реакција од претходно споменатите поволности во текстилната индустрија. Зголемената побарувачка на производи довела до зголемен интерес од многу претприемници да остварат профит со тоа што ќе создадат разни вакви компании. Иако масовноста на овие фабрики и компании нема да биде толку впечатлива сè до почетокот на деветнаесеттиот век, сепак тука ги лоцираме почетоците на ваквото индустриско работење. Со нивното ширење, сè повеќе луѓе го напуштале домашното производство кое било во изумирање, ги оставале своите алати и правото сами да одлучуваат колку и кога ќе произведуваат, губејќи го статусот на занаетчии и постанувајќи само едно мало

[205] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IX*, 51.
[206] *The New Cambridge Modern History Vol, VIII*, 139.

парче од сложената производствена машинерија.[207]

Драстични промени претрпело и земјоделието. Користењето на новите машинерии, хемикалии и механичка моќ довело до тоа да фармите отсега произведуваат храна за државниот или меѓународниот пазар, што било еден вид на ран капиталистички систем кој постои до денес. Потребата од сè поголем развој и иновации довела до зголемено инвестирање и интерес во научните истражувања.  Механизацијата извршила промени врз начинот на војување, а се зголемила и брзината при комуникацијата и транспортот. Политичарите започнале да се оттргнуваат од своите традиционални сфаќања, ставајќи го економскиот интерес на прво место при нивното раководство. Започнала економска интерпретација на историјата, во обид да се објаснат сите досегашни случувања како механички операции во контекст на биологијата. Потребата од вешти работници и менаџери довела до создавање на нови училишта, библиотеки и универзитети. Новиот економски модел дозволил различни продукти да бидат достапни во сите региони од државата, зголемувајќи ја куповната моќ на обичниот човек. Падот на аристократскиот сталеж ги заменил идеите за префинета литература и уметност, а сè поголем замав земал граѓанскиот сталеж, фокусиран на бизнисот и трговијата, што резултирало со заострување на урбаниот ум, но уништувајќи ја естетиката во градовите, правејќи ги грди и депресивни. Зголеменото богатство резултирало со ослабено религиско верување, што довело до драстични промени во моралот и филозофијата.[208]

За крај остана уште една значајната новост која била воведена во Британија, а тоа се магистралите. Магистралите претставуваат пресвртница во историјата на превозот поради неговата значајна улога за развојот на британската економија. Конструкцијата на магистралниот систем низ територијата започнала во триесеттите години од осумнаесеттиот век. Дотогаш постоеле многу малку патишта кои биле достојни за толку значајната трговија врз која Британија се потпирала. Поради зголемените трговски активности, дотогаш постоечките патишта биле сметани за јавен срам. Новите магистрали извршиле извонредни

[207] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IX*, 52-54.
[208] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X*, 680-682.

промени во брзината со која се патувало. Се разбира, Лондон, како најбројниот град каде што се сместени сите државни институции и апарати, бил појдовната точка од каде што патиштата биле изградени. Пред нивната изградба на патниците им требало три дена да стигнат до секундарните центри во државата како Јорк, Манчестер и Ексетер. Сега времето за патување се скратило на околу еден ден. Со цел да се одржуваат, но и да се создаваат нови разграничувања на патиштата бил воспоставен патарински систем. Иако во почетокот не биле популарна иновација, сепак со нивното воспоставување се собирале доволно финансии за одржување и поправка на целиот внимателно составен систем.

Создавањето на овој систем од магистрали имал индиректно влијание и врз воспоставувањето на нови пристаништа во пооддалечени градови. Сето она што пристигало од колониите дотогаш било со брод пренесувано до Лондон, поради што добар дел од Британското копно останало запоставено. Сега, кога одредени поморски патишта налагале робата да пристигне од друга страна, до израз дошле оние периферни градови од каде преку маистралата би можеле да го пренесат товарот до фабрики низ останатите градови во државата. Благодарение на поморската трговска линија со Америка биле изградени пристаништа во западниот дел од британското копно, па така градовите како Ливерпул, Бристол и Глазгов станале значајни трговски центри, што несомнено влијаело врз нивниот развој.[209] Подемот на овие градови имал и интересно влијание врз општеството. Пред нивната географска положба да стане значајна за трговските интереси на државата, тоа биле навистина запоставени места кои воопшто не биле регулирани од државата и кои немале никакво економско значање. Поради тоа, таму немало услови да се создадат општества од традиционален тип со моќни локални елити, па како нови градови тие се покажале многу полиберални и попрогресивни, што во наредниот период придонело кон нивното постепено предводништво во поглед на културата.[210]

---

[209] K. O. Morgan, *The Oxford History of Britain*, 425-427.
[210] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 37.

# Британското општество и начинот на живот

Прашање кое често се провлекува низ дискусиите за историјата е тоа дали развојот на државата на политички и економски план е она што влијае врз напредокот на општеството во неа, или пак нејзиниот народ со својот ментален склоп и карактер произведува луѓе кои ја унапредуваат државата? Преку истражувањето спроведено во ова поглавје ќе се обидеме да дадеме одговор на ова прашање.

Зборувавме за политичките случувања во Британија во првата половина од осумнаесеттиот век. Ги разоткривме најзначајните моменти од британската историја во овој период, како на надворешен, така и на внатрешен план. Меѓутоа никогаш не би ги разбрале суштинските промени кои овие случувања ги носат сами по себе, доколку заборавиме да го погледнеме и анализираме токму општеството кое е најзасегнато од овие промени. Сега кога ги спознавме настаните кои ги засегаа кралевите, парламентот, дипломатите, војсководците и разните политичари, треба да посветиме време на јадрото на секоја држава, односно на оние кои ја сочинуваат истата – народот. Како живееле Британците низ текот на овие случувања и што се променило во нивниот живот?

## *Секојдневниот живот*

Животот на луѓето и начинот на кој што тие функционирале не претрпел сериозни промени еден цел милениум. Селото претставувало компактна економска единица во која секое домаќинство си ја произведувало сопствената храна, самото набавувало градежни материјали и си ги ткаело облеките кои ги носеле членовите на семејството. Не постоела никаква трага од масовна продукција која ќе биде препродавана од организирани компании наменети за стекнување на профит. Луѓето сами, со свои раце, ги обезбедувале своите основни потреби. Од тогаш било јасно дека трите основни потреби на секој човек се дом, исхрана и облека. Денес социологијата нè учи дека основните човекови права се состојат од потребата на секоја личност да му бидат обезбедени овие три работи.

До овој период луѓето сами си ги обезбедувале ваквите потреби. Меѓутоа, отворањето на вратите на капитализмот со индустриската револуција значело појава на компании кои ја забележале можноста од придобивка доколку започнат да се занимаваат со масовно производство. Ваквите претпријатија започнале со откупување на земјишта, а селаните кои работеле на земјиштата биле принудени да се вклучат во активностите на компанијата. Дури и поединците кои го претставувале ситното земјосопственииштво биле принудени да се вработат поради фактот што било очигледно дека компаниите поефикасно го регулирале производството, а организираноста им носела квалитетна роба на побарувачите. Бидејќи ова било рана форма на капитализам, а и само по себе тоа било нова општествена појава, сè уште не постоеле никакви регулативи во врска со работното време на вработените, минимална плата, а не постоела ни возрасна граница, па така и многу деца биле вработени и нивниот статус воопшто не се разликувал од оној на возрасните.[211] Селските работници прифаќале секакви понижувачки суми од страв дека доколку не прифатат, нема да го добијат ни тоа малку кое компаниите го нуделе. Владата била свесна за тоа како стојат работите, меѓутоа сметала дека ваквото потчинување е нужно зло, препознавајќи го фактот дека компаниите ќе бидат од огромен бенефит за државниот напредок на долгорочен план. Секако, државата имала голем профит поради даноците кои биле наметнати врз овие компании, вршејќи директна стимулација врз нејзиниот раст и развој, што пак влијаело врз создавање на нови компании, бизниси и претпријатија.[212]

Здравството исто така долго време останало закоравено и не се забележувал никаков напредок. Стапката на морталитетот била огромна, во текот на една година десетици илјади мајки умирале при породување, а децата на сиромашните, особено новороденчињата, биле најзагрозени од разни епидемии. Меѓутоа тоа не било случај само кај долните слоеви од населението. Кралицата Ана не успеала да дочека ниту едно од нејзините деца да порасне бидејќи сите

---

[211] Биле создавани „работни куќи“ во кои се сместувале сиромасите и оние кои не можеле да најдат работа, претежно деца (фиктивната приказна за Оливер Твист го опишува тамошниот живот). Условите биле толку тешки што од сите деца кои се родиле во вакви домови или биле примени во нив од мали нозе во периодот од 1763-1765 г. само 7% успеале да преживеат до 1766-67 г.

[212] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IX,* 47-48.

починале уште додека биле новороденчиња, а претрпела и многу спонтани абортуси.[213] Бидејќи смртта буквално била насекаде, луѓето научиле да се адаптираат на ваквиот живот. Било природно родителите да не се приврзуваат кон своите деца, но не поради некакви замисли за супериорност на родителот кон детето, туку поради едноставниот факт што такво приврзување било невозможно кога ќе го земеме предвид процентот на деца кои умирале уште во првите години од својот живот. На тој начин всушност функционирал дефанзивниот механизам кај човекот, а дополнително, семејството имало потреба од повеќе деца со цел да се зголемат шансите дека доволен број од нив ќе успеат да преживеат до полнолетство и да помагаат во семејниот живот, евентуално наследувајќи го имотот од своите родители. Тука лежи одговорот и за тоа зошто многу бракови биле договарани од родителите на децата и постоело отсуство од љубов помеѓу сопружниците. Можеме да разбереме зошто многу од нив, набрзо по смртта на својот сопружник, повторно се венчавале. Потребата да се одржува семејството живо и здраво било приоритет во секојдневниот живот во Британија.[214]

Жените исто така биле во мизерна општествена положба. Нивниот сопруг бил избиран директно од нивниот татко, а во најдобар случај ќерката имала право на „вето“.[215] Во брак, жената имала четири задачи:

1. Да се потчинува на нејзиниот маж.

- Жената се сметала за реална сопственост на мажот до тој степен што доколку таа извршела некаков криминал, мажот би можел да се најде обвинет за тоа. Се претпоставувало дека таа е под негова контрола и поради тоа тој треба да биде одговорен за нејзините дејствија.[216]

2. Да раѓа наследници.

- Споменавме зошто семејствата имале многу деца и зошто тие не се приврзувале толку до нив. Наместо самите да ги одгледуваат децата и да внимаваат на нив, побогатите семејства често знаеле да најмат дадилки и доилки кои се грижеле за децата. Се сметало дека родителите не треба секојдневно да се занимаваат со

---

[213] R. Porter, *English Society in the 18th Century*, 13.
[214] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 27.
[215] R. Porter, *English Society in the 18th Century*, 24.
[216] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 26.

своите деца, а нивниот меѓусебен однос бил ладен и формален.

3. Раководење со домаќинството.

- Бидејќи мажот ги носел приходите, жената била таа која требала да се погрижи дека домот ќе биде снабден со потребните продукти. Нејзина одговорност била храната и пијалоците, како и целосната организација во домот. Во побогатите семејства жената управувала и со слугите и персоналот.

4. Да биде „женствена“, односно да пружа удобност во домот.[217]

Економските и политичките придобивки тука изиграле значајна улога и имале најголемо влијание во промените кои се случиле. Со исчекорувањето на Британија во положба на една стабилна и голема сила се подобриле општествените услови. Таквите традиционални верувања и положби на жителите почнале постепено да се менуваат. Главен стимул за ваквото подобрување дал напредокот во медицината кој бил клучен за намалување на морталитетот. Постепено се намалувала смртноста кај новороденчињата и се зголемувал процентот на лица кои достигнувале полнолетство. Од таму, природно, се намалила потребата од прекумерно раѓање. Наместо тоа, вниманието на родителите било насочено кон грижа на помал број деца. Тоа придонело за зголемена емоционална приврзаност помеѓу детето и родителот, продлабочувајќи ја меѓусебната грижа во семејството. Значаен чекор бил и напуштањето на традиционалната норма дека најстарото дете е најзначајно и дека треба да му се посвети најголемо внимание како наследник на семејниот имот. Зборувавме и за компаниите кои биле создавани во овој период и нивното негативно влијание врз сиромасите. Меѓутоа мора да се истакне фактот дека постоеле компании кои сега произведувале облека наменета за деца. Секако, ова не значи дека тоа тие го правеле од љубов и добрина, туку за профит, но самиот факт што постоела побарувачка за вакви производи која носела профит на компаниите ни говори дека родителите се грижеле за своите деца и сакале да живеат колку што може подобар живот.[218]

---

[217] R. Porter, *English Society in the 18th Century*, 27-28.
[218] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 28.

Иако не било толку забележително, сепак се подобрил и статусот на жената. Улогата на „жена“ и „мајка“ почнала да се спојува во едно. Станало модерно жената да се грижи за своите деца и да ја преземе улогата која дотогаш ја имале дадилките и доилките. Ваквата промена не извршила некаква голема разлика во тоа како мажите гледале на жените. Генерално машко-женскиот дисбаланс останал ист до крајот на осумнаесеттиот век. Сепак промена била забележана во слободата која родителите им ја пружале на ќерките во поглед на нивниот избор за сопруг. Личниот избор почнал да го презема местото на изборот на родителот, а идните сопружници повеќе не се запознавале на денот од венчавката, туку било дозволено и охрабрувано подобро да се запознаат и да развијат меѓусебни чувства пред склучување на бракот.[219]

## *Општествен поредок*

| | |
|---|---|
| 1.2% | Земјосопственици |
| 24.3% | Земјоделци |
| 3.4% | Свештенство |
| 3.7% | Трговци и сопственици на дуќани |
| 4.4% | Занаетчии |
| 26.8% | Работници и слуги |
| 29.4% | Селани (кои живееле во колиби без право на земја) и просјаци |
| 6.8% | Војска |

Во оваа табела е претставена груба пресметка на процентуалната распределеност на населението во поглед на нивниот социјален статус и функција во општеството, со цел да имаме идеја за класната распределеност и професиите со кои граѓаните се бавеле на почетокот на осумнаесеттиот век. Социјалното скалило било презицно одредено и јасно се знаело какви привилегии носи секоја позиција. Така, имало голема разлика помеѓу тоа дали некој е слуга во кујна или

[219] R. Porter, *English Society in the 18$^{th}$ Century*, 27-30.

личен слуга на благородник, дали е морнар во горниот или долниот дел од палубата, или дали дамата е нарекувана госпоѓа или госпоѓица. На прв поглед, дистинкцијата помеѓу секоја од овие професии или статуси е мала и незначајна, меѓутоа поради забрзаниот економски раст и развој на државата, искачувањето по секое следно скалило било од исклучителна важност. Така, како пример, лекарите се сметале за супериорни во однос на хирурзите, додека пак за хирурзите, аптекарите биле инфериорни во поглед на нив. Ваквиот светоглед зборува многу за важноста од прогресот во општеството и придобивките кои секое ново скалило ги носело. Потребата од напредување, но и од самата психолошка потреба личноста да се чувствува како супериорна во поглед на оние кои биле под него зборува многу за оној транзиционен период помеѓу традиционалните сфаќања кои дотогаш постоеле, и развојот на раното капиталистичко општество. Разликата и придобивките од тоа да се биде прогресивна држава во ова време значело дека за разлика од многу други делови во светот, во Британија почнала да се губи замислата дека социјалниот статус е нешто неоткорливо и поставено во камен. Напротив, се развила течна подвижност помеѓу положбата која граѓаните ја уживале во општествената хиерархија, па можноста да се биде ситуиран граѓанин не била резервирана само за благодорничките семејства, туку за секој оној кој ќе се стекне со доволно финансии и углед.[220]

Традицоналното општество кое дотогаш постоело било дополнително поддржано и од христијанските учења. Нивните норми налагале дека секој човек има одредена улога дадена од божји сили, и негова задача е да ја извршува таа улога колку што може подобро и поцелосно. Обидот на тој човек да го промени својот социјален статус на драстичен начин, не само што се сметал за нарушување на поредокот, туку тоа бил и безбожен чин. Извршувањето на неговата општествена улога се сметала за религиозна задача од која не смеело да се бега. Технолошките унапредувања и развојот на државата ги предизвикале овие верувања и го мотивирале општеството да ги напушти традиционалните гледишта, што резултирално со поголема течност во општествената хирархија,

[220] Исто, 48-49.

давајќи ни поразлична слика кон крајот на осумнаесеттиот век.[221]

Во претходната табела ги забележавме професиите, односно функциите кои луѓето ги имале во општеството. Сепак, благодарение на новоутврдената лесна подвижност помеѓу социјалните скалила, било тешко статистички да се утврди како всушност изгледала таа општествена хиерархија како што земал замав социјалниот прогрес. Кој бил на врвот, а кој бил на дното? Можеби најдобрата слика ни ја отцртува токму Даниел Дефо, славниот англиски писател. Дефо вака ја дефинирал општествената хиерархија:

1. Великаните, кои живеат во изобилство (The great, who live profusely);
2. Богатите, кои живеат обилно (The rich, who live plentifully);
3. Оние од средината, кои живеат добро (The middle sort, who live well);
4. Работниците, кои работат многу, но не чувствуваат придобивки (The working trades, who labour hard, but feel no want);
5. Луѓето од селата, земјоделците и останатите, кои живеат рамнодушно (The country people, farmers etc. who fare indifferently);
6. Сиромасите, кои живеат со тешкотии (The poor, who fare hard);
7. Мизерните, кои навистина болат и патат (The miserable, that really pinch and sufer want).[222]

Не би можеле да најдеме егзактни податоци кои ќе ни ја утврдат положбата на народот во Британија во осумнаесеттиот век. Ваквиот опис на општеството ни дава најдобра слика за тоа како изгледала таа хиерархија во овој период. Јасно е дека сè уште постоеле високи класи и кругови околу кои циркулирале финансиите, дека големите магнати и традиционалните елити биле навистина привилегирани, и дека колку пониско се спуштаме низ социјалното скалило, толку се зголемува процентулната застапеност на населението. Но, прогресот кој бил направен во поглед на можноста колку-толку да се напредува или уназадува низ сталежите ни говори дека ова е почетна фаза на општество кое допрва ќе се балансира и ќе ја

[221] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 30.
[222] Исто, 53.

унапредува положбата на својот народ.

## *Доба на пловидба, пиратерија и живот на море*

Специфична карактеристика за осумнаесеттиот век е развојот на морепловството како специфична општествена и економска гранка. Морнарството, зголемениот број на морнари, бродоградбата, и појавата на пиратството се случуваат паралелно со политичките и останатите општествени настани, па улогата на пловидбата има значајна функција во британското општество во овој период.

Бродовите претставувале најбрз и најефикасен начин на превоз, не само поради тешките меѓуградски патувања кои делувале исцрпувачки кога се користеле коњи и кочии, туку и поради можноста да се достигнат далечни дестинации и да се истражат нови територии. На овој начин било полесно да се исцртаат нови карти, нови патишта, да се пренесат домашни продукти за да се продадат на странски пазар, но и да се донесат добра од егзотични земји за домашниот пазар. Евидентно за Велика Британија е дека воени битки можеле да се водат и по море, па така оние кои го контролирале морето се стекнувале со врховен политички авторитет, и ја обезбедувале својата економска стабилност.[223]

Поради потребата од успешна пловидба биле направени инвестиции во бродоградбата. Најочигледниот резултат за ова е бродот наменет за патувања во длабоки мориња. Во споредба со дотогашните галии, овој брод бил огромен. Поседувал бројни прегради, складови за оружје и муниција, складови за залихи, и комплексен јарболов систем, а најголемите од нив можеле да соберат и по илјада морнари. Ваквиот склоп претставувал вистинска машинерија, поседувајќи огромна брзина, подвижност и разурнувачка моќ со своите топови. Современците го нарекувале „лебдечки остров“, бидејќи светот дотогаш немал видено ваква машина која предизвикувала вчудоневидување. Со нивното користење, Британците и останатите европски народи ја обезбедувале поморската трговија, продуктите кои биле пренесувани преку океанот биле безбедно складирани во

[223] Amy Handy, *The Golden Age of Sail* (New York: Todtri Productions Limited, 1996), 5.

нив, и можноста да бидат испратени во било кои води на било кое место од светот резултирало со создавање на светскиот пазар. Бродовите ги поврзувале водите, а водите го поврзувале светот.[224]

Покрај трговијата и војувањето, овие бродови имале голема улога во истражувањето на морињата, океаните и поморските патишта. За најпознат морнар-истражувач од осумнаесеттиот век се смета Џејмс Кук (James Cook). Роден во 1728 година, Кук се истакнал како навигатор во кралската морнарица, по што му биле доделени неколку помали државни бродови под негова команда кои ги искористил за да ги истражи бреговите на Канада и Њуфаундленд, резултирајќи со детални мапи и карти на овој регион. По успешната мисија му бил доделен бродот *Ендевор (Endeavour)*, и бил испратен на научна мисија во Тахити за да ја следи траекторијата на планетата Венера. Користејќи ја можноста додека пловел низ Тихиот Океан, Кук се впуштил во истражување кон југот, за каде имало гласини дека постои нов континент. Откако наишол, и обиколувајќи ги со бродот ги истражил островите околу Нов Зеланд (домородното население било агресивно и го спречило да стапне на брегот), Кук стигнал до Австралија и го исцртал целиот источен брег. Благодарение на новите откритија тој се стекнал со огромна поддршка и популарност. Покрај географските успеси, Кук успеал да се справи и со болеста скорвут – недостаток на витамин Ц во организмот, што бил чест проблем за оние кои долго време патувале по море. Проблемот го решил преку конзумирање на сок од зелен лимон (лимета), драстично намалувајќи ја стапката на смртност на своите морнари за време на пловидбите. Неговата последна експедиција била во обид да најде проток помеѓу Тихиот Океан и Атлантикот преку северниот дел од Америка, при што ги пронашол Хавајските острови. Животот го загубил во судир со тамошните домородни племиња во 1779 година. Џејмс Кук за кратко време постигнал многу повеќе од било кој друг негов современик морнар-истражувач, исцртал многу нови територии, дал огромен стимул за нови научни истражувања, и докажал дека користењето на свежа храна и фер тертман може

[224] Marcus Rediker, *Outlaws of the Atlantic: Sailors, Pirates and Motley Crews in the Age of Sail* (Boston: Beacon Press, 2014), 10.

многу да помогне во зголемување на живониот квалитет на морнарите.[225]

Морнарите биле луѓе кои го искористиле развојот на оваа гранка, како и побарувачката на работна сила на бродовите која постојано се зголемувала. Најчесто тие немале начин да се стекнат со приход. Не поседувале земја, немале некоја особена вештина, ниту некаква специјализација со алати која би им овозможила пристоен живот.[226] Кога потребата за морнари се зголемувала во пресрет на војни, во Британија често пати се издавале посебни платенички награди за оние кои ќе се придружат. Биле најмувани и лица кои понекогаш со сила агитирале кај останатите жители да се приклучат на морнарицата, а кога постоела исклучителна потреба биле регрутирани затвореници и луѓе кои должеле многу пари на државата. Иако идејата за воспоставување на морнари резервисти постоела, во овој период тоа не било практично да се изведе. Сè до идеите на Џејмс Кук за подобрување на квалитетот на морнарскиот живот, ситуацијата и условите на бродовите биле катастрофални.[227]

Морнарите често пати реагирале агресивно со цел да ги подобрат своите услови и можноста за живеачка. Како за пример ќе земеме еден случај кога во 1768 г. биле намалени платите, па морнарите оделе од брод до брод, ударајќи и пресекувајќи ги едрата со цел да ја имобилизираат морнарицата. Оваа акција го родила зборот штрајк (strike = удирање, во овој контекст сечење на едрата), и ваквата терминологија, практика и дејствие за подобрување на работничките услови брзо започнала да се шири низ светот.[228] Поради честиот лош третман, многу морнари претпочитале да се бават со трговија, започнување на некаков бизнис, или станувале приватници, поседувајќи вооружени бродови кои исто така ќе бидат најмени во воени услови. Меѓутоа, во овој случај тие ќе ѝ служат на државата и завојуваната страна која ќе се реши да ги плати и да ги стави во служба, функционирајќи како платеници.[229]

Конечно, постоела и уште една радикална група на морнари која го окарактеризирала овој период, особено во почетоците на осумнаесеттиот век –

---

[225] A. Handy, *The Golden Age of Sail*, 31-33.
[226] M. Rediker, *Outlaws of the Atlantic*, 11.
[227] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 230-231.
[228] M. Rediker, *Outlaws of the Atlantic*, 12.
[229] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 231-232.

пиратите. Пиратите најчесто биле професионални морнари, голем дел биле Британци или доаѓале од американските колонии, многу од нив дезертирале од кралската морнарица, а дел биле земани со сила од трговски бродови и присилени да волонтираат за време на пловидбите. Колку и да звучел застрашувачки терористичкиот чин на оваа група, шансата за придружувањето на истата била примамлива поради можноста за материјално богатување, но и за оттргање од стегите на строгата дисциплина на трговските и воените државни бродови, каде садистички офицери и команданти често пати вршеле тортура и наметнувале брутални казни врз својот екипаж. Во спротивност со ова, на пиратските бродови постоела еден вид груба демократија со голема почит на правата на индивидуалецот, како и омраза кон класниот поредок. Капетанот бил избиран од екипажот и можел да биде насилно симнат од нив, а наградите од разбојништвото и пљачките биле делени помеѓу сите членови.[230]

Првите пирати од овој тип се појавиле како резултат на британското најмување на приватници со цел да ги напаѓаат шпанските бродови. Кога приватниците не можеле да најдат непријателски цели, тие понекогаш знаеле да се свртат против своите господари или против било кој на кого ќе налетаат, загрозувајќи го безбедното спроведување на трговија, особено низ Карибите. Поради тоа, Британците често се обидувале да го решат проблемот кои самите го створиле, а нивните брутални егзекуции врз заробените пирати служеле како предупредување кон оние кои сакаат да ги следат нивните чекори.[231]

Еден од најпознатите пирати е Едвард Тич – Црнобрад (Edward Teach – Blackbeard). Едвард ја започнал својата „кариера“ како британски приватер, а набрзо по крајот на Војната за шпанското наследство се свртел кон пиратството. Неговата генијалност не се состоела во некакви фасцинанти, херојски или драматични борби. Едвард бил гениј во поглед на пиратската психологија, внимателно го креирал својот застрашувачки имиџ, користејќи ја неговата долга црна брада и коса, комплетна вооруженост со по осум пиштоли во сите појаси, ножеви, и огромен меч. Кога приоѓал на своите селектирани мети, под својата

---

[230] A. Handy, *The Golden Age of Sail*, 57-58.
[231] D’Maris Coffman, Adrian Leonard and William O’Reilly, *The Atlantic World* (London and New York: Routledge, 2015), 136-137.

црна капа палел кибрити за да делува уште позастрашувачки. Всушност, ова било само една голема тактика на заплашување која пиратите често ја користеле. Не било во нивни интерес да водат чести битки со цел да избегнат човечки и материјални загуби, па заканата која ја претставувале визуелно била доволна за да изнудат предавство од несреќните бродови кои налетувале на нив.[232] Иако приказната за овој црнобрад пират има претрпено процес на романтизирање во модерно време, тој сепак бил навистина успешен во своето дејствување, и служи како добар пример за да ги разбереме активностите на пиратите. Цели пет години оперирал низ колониите, се стекнал со голема репутација, иако можеме да забележиме дека таа всушност не доаѓа од неговата суровост која речиси и да не е посведочена од современиците, туку од смелоста да делува онаму каде што било најопасно. Животот го загубил во ноември 1718 г. во борба со британски екипаж, кој директно добил наредби да го пронајде и да го убие Едвард.[233]

За поморскиот живот, пловидбата, трговијата и пиратите може да се зборува во изобилие. Меѓутоа, досега споменатите информации се доволни за да го разбереме ефектот врз општеството во поглед на морепловството и какво влијание имало врз човековата историја. Оваа често романтизирана златна ера на пловидбата и пиратството набрзо ќе претрпи промени како и многу други работи, и конечно ќе го дочека својот крај со развојот на индустриската револуција. Парната машина ќе ги замени едрата, а дрвото ќе биде инфериорно во поглед на железото и челикот. Ваквите бродови ќе го загубат авторитетот на морињата, но нивната моќ над нашата имагинација ќе продолжи да опстојува.

---

[232] A. Handy, *The Golden Age of Sail*, 58-63.

[233] Benerson Little, *The Golden Age of Piracy: The Truth Behind Pirate Myths* (New York: Skyhorse Publishing, 2016), 37-44.

# Култура и филозофија

Едни од најголемите сведоци на човековата историја се културата и традицијата. Од друга страна, следењето на филозијата и начинот на размислување може да ни даде многу одговори кога се обидуваме да разбереме кои се суштинските промени кои го развиле човековиот ум и светоглед, и кои придонеле за имплементирање на нови цели и идеи во човековото општество. Велика Британија во оваа своја ера ни нуди доволно примери, луѓе кои засекогаш останале запаметени поради нивните интелектуални креации, а доколку влеземе во трагот на културата ќе успееме да го погледнеме светот преку очите на тогашните современици.

## *Просветителство*

Несомнено, едно од главните движења кои го обележиле осумнаесеттиот век е просветителството. Ова филозофско движење имало за цел да ги предизвика традиционалните норми, но и покрај извршеното негово влијание кое најдобро можеме да го забележиме кога ќе го споредиме интелектуалниот живот во Европа на почетокот на векот со она кон неговиот крај, согледуваме дека просветителството не претставува едно обединето движење во одредена школа или некакво друштво. Напротив, истото се раѓа во повеќе региони од Европа од страна на различни мислители кои на свој начин ќе извршат некакво влијание врз пределот каде што дејствуваат. Меѓутоа, кога ќе го разгледаме движењето во целост, јасно е дека на еден или друг начин, сите тогашни европски држави претрпеле промени во своите интелектуални кругови, некои порадикални, некои поумерени.[234] Од овие причини, и со цел да не се оддалечиме од темата на ова истражување, ќе се фокусираме врз просветителството и неговиот развој во рамките на Велика Британија.

Почетоците на просветителството го наоѓаме во научните дејности на Исак Њутн (1642-1727). Неговата формулација на законите на гравитација директно ја

[234] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 408-409.

посочиле моќта на човековиот ум, па така овие истражувања ги инспирирале европските мислители од крајот на седумнаесеттиот и почетокот на осумнаесеттиот век да создадат директен научен пристап при проучувањето на природата, наместо да се потпираат на метафизички и натприродни шпекулации. Главната идеја на Њутн била дека сите природни закони мора да се докажат емпириски, односно да се добијат информации преку нашите сетила, користејќи практични експерименти.[235] Идеите на Њутн дека преку експериментирање може да се докажат причините за дотогаш необјаснетите природни феномени на некој начин биле револуционерни. Овие идеи ќе бидат искористени од повеќе филозофи кои ќе се појават низ Европа. Еден од најзначајните од нив - французинот Волтер (1694-1778), истакнал дека достигнувањата на Њутн покажуваат дека науката е клучот за човековиот прогрес.[236] Иако Волтер ќе помине извесно време во Велика Британија, Велика Британија ќе има повеќе влијание врз него и неговите размислувања, отколку тој врз неа, поради што неговиот живот и дејствие ќе го препуштиме на француската историја, која ќе земе малку поинаков тек во поглед на просветителството.

Наместо тоа, следниот голем мислител од особено значење за Велика Британија е филозофот Џон Лок (1632-1704). Истражувањата на Њутн го инспирирале Лок, кој бил негов пријател, да ја разгледа човечката психологија преку сопственото искуство. „Есеј за човековиот разум“ (1690) е неговото најзначајно дело. Примарната појдовна точка од која што тргнал била целта да истражи што би можело да претставува „гравитација“ која го контролира создавањето на човековите идеи. Тој го промовирал верувањето дека човековото размислување се обликува од искуството со надворешниот свет, попримајќи ги овие информации преку неговите пет основни сетила. Заклучокот бил дека човекот е суштество кое може да се подучува и да стигне до високо интелектуално ниво, бидејќи тој претставува т.н *tabula rasa* – неиспишана табла врз која може да се испишат нови идеи. Во превод, со ова била промовирана идејата дека човекот може да ги подобри своите животни услови, што била во тотална

[235] Ronald S. Love, *The Enlightenment* (Westport: Greenwood Press, 2008), 27-29.
[236] Roy Porter, *The Enlightenment* (London: Macmillan Press LTD, 1990), 17.

спротивставеност со тогашните религиозни, традиционални учења. Се родила идејата дека човекот не е заглавен во онаа улога која му е божествено определена, туку може да се бори и едуцира за да се ослободи доколку се наоѓа во лоша состојба, и да напредува. Така, благодарение на оваа појдовна точка на Лок за човековата природа го забележуваме она течение во британскиот општествен поредок кое ќе се развие во осумнаесеттиот век.[237]

Интересно е што и покрај овој силен почеток со овие двајца влијателни мислители, просветителството нема да заземе толку силен корен во Англија. Причината за ова е што на некој начин Велика Британија успеала навреме да ги среди политичките промени кои биле потребни во други држави, каде владеела апсолутистичка монархија. Во Велика Британија одамна биле напуштени монархиските стеги, па благодарение на слободата на парламентот и ограничените моќи на кралот не постоел непријател кој морал да се сруши, статус-кво кое морало да се помести, филозофија која мора да се спроведе и цел до која морало да се стигне. Феудализмот бил напуштен на сметка на развивањето на бизнис и трговија, па Велика Британија влегла во осумнаесеттиот век веќе „просветлена“.[238]

Меѓутоа, исклучок ќе биде направен во Шкотска. Дејвид Хјум (1716-1776) ќе биде првиот просветител во Велика Британија кој директно ќе се спротивстави на црковните догми и верувања. Хјум промовирал скептицизам, тврдел дека христијанството е неосновано поради неможноста да се докаже емпириски, и создал историска анализа за потеклото на религијата. Сметал дека таа се храни само со надеж и страв, и дека верувањето произлегува од емоции со кои лесно може да биде манипулиран човековиот ум.[239] Се спротивставил на рационализмот, верувајќи дека човекот носи одлуки базирани на својата страст и материјалистички побуди наместо да го користи разумот, и цврсто верувал дека доколку некое тврдење не може да се поддржи преку искусување на истото, тоа треба да се

[237] R. S. Love, *The Enlightenment*, 31-32.
[238] Roy Porter, *Enlightenment: Britain and the Creation of the Modern World* (London: Penguin Books, 2000), 38-39.
[239] R. S. Love, *The Enlightenment*, 59-60.

смета за фалично.[240]

Последната личност која извршила влијание при бранот на просветителство е исто така Шкотланѓанец и пријател на Дејвид Хјум - Адам Смит (1723-1793). Меѓутоа, теориите и размислувањата на Смит не се однесуваат толку на филозофијата за човековата природа, колку на државната економијата. Неговото најзначајно дело е „Иследување на природата и причините за богатството на народите“ (1776), каде зборува за поделбата на трудот, дека вредноста на производот расте врз база на вложениот труд, но најважно од сè била неговата поддршка за слободна трговија, спротивставување на меркантилизмот, монополот и трговските рестрикции. Доколку ги ставиме неговите идеи во контекст на политиката врз трговијата во осумнаесеттиот век, овие идеи се револуционерни поради промовирањето на рано капиталистичко општество. Поради тоа, Адам Смит се смета за „татко на капитализмот“, а неговото дело за највлијателниот труд кој некогаш бил напишан за политичката економија.[241]

И додека просветителството зема голем замав во Европа, наметнувајќи директни политички последици, во Велика Британија тоа останува само како еден мирен бран кој доаѓа природно со развојот на политичките случувања, кои удобно се имплементираат во општеството и начинот на размислување. На сметка на тоа, во Британија започнува да се развива книжевна дејност која може да ни понуди уште повеќе одговори за британското општество.

## *Образование и книжевност*

Еден од поголемите недостатоци кои Велика Британија ги доживува во осумнаесеттиот век го наоѓаме во ограничениот просперитет на образованието. Низ поголем дел од Европа започнува да се јавува бран за масовна едукација на населението, иако на многу места од практични причини во овој период тоа не било изводливо. Причината зошто Велика Британија била една од нив е поради големата недоверба во силна централизирана влада, што значело дека било

[240] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IX*, 140-150.
[241] R. S. Love, *The Enlightenment*, 140-141.

тешко да се спроведат образовни реформи во системот. Не се родила голема побарувачка за масовно образование од страна на популацијата, а единствените напори направени за создавање на некаква воспитна основа биле направени од страна на црковни училишта со цел да се борат против пороци, пијанчење и безбожје, а не со цел да се зголеми нивото на знаење. Универзитетите Оксфорд и Кембриџ, колку и да биле од ексклузивен карактер, останале појдовна точка од каде благородништвото или богатото граѓанство може да се едуцира на повисоко ниво.[242]

Човекот кој оставил огромен печат врз британската литература е Самуел Џонсон (1709-1784). Џонсон бил роден болежлив, поради што со своите две години бил однесен кај кралицата Ана за да добие допир од кралицата во надеж дека ќе се излечи. Преживеал, но ја загубил функцијата на едното око и едното уво. Се едуцирал во Оксфорд со особен интерес за грчката и латинската литература, па по завршувањето започнал самиот да пишува поеми и драми. Меѓутоа, и покрај бројните дела, Џонсон ќе остане запаметен по тоа што го создал првиот речник за англиски зборови на кој што работел од 1746 до 1755 година, по што се стекнал со огромна слава и престиж.[243]

Влијанието на просветителството може да се забележи во делата на Едвард Гибон (1737-1794). Гибон е всушност писател-историчар, чие обемно дело „Историјата на падот и уништувањето на Римското царство“ (1776-1789) го критикува Христијанството и неговата улога во овој период, изедначувајќи ја одговорноста на Христијаните со онаа на варварските племиња за падот на цивилизацијата. Тој ги претставува раните Христијани како банда на сурови фанатици кои имаат за цел да се возвишат макар и по цена на општествениот мир.[244]

Конечно, човекот поради кого новелите биле популаризирани во Велика Британија е Даниел Дефо (1660-1731). Неговите дела се строго критички настроени кон општеството во кое живеел. Во обид да го истакне криминалот и

---

[242] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 382-386.
[243] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X*, 818-824.
[244] R. Porter, *The Enlightenment*, 33-38.

сиромаштијата која владее во Лондон го напишал Полковник Џек (1723),[245] а неговото најпознато дело е Робинзон Крусо (1719), во кое се рефлектираат идеите на Џок Лок, особено вредноста на трудот.[246] Дефо го става човекот на пуст остров, оставен во природни услови, од каде што тој мора рачно и од почеток да ја изгради цивилизацијата, и да си ја создаде својата судбина.[247]

Покрај овие тројца автори, книжевната дејност во Велика Британија ќе продолжи да се развива со зголемената достапност на весници, списанија, нови издавачи и отварање на нови библиотеки во пресрет и непосредно по почетокот на индустриската револуција. Би можеле да заклучиме дека на некој начин недостатокот од модерен образовен систем на државно ниво во државата е заменет со поголема циркулација на пишаниот збор, при што политичката слобода и напуштањето на религиозните стеги дозволуваат поголема можност за сеопфатност на народот во државата, во поглед на неговото искусување на животот. Понатамошниот развиток на теориите за рационализмот, емпиризмот, скептицизмот и останатите правци кои произлегуваат од просветителството евентуално ќе ги заменат традиционалните норми и ќе извршат влијание врз развојот на британското општество, паралелно со развивањето на самата држава.

[245] M. S. Anderson, *Europe in the Eighteenth Century*, 24.
[246] R. S. Love, *The Enlightenment*, 165.
[247] R. Porter, *The Enlightenment*, 64.

## Држава на три народи и ирската релација

Несомнено, приматот, политичкото предводништво и главните струења кои ја движат Велика Британија потекнуваат од Англија. Уште потпрецизно, од Лондон. Меѓутоа, на неколку наврати го споменавме шкотското влијание врз државата, кое очигледно дава поинаков аспект на работите. Би било навистина неправедно доколку не посветиме време и на Велс, народот кој постојано се чини како да живее во сенка на Англичаните, а сепак има богата култура, народ и историја. За крај, особено во пресрет на деветнаесеттиот век, мораме да ја разјасниме и ирската улога како еден компактен дел од Британските Острови, чија територија опстојува во една потчинета форма, гледана од позиција на надмоќ од страна на англиските политичари. Прашањето за британскиот народ, посебноста на овие нации, што ги поврзува и што ги разликува е прашање кое до денес прави раскол во британската политика. Поради тоа, истражувањето ќе го фокусираме во контекст на случувањата од осумнаесеттиот век.

### *Лондон – олицетворение на Англија*

Главниот град на Велика Британија често пати се користи како синоним за политичките одлуки носени во името на државата. Парламентот, централните политички случувања и седиштето на раководните органи се утврдени во градот, давајќи ни слика на држава во која Лондон опстојува како појдовна точка за сето она што се случува во Британија.

Веќе забележавме како меѓународната трговија влијаела врз развојот на останатите предели во државата. Иако започнал процесот на децентрализација, Лондон сепак останува средиштето на политичката моќ, а и самиот тој претрпува драстичен развој, особено во втората половина од осумнаесеттиот век. Имено, навлегувањето во нова ера при подемот на Британската Империја, Лондон го симболизира преку уништувањето на средновековните порти во 1761 година. Јасно истакнувајќи ја потребата да се прикаже како главен град и место каде што се концентрира огромна политичка моќ, особено во централната околија

Вестминстер, овој регион во 1762 г. претрпува огромен проект за урбана обнова. Каналниот систем, мрежата за водоснабдување, и патишта биле редизајнирани, плоштадите прочистени, реставрирани, украсени со разни статуи и покриени со вегетација, а куќите биле систематски нумерирани. За две декади, градот се стекнал со сосема поинаков имиџ, претставувајќи извор на гордост за своите жители и восхит за странците кои го посетувале.[248]

Лондон сепак не бил ни без своите недостатоци. Додека престижните делови просперирале, постоеле многу места каде сиромаштијата владеела. Сиромасите живелее во тесни куќарки, спиејќи по подруми, па дури и по кровови или на уличните прагови. Баланс помеѓу раскошниот Вестминстер и сиромашните делови на градот претставувала реката Темза. Таму се наоѓале трговците со своите добра и се чинело како целата река да е покриена со мали бродови долж целиот нејзин тек. Во нејзина близина биле кренати илјадници дуќани каде се продавале најскапите продукти во Европа, како и достапноста на најразлични занаетчии како грнчари, стаклари, ковачи, но и многу пиварници.[249]

Во овој период било реткост еден град да може да се „пофали“ со ваква комплексност. Причината поради која што го разгледавме Лондон е тоа што грижата за градот, неговата распределеност, и приоритетите кои градот ги поставува всушност претставуваат еден симбол на англиското општество, неговиот начин на размислување и делување. Речиси до крајот на осумнаесеттиот век, Лондон всушност и е Англија, а англиското општество е исцртано со Лондон.

## *Велс – од сенка до рамноправност*

Положбата на Велс претставува една специфична аномалија во британскиот контекст. Велшкото средновековно кнежество било припоено уште при крајот на тринаесеттиот век, освоен од англискиот крал Едвард I и интергиран во Англија во 1284 година, по што англискиот престолоследник бил назначен да управува со оваа територија, носејќи ја титулата принц од Вел. Меѓутоа, и покрај

[248] K. O. Morgan, *The Oxford History of Britain*, 429-431.
[249] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X*, 743-745.

релативната близина со Англија, велшката култура со своите келтски примеси била далеку поразлична, истакнувајќи се со посебен јазик, обележја и традиција. Имале свои легенди, поезии, музики и песни, и благодарение на оваа уникатност, територијата задржала голем дел од својата автономија.[250]

Актот за унија од 1536 година ги обединил целите и политиките на Велс и Англија, а самиот факт што ваков акт бил потребен речиси цели три века по неговото покорување, доволно ни говори за непокорливата положба на Велс и неговата уникатност како посебна територија во склоп на државата. Долготрајната соработка помеѓу двата народи ја зајакнала нивната врска, и иако Велс повеќе не поседувал сопствен правен систем, религиозни институции, ниту некаков главен државен центар, благодарение на богатата култура Велшаните не можеле да бидат така лесно асимилирани. Осумнаесеттиот век и реорганизацијата на парламентот, особено со шкотското обединување им дало можност на велшките претставници да забележат поголемо учество во политичките расправии, па парламентот започнува да брои сè повеќе Велшани како пратеници. Токму во овој период Велс се наметнува како рамоноправен партнер на Англија, што дополнително го зголемува значењето на нивната улога во државата и ја истакнува нивната посебност.[251]

### *Шкотска – северниот ветар*

Споменавме каква беше улогата на Шкотска во пресрет на создавањето на Кралството Велика Британија. Шкотланѓаните никогаш не беа покорени од Англичаните. Напротив, тие ѝ дадоа крал на Англија, а по колонијалната катастрофа се согласија да бидат управувани од Лондон, во замена за економска добросостојба. Всушност, терминот „управувани“ и не е најсоодветен во овој контекст, со оглед на тоа што во осумнаесеттиот век буквално имаме англиско-велшко-шкотски парламент.

Благодарение на финансискиот стимул, Шкотска се решава да инвестира во

[250] W. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IV*, 684-685.
[251] L. Colley, *Britons: Forging the Nation*, 12-18 и 49-53.

образованието на својот народ, што резултира со шкотското просветителство преку ликот и делото на Дејвид Хјум и Адам Смит. Паралелно, Шкотска навистина доживува трансформација благодарение на унијата. Влијанието на трговијата и индустријата постепено го заменуваат традиционалното феудално општество кое сè уште преовладува на почетокот на осумнаесеттиот век. Шкотланѓаните ги прифаќаат англиските економски идеи, се стекнуваат со средна класа која ќе биде нејзин главен двигател, а досегашните англиски колонии стануваат пазар преку кој Шкотска може дополнително да просперира. Меѓутоа, и покрај овие придобивки, шкотската традиција не дозволува да се заборави сеќавањето на старата монархија и останува главен поддржувач на реставрацијата на династијата Стјуарт и политичките цели на Јакобитите.[252]

Причина за анимозитет помеѓу Англичаните и Шкотланѓаните претставувало и верувањето дека англиските трговци добиваат предност во однос на шкотските. Меѓутоа, дополнително влијание врз шкотската добросостојба извршила индустриската револуција. Во јужниот дел се развива текстилната индустрија, а Глазгов забележува популациски бум поради неговата трговска пристапност, на некој начин потсетувајќи на Лондон со шкотски примеси. Разликата е во тоа што додека Глазгов предничел во поглед на трговијата и економијата, Единбург е градот каде биле сконцентрирани шкотската аристократија, интелектот и уметноста, но и религијата. Шкотската религија ја претставува најголемата разлика помеѓу Шкотска и Англија. Во осумнаесеттиот век, ниедно друго место освен Шпанија не предничело во религиозноста колку што тоа било случај во Шкотска. Тие имале посебна црква која се темелела на калвинистички принципи,[253] а парохиите распространети низ државата имале огромно политичко влијание. Тешкотијата да се надминат разликите помеѓу традиционалните религиозни сфаќања и можноста за поголеми економски придобивки доколку се дозволи поголема слобода за развој на бизнисот и трговијата се главната причина за радикалниот бран на просветителството кое земало зафат. На овој начин,

---

[252] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IX,* 107-109.

[253] Калвинизмот е радикално движење кое се појавило во шеснаесеттиот век. Предводено од Џон Калвин, тоа претставува гранка на протестантството во обид да се отргне од стегите на католичките норми и принципи. Англија ќе го прифати протестантството, но не по калвинистички принципи, што претставува уште една разлика помеѓу двете држави.

просветителството ќе ја одигра клучната улога за создавање на мост помеѓу двете страни, со цел да обезбеди можност за шкотски просперитет, движење кое најдобро може да се забележи во економските теории на Адам Смит и острите критики од Дејвид Хјум.[254]

## *Ирска – бездна на безнадежност*

Англиски пробивања на островот Ирска може да се забележат уште во дванаесеттиот век, по што редица неуспешни одбрани на домашната војска од доминантната англиска армија постепено ги ускратувале слободите кои ги уживале Ирците при својата самоуправа. Во екот на протестантството во Англија бил создаден огромен анимозитет спрема католичките Ирци, со особено изразита политика на нивно „декатолицизирање“ од страна на династијатата Стјуарт.[255] Хенри VIII го распуштил кланскиот раководнички систем на островот и ја прогласил Ирска за кралство, а себеси за нејзин крал. Поради тоа, стекнувањето на титулата крал на Велика Британија со себе ја носело и титулата крал на Ирска, а формално правно кралството Ирска се сметало за посебна држава.[256] Религиозното крвопролевање оставило голема дамка врз развојот на оваа територија, особено по 1560 година кога било воспоставено уште поголемо протестантско присуство на територијата преку конфискација на католичките поседи и колонизација на дел од областите.[257]

Навистина, по овој период, Ирците трпеле голема опресија. Земјата била контролирана од протестантски земјосопственици кои се однесувале деспотски спрема тамошниот народ, третирајќи ги земјоделските работници како робови. Ирците плаќале ренти на своите господари, даноци на омразената протестантска црква, а живееле на работ од глад. Британскиот парламент имал целосна контрола врз Ирска, и ги уништувал сите обиди да се развие некаква индустрија која ќе конкурира на британската. Спречувале и трговија со надворешни земји, а

---

[254] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X*, 762-763.
[255] P. Levine, *The British Empire: Sunrise to Sunset*, 2.
[256] Will Durrant, *The Story of Civilization, Vol. VI - The Reformation (*New York: Simon and Schuster, 1957), 570.
[257] P. Levine, *The British Empire: Sunrise to Sunset*, 2-3.

сите продукти морале да бидат извезувани и увезувани преку Англија, со посебни тарифи кои ќе ѝ одговараат на Велика Британија. Еден од најголемите борци за правата на Ирците е Џонатан Свифт (1667-1754), писател-сатирист кој долго време користел псевдоними, и го промовирал принципот дека „владеење без дозвола на владеаните е дефиниција на ропството“. Делата на Свифт дале некаква надеж кај ирскиот народ, иако отпорот бил речиси невозможен поради тоа што ирскиот парламент бил целосно составен од Ирци протестанти потчинети на британскиот парламент. Ограничените интелектуални кругови пребегнувале кон Франција, Шпанија или Америка, а оние кои останувале потпаѓале под влијание на криминал или врз питачки стап, резултирајќи со земја во која владее сиромаштија и хаотично безредие, ужасна и срамна слика дури и за тогашни стандарди.[258]

Спасот за ирската закрепостеност и немаштија ќе биде пронајден во развојот на технологијата преку појавата на индустриската револуција. Дел од земјоделието ќе биде заменето со производствени фабрики за лен, волна, памучни добра, свила и стакла. Хенри Гратан (1746-1820) е ирски протестант кој успеал да се избори за умерено намалување на британските рестрикции дури кон крајот на осумнаесеттиот век, дозолувајќи доволно слобода за да се создаде средна класа, клучна за општествениот напредок. Директен виновник за можноста Ирците да наметнат свои услови бил револтот на тринаесетте колонии. Британските прозводители имале поголема потреба да ги пласираат своите продукти во Ирска за време на кризната ситуација низ текот на војната, но Ирците ги бојкотирале англиските продукти, барајќи целосна слободна трговија без рестрикции и даноци. Бојкотот успеал, и во 1779 година бил донесен „Актот за слободна трговија“. Овој акт бил од поголема корист на Ирците протестанти отколку на католиците, но претставувал појдовна точка од каде што и католичките жители ќе можат да го бараат својот удел и учество на пазарот. Меѓутоа, зголемената борба за права и слобода ќе бидат засилени дури во втората половина од деветнаесеттиот век. До крајот на овој период, Ирска ќе остане во речиси целосна зависност и фактичко ропство од страна на суровата британска

[258] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. IX*, 103-107.

политика.[259]

| Население во 1780 година | |
|---|---|
| Англија | 7,000,000 |
| Велс | 430,000 |
| Шкотска | 1,400,000 |
| Ирска | 4,050,000 |
| Вкупно | 12,980,000 |

[260]

Четири народи обединети во една заедничка сфера на влијанија, секоја од нив со сопствена култура, историја и традиција. Меѓусебниот однос е резултат на различни искуства и политички гледишта, па во овој период тие поминуваат низ една фаза која засекогаш остава печат врз начинот на кој што функционираат сè до денешницата.

Постоењето на Кралството Велика Британија истовремено ги истакнува разликите, но и ги зајакнува врските помеѓу Англија, Велс и Шкотска. Засилената трговска поврзаност, масовното производство и книжевноста успеваат да анулираат дел од нивните културолошки разлики и да ги доближат поблиску едни до други, се разбира поради потреба од економските придобивки. Ирска во овој период останува надвор од оваа групација како посебен ентитет, но кон крајот на осумнаесеттиот век станува евидентно дека и нејзиниот развој се движи во иста насока. Втората Британска Империја ќе преземе нови чекори во поглед на ирското прашање, а Викторијанската Ера ќе претставува ново поле за разрешување на старите проблеми.

[259] W. & A. Durrant, *The Story of Civilization, Vol. X*, 759-762.
[260] K. O. Morgan, *The Oxford History of Britain*, 477.

# Заклучок

Британските острови во осумнаесеттиот век влегоа политички, религиозно и културолошки поделени. Вториот најголем остров, Ирска, заостануваше на економски и технолошки план заради својата релативна неразвиеност во однос на останатите фактори во регионот, поради што бил и експлоатиран од нив. Кралствата на Англија и на Шкотска, како што тие знаат да кажат „двата народа кои Бог ги оставил на исто копно“, ја играа главната улога на големиот остров наречен Велика Британија. И покрај нивните несогласувања на повеќе општествени полиња, заедничките економски интереси ги принудија да делуваат обединето на политички план. Унијата од 1707 г. се покажа како клучна за остварување на целта на народот да остане во чекор со останатите европски сили.

Настаните кои го опкружуваат британското кралство во првата половина од осумнаесеттиот век ја претставуваат токму таа транзициона фаза од една држава со потенцијал за големи остварувања, во држава која е моќна сила. За време на Војната за шпанското наследство, Британците не беа во заблуда дека се дел од некаков си голем сојуз во кој треба да дејствуваат обединето и компактно. Напротив, нивната примарна цел секогаш беше остварување на своите интереси. Стекнувањето на Гибралтар и Минорка уште во раната фаза од војната беа вистински доказ за тоа. Дополнително, преземајќи голем товар и на копно и по море, Британците се најдоа во позиција да имаат најголемо влијание во мировните договори. Пред 1713 г. тие секогаш стравувале од проширување на француското или хасбуршкото влијание врз Холандија, бидејќи тамошниот регион е нешто најблиску до тоа што би можеле да го наречеме „порта“ за влез во Британија. По мировните договори во Утрехт, оваа порта беше фактички заклучена.

На овој начин, Британија успева да се избори за своето место како голем играч на политичката карта, а амбициите со кои се стекнува по нејзиното вивнување резултираат со глобални, наместо регионални конфликти. Војната за австриското наследство и Седумгодишната војна се еден вид „светски војни пред

Првата и Втората светска војна", и претставуваат бојно поле за доминација помеѓу Велика Британија и Франција, директна борба за хегемонија врз познатиот свет, конфликт каков што често забележуваме низ историјата помеѓу две ривалски сили кои доминираат во исто време.

Велика Британија од овие војни излегува како доминантна сила со дефинирана цел и политика, но и со технолошки унапредувања кои предизвикуваат завист кај останатиот свет. Ваквата поставеност ѝ го отвора патот за воспоставување на вистинска империја, ставајќи разни територии и поседи под нејзината круна, но и за доминација врз светската економија. На овој начин таа остава драстично политичко, културно и лингвистичко наследство врз овие поседи, но и врз останатите земји кои почнуваат да го впиваат нејзиното влијание на сметка на сопствената култура. Осумнаесеттиот век е основата врз која ќе се надградува империјата. Промената на нејзиниот фокус кон исток, а истовремено одржувајќи ги врските со запад, ќе ѝ овозможат да го провее своето знаме на сите страни.

Добата на пловидбата и јасниот факт дека поморската трговија станува императив за секоја држава резултира со создавање на „светска економија" и појава на ран капитализам. Државните предводници разбираат дека на некој начин го имаат светот на дланка, бидејќи секоја територија, колку и да е блиску или далеку, може да се стави под контрола за да се остварат економски интереси. Велика Британија се стекнува со предност поради веќе развиената морнарица и способноста за пловидба, но и поради тоа што успева значително да отскокне од останатите држави во поглед на нејзината моќ, токму во пресрет на оваа нова идеја.

Развојот на британското општество, англиско-велшко-шкотската интеграција во една обединета сила, отворањето на вратите на капитализмот, зголеменото производство и наметнувањето на светскиот пазар ни говорат многу за тоа во што прераснала Британија. И самото британско копно, развојот на Лондон и патиштата, како и подемот на новите градови, ја прават државата естетски поразлична од она што била претходно. Велика Британија се стабилизирала на внатрешен план, започнала да го шири влијанието на надворешен план, а

нејзиното општество ги уживало придобивките од успешната политика. Создавањето на ваква компактна држава го сигнализира последниот чекор и насока во која таа ќе се движи низ деветнаесеттиот век, и ќе се дефинира како „империјата во која сонцето никогаш не заоѓа“.

## Користена литература


**Allen R.** (2009). *The British Industrial Revolution in Global Perspective*; Cambridge: Cambridge University Press.

**Anderson M.** (1987). *Europe in the Eighteenth Century: 1713-1783*; London: Longman Group UK Limited; Third Edition.

**Anderson M.** (2003). *The War of the Austrian Succession 1740-1748*; New York: Routledge.

**Black J.** (2000). *A System of Ambition? British Foreign Policy 1660 – 1793*; Phoenix Mill – Stroud – Gloucestershire: Sutton Publishing Limited; 2nd edition.

**Black J.** (2001). *Eighteenth Century Britain 1688-1783*; Hampshire and New York: Palgrave.

**Black J.** (2015). *The Atlantic Slave Trade in World History*; New York: Routledge.

**Black J.** (1999). *Warfare in the Eighteenth Century*; London: Cassell.

**Bourne E.** (1906). *The Northmen, Columbus and Cabot, 985-1503*; New York: Charles Scribner's Sons.

**Bromley. J.** (2008). *The New Cambridge Modern History, Vol. VI: The Rise of Great Britain and Russia: 1688-1715/25*. Cambridge: Cambridge University Press, Cambridge Histories Online.

**Canny. N.** (1998). *The Oxford History of the British Empire, Vol. I. The Origins of Empire. British Overseas Enterprise to the close of the Seventeenth Century*; Oxford: Oxford University Press.

**Coffman D. – Leonard A. - O'Reilly W.** (2015). *The Atlantic World*, London and New York: Routledge.

**Colley L.** (2005). *Britons: Forging the Nation 1707-1837*; New Haven and London: Yale University Press.

**Durrant W.** (1950). *The Story of Civilization, Vol. IV - The Age of Faith*; New York: Simon and Schuster.

**Durrant W.** (1957), *The Story of Civilization, Vol. VI - The Reformation*; New York: Simon and Schuster.

**Durant W. - Durant. A.** (1961). *The Story of Civilization, Vol. VII: The Age of*

*Reason Begins.* New York: Simon and Schuster.

**Durant W. - Durant. A.** (1963). *The Story of Civilization, Vol. VIII: The Age of Louis XIV*. New York: Simon and Schuster.

**Durant W. - Durant. A.** (1965). *The Story of Civilization, Vol. IX: The Age of Voltaire*. New York: Simon and Schuster.

**Durant W. - Durant. A.** (1967). *The Story of Civilization, Vol. X – Rousseau and Revolution*; New York: Simon and Schuster.

**Goodwin A.** (2008). *The New Cambridge Modern History Vol, VIII. The American and French Revolutions 1763-1793*; Cambridge: Cambridge University Press.

**Handy A.** (1996). *The Golden Age of Sail*; New York: Todtri Productions Limited.

**Harland J.** (1984). *Seamanship in the Age of Sail*; London: Conway Maritime Press.

**Hudson P.** (2014). *The Industrial Revolution*; Bloomsbury Publishing Plc; Electronic Edition.

**Kennedy P.** (1998). *The Rise and Fall of the Great Powers: Economic Change and Military Conflict from 1500 to 2000*, London: Unwin Hyman Limited.

**Levine P.** (2007), *The British Empire: Sunrise to Sunset*; Harlow: Pearson Education Limited.

**Lindsay. J.** (2008). *The New Cambridge Modern History, Vol. VII: The Old Regime: 1713-1763*. Cambridge: Cambridge University Press, Cambridge Histories Online.

**Little B.** (2016). *The Golden Age of Piracy: The Truth Behind Pirate Myths*; New York: Skyhorse Publishing.

**Love R.** (2008), *The Enlightenment*; Westport: Greenwood Press.

**Marshall. P.** (1998). *The Oxford History of the British Empire, Vol. II. The Eighteenth Century.* Oxford: Oxford University Press.

**Marston D.** (2001). *The Seven Years' War*; Oxford: Osprey Publishing.

**More C.** (2000). *Understanding the Industrial Revolution*; New York: Routledge.

**Morgan K.** (2010). *The Oxford History of Britain*. Oxford: Oxford University Press; Revised Edition.

**Porter. R.** (1990). *English Society in the 18th century*. London: Penguin Books;

Revised Edition.

**Porter R.** (2000). *Enlightenment: Britain and the Creation of the Modern World*; London: Penguin Books.

**Porter R.** (1990). *The Enlightenment*; London: Macmillan Press LTD.

**Rediker M.** (2014). *Outlaws of the Atlantic: Sailors, Pirates and Motley Crews in the Age of Sail*; Boston: Beacon Press.

**Rediker M.** (2004). *Villains of All Nations: Atlantic Pirates in the Golden Age*; Bolton: Beacon Press.

**Rubio. X.** (2011). *God Save Catalonia! England's Intervention in Catalonia during the War of the Spanish Succession.* Llibres de Matrícula; Digital Edition.

**Thomas. C**. (2003). *The South Sea Bubble. Student Economic Review, Vol. 17*. Univesity of Dublin, Trinity College.

**Thomas. H.** (1999). *The Slave Trade: The Story of the Atlantic Slave Trade: 1440-1870*. New York: Simon & Schuster.

**Treasure G.** (2003). *The Making of Modern Europe, 1648-1780*; London and New York: Routledge.

**Wagner M.** (2008). *The Seven Years War: Global Conflict and the Colonial Perspective*; The University of Arizona.

**Wiesner-Hanks M.** (2013). *Early Modern Europe 1450 -1789*; Cambridge, Cambridge University Press; Second Edition.

# Содржина


**Предговор** ... 2

**Вовед** ... 4

**Обединувањето на Британија** ... 7

**Учеството во Војната за шпанското наследство** ... 12

*Причини за војната, улогата на Англичаните, и нејзиниот почеток* ... 12

*Воените придобивки и зацврстување на моќта* ... 14

*Завршна фаза* ... 17

*Мировните договори и нивното значење за Велика Британија* ... 19

**Почеток на Грегоријанската ера, економска реорганизација и Роберт Волпол** ... 21

*Ториевци (Tories) и Виговци (Whigs)* ... 21

*Јужноморската компанија* ... 23

*Роберт Волпол* ... 26

*Карактерот на владетелите – Џорџ I и Џорџ II* ... 28

**Политички систем** ... 30

*Министерството, Државните Секретари и дипломатите* ... 30

*Парламентот, Домовите и гласачите* ... 32

**Тестирање на британската и француската моќ преку Војната за Австриското наследство** ... 35

*Закана од Јакобитите и претпазлива надворешна политика* ... 35

*Војната за Џенкинсовото уво – Вовед во Војната за автриското наследство* ... 36

*Британскиот аспект* ... 38

*Судир со Франција* ... 40

*Мировни преговори во Ахен* ... 44

**Дипломатска тензија и предвечерие за конечна пресметка со Франција** ... 48

*Браќата Пелхам, консолидирање на британскиот систем* ... 48

*Дипломатска револуција* ... 50

*Вилијам Пит - Постариот* ... 52

**Седумгодишната војна** ... 54

*Завземање на страни. Цели и интереси* ... 54

*Војна за светска империја* ... 55

*Жнеење на придобивките во мировните преговори* ............ 59
**Значењето на колониите и развојот на трговијата** ............ 61
*Колониите* ............ 61
*Трговијата* ............ 63
**Американската независност и нејзиното влијание врз моќта на Велика Британија** .. 67
*Џорџ III* ............ 67
*Тринаесетте колонии – Соединетите Американски Држави* ............ 69
*Британска воена реакција и француската одмазда* ............ 74
*Консолидирање на своите загуби и поглед кон нови хоризонти* ............ 76
**Велика Британија – лулка на индустриската револуција** ............ 79
*Дефинирање на поимот и условите за револуцијата* ............ 79
*Иновации и иноватори* ............ 81
*Влијание и последици* ............ 82
**Британското општество и начинот на живот** ............ 86
*Секојдневниот живот* ............ 86
*Општествен поредок* ............ 90
*Доба на пловидба, пиратерија и живот на море* ............ 93
**Култура и филозофија** ............ 98
*Просветителство* ............ 98
*Образование и книжевност* ............ 101
**Држава на три народи и ирската релација** ............ 104
*Лондон – олицетворение на Англија* ............ 104
*Велс – од сенка до рамноправност* ............ 105
*Шкотска – северниот ветар* ............ 106
*Ирска – бездна на безнадежност* ............ 108
**Заклучок** ............ 111
**Користена литература** ............ 114
**Содржина** ............ 117